**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

**НА РЕКТОРОТ**
**ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ,**
**ЗА ПЕРИОДОТ 16 СЕПТЕМВРИ 2017 – 30 СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

**Скопје, октомври 2018**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-1084/2-1
27.11.2018 година
Скопје

30. 11 2018

08 6894/1

**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Почитувани,

Согласно член 99, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македоннија" бр. 82/2018), до Собранието на Република Македонија, како основач на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го доставувам Извештајот на ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот од 16 септември 2017 година до 30 септември 2018 година, во електронска форма (CD). По излегувањето од печат, Извештајот дополнително ќе ви го доставиме и во материјална форма.

Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје беше разгледан и усвоен од страна на Универзитетскиот сенат на 26. седница одржана на 27.11.2018 година.

Во прилог на овој допис, Ви ја доставувам и Одлуката бр. 02-1084/2 од 27.11.2018 година на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за прифаќање на Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со почит,

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Прилог:
- Извештај во електронска форма (CD).
- Одлука бр. 02-1084/2 од 27.11.2018 година

Изготвил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ..... **7**
**АКТИВНОСТИ** ..... **9**
АКТИВНОСТИ ВО ТЕК ..... 9
РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ..... 10
**НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** ..... **15**
ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ ..... 22
ИЗБОР НА ДЕКАНИ И ДИРЕКТОРИ ..... 23
ИЗБОРИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ И НАУЧНИ ЗВАЊА ..... 23
ВИЗИТИНГ-ПРОФЕСОРИ (ПО НОВИОТ ЗВО – ВИЗИТИНГ-НАСТАВНИЦИ) ..... 24
ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ..... 25
ВРШЕЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ НА ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СТРАНСТВО ..... 25
АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА И УМЕТНИЦИ ..... 26
ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA) ..... 26
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДРУГИ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ..... 26
КАДРОВСКИ ПРАШАЊА ..... 27
БИЛТЕН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..... 28
ИМОТНОПРАВНИ РАБОТИ ..... 28
ИНВЕСТИЦИОНО-ТЕХНИЧКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ..... 29
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** ..... **31**
РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ ..... 31
*Уписна политика* ..... *31*
Реализација на запишувањето студенти на прв и на втор циклус студии во академската 2017/2018 година ..... 32
Подготовка и објавување конкурси за запишување студенти на прв и на втор циклус студии во академската 2018/2019 година ..... 35
*Усвојување проекти за студиски програми од прв и од втор циклус студии* ..... *38*
*Преглед на усвоени проекти за студиски програми од прв и од втор циклус студии во академската 2016/2017 година* ..... *38*
Прв циклус студии ..... 38
Втор циклус студии ..... 43
ОТВОРЕН ДЕН „ЗАПОЗНАЈТЕ ГО УКИМ“ ..... 58
УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР ..... 58
МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО ОКТА ..... 59
ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ ..... 60
*Конституиран нов Стручен совет за докторски студии* ..... *60*
*Стручен совет за докторски студии* ..... *60*
Проекти од трет циклус студии ..... 60
Конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2018/2019 година ..... 64

Реализација на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2017/2018 година. ........ 67
*Предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување* ........ *70*
Реализација на докторски семинари и годишни конференции во зимски и летен семестар во академската 2017/2018 година. ........ 70
Работен состанок на Стручниот совет за докторски студии и раководителите на студиските програми на трет циклус - докторски студии ........ 71
Академски календар на Школата за докторски студии ........ 71
Ментори на трет циклус ........ 72
**ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 73**
**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 79**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД УКИМ ВО АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА ........ 79
МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА ........ 83
ТРИБИНА ПОД НАСЛОВ: НАУКАТА ВО РМ И НЕЈЗИНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ........ 96
ТРИБИНА ЗА ИДНИНАТА НА НАУКАТА ........ 97
НАУЧНИ ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ПРЕСТИЖНИ СПИСАНИЈА ........ 97
АЛУМНИ ........ 114
ДОДЕЛЕНИ ТИТУЛИ И НАГРАДИ ........ 115
*Доделување на звањето почесен доктор на Универзитетот ........ 115*
*Награди за најдобро дипломираните студенти ........ 115*
*Награда „26 јули – Франк Манинг“ ........ 120*
ПРОМОЦИИ НА ДОКТОРИ НА НАУКИ ........ 121
АКЦЕЛЕРАТОР ........ 121
ИНОФЕИТ ........ 122
ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА АКАДЕМИЈА ПРИМА ........ 123
ENTERPRISE EUROPE NETWORK (EEN) ВО МАКЕДОНИЈА – ЕЕН-МАКЕДОНИЈА ........ 123
**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 127**
УЧЕСТВО ВО ЕРАЗМУС+ ПРОГРАМАТА ........ 127
*Влијание на програмата ЕРАЗМУС+ ........ 128*
*ЕРАЗМУС+ мобилности ........ 129*
СТУДЕНТИ ........ 129
НАСТАВЕН КАДАР ........ 133
*Влезни ЕРАЗМУС+ мобилности ........ 134*
СТУДЕНТИ ........ 134
НАСТАВЕН КАДАР ........ 134
*ЕРАЗМУС+ меѓуинституционални договори ........ 135*
*Летна студентска ЕРАЗМУС+ практика/стажирање за академската 2017/2018 година ........ 141*
РЕГИОНАЛНИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ МРЕЖИ ........ 142

НОВОПОТПИШАНИ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ 2017- 2018 ............................143
ОДРЖАНО 27. ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА УНИКА ..........................................144
СВЕЧЕНО ОТВОРЕН ПРВИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР ЗА ФРАНКОФОНИЈА ..................................................................................................145
ОДРЖАН ПРВИОТ РЕКТОРСКИ ФОРУМ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ...........................................................................................146
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА ......................................................................147
ИНСТИТУТ „КОНФУЦИЈ“ .......................................................................154
*Настава* ........................................................................................*154*
*Воннаставни активности* ..................................................................*155*
Културни настани и манифестации ................................................ 155
Меѓународна соработка и конференции ......................................... 158
РУСКИ ЦЕНТАР ...................................................................................162
**ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ И ДРУГИТЕ ФУНКЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ................................................................165**
I. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ФУНКЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..........................................................................165
*Научноистражувачка дејност* ..........................................................*165*
Научноистражувачки проекти ........................................................ 165
Организирање научни собири, печатење списанија и други активности поврзани со науката ........................................................................ 166
*Културни и спортски активности* .....................................................*167*
*Капитални инвестиции* ....................................................................*167*
*Други дополнителни активности* .....................................................*168*
*Информатички систем – хардвер и софтвер* ....................................*168*
*Солидарен фонд* ..............................................................................*169*
*Студентски стипендии* .....................................................................*169*
*Меѓународна соработка* ...................................................................*170*
*Издавачка дејност* ............................................................................*170*
II. КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ЗА ИНФОРМАТИЧКИ, КУЛТУРНИ, СПОРТСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..........................................................................171
III. ДОМ ЗА ДОКТОРАНДИ „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“ И ЛЕКТОРСКА ЗГРАДА .....................................................................173
IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДот 16 СЕПТЕМВРИ 2017 – 1 октоМВРИ 2018 ГОДИНА ........................174
*Краток осврт на активности во периодот 16.9. - 31.12.2017* ...............*174*
*Краток осврт на активности во периодот 1.1. - 1.9.2018* .....................*175*
**УНИВЕРЗИТЕТСКИ КОМПЈУТЕРСКИ ЦЕНТАР ...................................177**
ОПТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА НА УКИМ .................................................178
КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА....................................179
IKNOW-СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ СТУДЕНТСКИ СЕРВИСИ ..................180
ЈАВНИ НАБАВКИ ....................................................................................181

ПОДДРШКА ВО РАБОТЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО РЕКТОРАТОТ ........ 181
**ПЕТТА НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА НА УКИМ ........ 183**
**УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО „СТУДЕНТ ФМ 92,9“ ........ 187**
**СПОРТ ........ 189**
ПЛАНИНАРСКА ТУРА, СПОРТСКА ХУМАНИТАРНА И ЕКОЛОШКА МАНИФЕСТАЦИЈА ........ 189
**ФОНДАЦИИ ........ 191**
АТАНАС БЛИЗНАКОФ, ПЕТАР СТАМАТОФ И КОНСТАНТИН СТОЈАНОВ ........ 191
**СВЕЧЕНО ЧЕСТВУВАЊЕ НА ПАТРОНИТЕ И 68-ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ........ 193**
**АКАДЕМСКО КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО „МИРЧЕ АЦЕВ“ ........ 195**
АКАДЕМСКИ ХОР ........ 195
АНСАМБЛ ЗА НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ........ 196

# ВОВЕД

Во согласност со одредбите од Законот за високото образование, ректорот го поднесува овој Извештај  за својата работа и за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **за периодот од 15 септември 2017 до 30 септември 2018 година.**

И во овој извештаен период, Универзитетот преку обединување на функциите на единиците во својот состав, спроведува единствена политика, чија цел е постојано унапредување на високообразовната дејност, односно унапредување на квалитетот на наставата, усовршување на научноистражувачкиот и уметничкиот подмладок, воведување на студентите во научноистражувачката и апликативната работа, како и обезбедување материјални услови за работа и развој на Универзитетот.

Целокупните активности во изминатиот двегодишен период беа насочени во продолжување на започнатите процеси и активности, како и преземање нови активности со цел реализација на новиот Закон за високото образование од мај 2018 година.

Поголемиот дел од планираните активности се завршени, додека другите се сè уште во тек, заради усогласувањето со новиот Закон за виското образование, чија имплементација ќе потрае и во наредниот период.

Како и досега, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје продолжува да се соочува со низа ограничувачки фактори кои негативно се одразуваат врз динамиката и степенот на реализацијата на целите и задачите кои придонесуваат за позабрзан и посеопфатен развој на високообразовната дејност. Намалената финансиска поддршка за имплементација на болоњските принципи на студирање, немањето мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи, намалувањето на финансиските средства за научноистражувачката дејност на факултетите и на научните институти, прашањето на неадекватно кадровско обновување и сл., се одразуваа на остварувањето на определбите на Универзитетот да го добие заслуженото место на светските ранг-листи на универзитети.

# АКТИВНОСТИ

## *АКТИВНОСТИ ВО ТЕК*

За остварување на целокупната визија за најстар и најдобар универзитет во земјава, кој се стреми кон повисоки ранг-позиции и меѓу странските универзитети, неизбежни се остварувања на приоритетни цели. За поставување на тие цели и приоритети, како и за утврдување на деталите за активностите кои треба да се извршат, во завршна фаза е **изготвување на Стратегија** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2017/2018 - 2022/2023.

Започнат е процес на усогласување на планираните активности и оние што се веќе во тек, во сите сегменти на високообразовната дејност, согласно со одредбите од новиот Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018). Во моментот течат постапките за донесување на повеќе нови правилници заради усогласување со новите законски решенија:

- Правилник за посебните услови и постапката **за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Правилник за **утврдување на вредноста на час/работа** на наставниот, научниот и соработничкиот кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје при учество во меѓународни научноистражувачки проекти;
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и **студирање на прв и втор циклус** студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и **студирање на трет циклус студии - докторски студии** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- други акти согласно со новиот Закон за високото образование и други прописи поврзани со високото образование.

Во 2019 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје одбележува 70 години од своето основање. Со цел достојно одбележување на седумдецениското простоење и развој, како и оддавање заслужна почит на патроните на нашиот Универзитет – сесловенските просветители, солунските браќа Кирил и Методиј, Универзитетот ги започна организациските и подготвителните работни активности за издавање на монографија, чиј концепт ќе ги содржи и досегашните традиционални содржини: историските исходишта на Универзитетот, неговото основање, развој и

подем, слика на сегашната структура итн. Монографијата ќе биде двојазична, односно ќе се отпечати на македонски и на англиски јазик.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на Програмата за одбележување на 70-годишниот јубилеј, предвидува и изработка на документарен филм кој ќе го рефлектира 70-годишниот развоен пат и подем на Универзитетот и, едновремено, и развојот на високото образование и науката во нашата држава. Во таа насока, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Македонската радио-телевизија, во соработка, преку Меморандум за соработка, ги започнаа активностите за изработка на овој филм, продолжувајќи ја веќе востановената соработка од 1999 и 2009 година, кога по повод одбележувањето на златниот 50-годишен и по повод 60-годишниот јубилеј, МРТВ изготви пригодни документарни филмови, користејќи ги своите архивски материјали и, секако, стручниот кадар.

Во континуитет течат активности за **дооформување на бази на податоци на Универзитетот**.

Во насока на надминување на проблемите со кои Универзитетот се соочува во однос на **вработувањата на наставно-научниот и научниот подмладок и административниот кадар** на Универзитетот, преку анализа на постојните законски решенија и потребите на единиците, во континуитет се доставуваат барања за давање согласности да се обезбеди научен подмладок.

Поради потребата од поефикасно и ефективно делување во рамките на интегриран универзитет, се работи на **изготвување на единствен сметководствен систем на Универзитетот.**

Во тек се анализи за состојбите и изготвување предлог-насоки за постапување со предметите кои се однесуваат на **корисничкото право на градежното земјиште** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кое не е во негово фактичко владение, а за кое се водат постапки, во најголем дел, од страна на физички лица заради остварување на одредени права.

## *РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ*

Универзитетот активно учествуваше во процесот на донесување на **новиот Закон за високото образование** преку давање на свои забелешки и сугестии, во насока на подобрување на законските решенија.

За таа цел, Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје изработи текст на свои предлози кои ги достави на јавна расправа на единиците, при што беа утврдени конечни предлози во кои се инкорпорирани голем дел од утврдените забелешки,

мислења, предлози и сл. од единиците. Предлозите, во форма на одредби, беа доставени до Министерството за образование и наука.

По достапноста на текстот на Нацрт-законот за високото образование на единствениот национален регистар на прописи-ЕНЕР на 18.12.2017 година, тој беше доставен за расправа на наставно-научните/научните совети на единиците во состав на Универзитетот. Текстот на Нацрт-законот и забелешките од единиците беа разгледани на заедничка седница на Универзитетскиот сенат и на Ректорската управа. Забелешките на концептот на Нацрт-законот и забелешките кои значат специфика на единиците беа доставени до Министерството за образование и наука за натамошна надлежност.

Забелешките беа насочени кон донесување на квалитетен закон, лесно применлив, и со кој би се надминале постојните проблеми со кои во изминатиот период се соочуваше високото образование.

Во врска со **Нацрт-сеопфатната стратегија за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година и нејзиниот Акциски план**, доставена од Министерството за образование и наука, Ректорската управа и Универзитетскиот сенат на Универзитетот одржаа заедничка вонредна седница. Заради многу краткото време за изјаснување и давање на посуштински забелешки, на седницата беше заклучено да се испрати писмено барање до Министерството, за обезбедување на дополнителен рок од еден месец за произнесување по овој документ.

Исто така, беше искажана потребата од доработка на предложената Нацрт-сеопфатна стратегија, поради што Универзитетот ги става на располагање своите кадри.

Врз основа на одредби од новиот Закон за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје имаше обврска да донесе **нов Статут на Универзитетот**, во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон, односно најдоцна до 16.8.2018 година.

Во законски предвидениот рок беше изготвен Нацрт-статут, кој беше доставен на јавна расправа пред академската заедница.

Предложениот Статут беше донесен преку органите и телата на единиците и органите и телата на Универзитетот (наставно-научните/научните совети, Ректорската управа и Универзитетскиот сенат), со што единиците во состав на Универзитетот јасно ја изразија својата волја за изградба на самостоен, автономен и интегриран универзитет, во согласност со нашите закони и конвенции што важат во Европската Унија.

Согласно со член 16, став 3 од Законот, согласност на статутот на јавниот универзитет дава Собранието на Република Македонија. Статутот на Универзитетот е

доставен во надлежност на Собранието на Република Македонија на 5.7.2018 година. Согласност на Статутот од Собранието сѐ уште не е добиена.

Во насока на усогласено функционирање во рамките на интегриран универзитет, беше изготвен **Модел-статут на единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**. По претходно мислење од Комисијата за нормативна дејност на Универзитетот, приложениот текст на Модел-статутот беше доставен до факултетите, односно институтите, заради изготвување на статут на единицата во кој ќе бидат содржани нивните специфики.

Во насока на одржување и развој на функционалната интеграција на Универзитетот, изготвена е **универзитетска документација** истоветна за сите единици. Обрасците се достапни до сите единици преку универзитетскиот интранет. Во наредниот период, таа ќе се развива во континуитет и ќе биде усогласена со одредбите од новиот Закон за високото образование, новиот Статут на Универзитетот, статутите на единиците, како и со постојните законски и подзаконски прописи.

Со цел за поголема транспарентност и достапност на информации за услугите кои ги нуди Универзитетот со единиците во негов состав, завршена е првата фаза (во делот на наставата) од најавеното изготвување на **каталог на услуги на Универзитетот**. Остануваат уште деловите од каталогот на услуги поврзани со апликативната и научноистражувачката дејност.

На 14.4.2018 година, на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје беше отворен **Центарот за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ**, кој ќе биде центар за унапредување на науката, истражувањата, образованието, размена на информации за достигнувањата и искуствата во дејностите на факултетите и институтите на централно ниво, соработка во трансфер на знаења и сл. Центарот има за цел да ги поврзе академското образование и практичната експертиза и да ги подготови студентите за подобро справување со предизвиците во индустријата. Во правниот промет ќе работи под фирмата: Трговско друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ – Скопје.

Основано е друштво кое ќе работи според принципот на бизнис- акцелератор како едукативна програма со цел да го вклучи експертскиот кадровски потенцијал на Универзитетот во функција на сопственици на стартапи и слично. Во правниот промет ќе работи под фирмата: Друштво за финансиско-услужни дејности **ДЕЛОВНО-ТЕХНОЛОШКИ АКЦЕЛЕРАТОР УКИМ ДОО - Скопје**. Друштвото ќе врши дејности согласно со Законот за иновациска дејност. Еден од содружниците на ова друштво е Трговското друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ – Скопје, основано од Универзитетот.

Универзитетскиот сенат донесе Одлука за основање на **Трговско друштво за обуки ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА АКАДЕМИЈА ПРИМА ДОО - Скопје**, чии основачи се Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Целта на Друштвото е давање на стручно усовршување (обука) на вработените во јавниот и реалниот сектор како дел од нивното континуирано стручно усовршување; стручно усовршување (обука) на администрацијата; генерички обуки заради стручно усовршување согласно со рамките за општи компетенции; специјализирани обуки заради стручно оспособување согласно со посебните компетенции; обука на ментори; обуки за административно управување; подготовка на база на прашања за теоретскиот и практичниот дел на испитот; обуки за јакнење на вештините и капацитетите за вработените во јавниот и приватниот сектор кои вршат јавни служби и услуги; обуки за запознавање со најдобрите практики за добро управување во соработка со меѓународни институции и експерти, како и други обуки за потребите на јавните и приватните институции кои имаат потреба од нив. Соодветни експертски тимови, определени од соодветните единици на универзитетите, ќе подготвуваат и ќе реализираат програми за соодветни обуки. За спроведените обуки, Друштвото ќе издава сертификати. Обуките ќе ги реализираат наставно-научните работници од двата универзитета.

Врз основа на анализа на постојните законски решенија поврзани со високото образование и компаративни искуства беа изготвени **Стратегијата за управување со ризик (2018-2021)** и **Регистарот на ризици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**. Во овој стратешки план се содржани најважните цели, приоритети и активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2018-2021 година, а кои го сочинуваат ревизорскиот универзум за внатрешна ревизија на процесите и активностите што се поврзани со извршувањето на функциите на Универзитетот. Целите и активностите опфатени со Стратегијата за управување со ризици се базирани на приоритетите опфатени со Нацрт-стратегијата за развој на Универзитетот.

Составен дел на Стратегијата е Регистарот на ризици, кој произлезе од анализата на идентификуваните ризици на процесите што се реализираат во Централната стручна и административна служба – Ректорат, внатрешните организациони единици и единиците на Универзитетот. Регистарот на ризици произлегува од анализа на процесите и идентификација на ризиците од страна на вработените во Ректоратот, односно од страна на раководителите на одделенијата и внатрешните организациони едници на Универзитетот.

Во извештајниов период беа реализирани активности кои се дел од тековното работење на Универзитетот, и тоа во делот на нормативното уредување, кадровските прашања, имотноправните прашања, инвестиционо-техничките и др. активности,

издавачката дејност на Универзитетот и фондациите при Универзитетот, за што ќе стане збор во натамошниот текст на овој Извештај.

# НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Во рамките на работата на **органите на Универзитетот**, беа одржани 12 редовни и 2 вонредни седници на Универзитетскиот сенат. Ректорската управа одржа 10 редовни и 4 вонредни седници. Преку интензивно одржување на седници, активно работеа и комисиите, стручните и други работни тела, на кои беа проучувани и разрешувани прашања од дејноста на Универзитетот, факултетите и научните институти во негов состав.

На редовните и на вонредните седници на органите на Универзитетот, беа донесени повеќе акти, и тоа:

- Правилник за изменување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за постапката за издавање под закуп на недвижниот имот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- Правилник за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност;
- одлуки за изменување на Одлуката за составот и надлежностите на комисиите на Ректорската управа.

Спроведени се постапки за давање **согласности на акти на факултетите и институтите** во состав на Универзитетот, и тоа:

- согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Архитектонски факултет – Скопје (Анекс бр. 1);
- согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје (Анекс бр. 11);
- согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот за музичка уметност во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Анекс бр. 18);
- согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Анекс бр. 23);

- согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје (Анекс бр. 27);

- согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје (Анекс бр. 19);

- согласност на правилниците за изменување и дополнување на правилниците за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје усогласени со измените на Законот за административните службеници, и тоа:

    - *Архитектонски факултет - Скопје*
    - *Градежен факултет - Скопје*
    - *Економски факултет - Скопје*
    - *Машински факултет - Скопје*
    - *Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје*
    - *Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје*
    - *Природно-математички факултет - Скопје*
    - *Стоматолошки факултет - Скопје*
    - *Технолошко-металуршки факултет - Скопје*
    - *Факултет за ветеринарна медицина - Скопје*
    - *Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје*
    - *Факултет за драмски уметности - Скопје*
    - *Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје*
    - *Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје*
    - *Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје*
    - *Факултет за ликовни уметности - Скопје*
    - *Факултет за музичка уметност - Скопје,*
    - *Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје*
    - *Фармацевтски факултет - Скопје*
    - *Филозофски факултет - Скопје*

- *Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје*
- *Шумарски факултет - Скопје*
- *Економски институт - Скопје*
- *Земјоделски институт - Скопје*
- *Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје*
- *Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје*
- *Институт за сточарство – Скопје;*

- согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Економски институт - Скопје (Анекс бр. 24);

- согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Факултет за музичка уметност - Скопје (Анекс бр. 18);

- согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Технолошко-металуршки факултет - Скопје (Анекс бр. 10);

- согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Анекс бр. 27);

- согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје (Анекс бр. 9);

- согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Институт за сточарство - Скопје (Анекс бр. 28);

- согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

- согласност на Правилникот за изменувања и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

- согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Деловникот за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;

- согласност на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

- согласност на Правилникот за измена на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

- согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

- согласност на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за сточарство во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Анекс;

- согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделскиот институт во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Донесени се и значителен број на посебни одлуки кои се однесуваат на повеќе **прашања од значење за единиците** на Универзитетот, и тоа:

- Одлука за распишување интерен конкурс за распределба на средствата за културни и спортски активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017/2018 година;

- Одлука за распределба на средства за културни и спортски активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за 2018 година;

- Одлука за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017/2018 година;

- Одлука за доделување на средства за реализација на Програмата за информатички активности на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Одлука за доделување на средства за студенти со посебни потреби на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје од средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Универзитетски календар на активности и неработни денови во студиската 2018/2019 година;

- изменување на Универзитетски календар на активности и неработни денови во учебната 2017/2018 година;

- Одлука за доделување стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2018/2019 година;

- Одлука за усвојување на Програмата за работа на **Студентскиот парламент** за периодот 15.9.2016 - 14.9.2017 година и 15.9.2017 - 14.9.2018 година за **доделување средства за нејзина реализација;**

- Одлука за доделување на средства за реализација на Програмата за работа на Универзитетското радио *Студент ФМ 92,9* за 2018 година од средствата наменети за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Одлука за именување член – студент и негов заменик во Комисијата за студентски жалби поради изминат мандат;

- Одлука за именување главен и одговорен уредник на Универзитетското радио *Студент ФМ 92,9* при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Изјава за основање на Трговско друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ – Скопје;

- Одлука за именување на членови на Надзорниот одбор на Трговското друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ – Скопје;

- Одлука за именување член на Управниот одбор на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Одлука за истапување и пристапување на содружник на Трговското друштво Центар за истражување, развој и континуирано образование ЦИРКО ДООЕЛ – Скопје;
- Одлука за избор на членови на Одборот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Одлука за назначување на лица за членови на Управниот одбор на Институтот „Конфуциј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Одлука за именување на членови на Надзорниот одбор на Трговското друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ – Скопје;
- Одлука за основање Трговско друштво основано од едно лице (ДООЕЛ) со Изјава за основање;
- Одлука за основање Трговско друштво за обуки ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА АКАДЕМИЈА ПРИМА ДОО – Скопје;
- Одлука за овластување на лица за Собирот на содружници на Трговското друштво за обуки ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА АКАДЕМИЈА ПРИМА ДОО – Скопје;
- Одлука за распишување Конкурс за избор на лектор по македонски јазик на определено време за учебните 2018/2019 и 2019/2020 година на Универзитетот во Сосновјец, Република Полска - повторно распишување;
- Одлука за избор на лектори по македонски јазик на определено време за учебните 2018/2019 и 2019/2020 година на универзитетите во Риека, Република Хрватска и Сосновјец, Република Полска;
- Одлука за избор на лектори по македонски јазик на определено време за учебната 2018/2019 година на универзитетите во Москва, Руска Федерација и Краков, Република Полска;
- Одлука за продолжување на времетраењето на договорите за вработување на лекторите по македонски јазик за учебните 2017/2018 и 2018/2019 година.

Органите на Универзитетот, во согласност со надлежностите, ги следеа **работата и активностите на единиците и внатрешните организациони единици** во

негов состав. Како резултат на тоа, беа усвоени програми за работа и беа разгледани и усвоени извештаи, како што следува:

- План и програма за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2018-2019 година;
- Извештај за работата и финансиски извештај на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 15.9.2016 до 14.9.2017 година;
- Дополнителен извештај за реализација на доделените средства во 2016 година од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на *Факултетот за ликовни уметности во Скопје (за културни активности);*
- Предлог-извештај за реализација на доделените средства за 2015/2016 од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на *Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје (за спортски активности);*
- Извештај за реализација на доделените средства во 2016/2017 година од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на Факултетот за ликовни уметности во Скопје и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје;
- Извештај за реализација на доделените средства за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за 2016/2017 година;
- Извештај за реализација на доделените средства за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

  - за 2015/2016, на:
    - Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
    - Стоматолошкиот факултет во Скопје
    - Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје
    - Економскиот факултет во Скопје
    - Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

- Природно-математичкиот факултет во Скопје
- Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје
- Економскиот институт во Скопје
- Институтот за сточарство во Скопје;

➢ за 2016/2017, на:

- Факултетот за ликовни уметности во Скопје
- Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје;

- Извештај за работа и финансиски извештај на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 15.9.2016 година до 14.9.2017 година;

- Извештај за работењето на Конгресниот центар во Охрид во периодот од 1.1.2016 до 31.12.2017 година;

- Извештај за работа и финансиски извештај на АКУД „Мирче Ацев” за учебната 2016/2017 година.

На редовно одржаните седници на органите на Универзитетот беа донесени правилници и повеќе одлуки од делокругот на **прviот, вториот и третиот циклус студии**, и тоа:

- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија;

- Одлука за организирање *Отворен ден 2018* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на членови на Стручниот совет за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- Одлука за потврдување на изборот на раководители на студиски програми за трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## *ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ*

Во периодот од конституирањето на новиот состав на Универзитетскиот сенат за мандатниот период 2016-2020 година, поради заминување на други функции или

научен престој во странство, беше верифициран мандатот на нови членови и донесени се одлуки за верификација на мандатот на член на Универзитетскиот сенат од:

- Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје;
- Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје;
- Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје;
- Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје.

### *ИЗБОР НА ДЕКАНИ И ДИРЕКТОРИ*

Поради истекување на мандатот на функцијата декан, односно директор, согласно со нормативните одредби од важечките прописи, спроведени се повеќе постапки за избор на декани и директори на единиците на Универзитетот, и тоа:

- една постапка за избор и потврдување на избор на декан на Стоматолошкиот факултет во Скопје;
- две постапки за избор и потврдување на избор на директор на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје и на Економскиот институт во Скопје;
- една постапка за потврдување на избор на директор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје;
- Универзитетскиот сенат донесе Одлука по приговорот за неизвршен избор на утврдениот кандидат за директор на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје.

### *ИЗБОРИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ И НАУЧНИ ЗВАЊА*

Од почетокот на извештајниов период, заклучно со 16.5.2018 година, од кога според новиот Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), објавата на конкурсите за избор во звања е во надлежност на единиците, поточно на деканите/директорите, беа распишани јавни конкурси за избор во сите наставно-научни и научни звања од соодветни наставно-научни, односно научни области, согласно со законски утврдените критериуми.

Во овој преоден период на важење на одредби од стариот и одредби од новиот Закон за високото образование, беа реализирани 109 постапки за избор во звањето редовен професор. Од нив, 37 редовни професори беа повторно избирани во звањето редовен професор. На 4 вонредни професори, од страна на Универзитетскиот сенат, им беше потврден изборот во звањето редовен професор, чиј избор е извршен според новите законски решенија, односно изборот им бил извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот.

Универзитетскиот сенат, на 22. седница одржана на 29.5.2018 година, согласно со одредбите од новиот Закон за високото образование, донесе Одлука со која се запираат сите започнати постапки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје **за повторен избор во звање – редовен професор/научен советник**. Редовен професор/научен советник од член 1 на оваа Одлука кој за прв пат е избран во звањето редовен професор/научен советник, пред стапувањето во сила на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Започнатите постапки за избор во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање, пред влегувањето во сила на новиот Закон, завршуваат според одредбите на стариот Закон за високото образование.

## *ВИЗИТИНГ-ПРОФЕСОРИ (ПО НОВИОТ ЗВО – ВИЗИТИНГ-НАСТАВНИЦИ)*

Врз основа на законската обврска за задолжително донесување на двегодишна програма за вклучување визитинг-професори од првите 500 рангирани универзитети согласно со последното рангирање на Шангајската листа, односно првите 200 најдобро рангирани универзитети од соодветното научно подрачје, односно првите 100 најдобро рангирани универзитети по МБА-програмата согласно со шангајскиот Џио Тонг-универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement-World University Ranking, во студиските програми на своите факултети, односно единици во состав, **беа донесени:**

- Предлог-**програма** за дополнување на Програмата за вклучување **визитинг-професори** од универзитети во странство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2016-2017 и 2017-2018;

- Програма за измена и дополнување на Програмата за вклучување визитинг-професори од универзитети во странство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Универзитетот, согласно со Програмата за 2017-2018 за ангажирање на визитинг-професори од меѓународно рангирани универзитети во странство, донесе

одлуки за 16 одобренија за изведување на високообразовна дејност на нашиот Универзитет, од страна на 28 визитинг-професори.

По покана од наставно-научниот, односно научниот совет на единица на Универзитетот, признати научници и истакнати уметници од земјата и од странство, како гости, без распишување на конкурс, извршуваа високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време. Врз основа на претходно одобрение од Ректорската управа, дадени се 5 одобренија за изведување високообразовна дејност од страна на 10 визитинг-професори на единиците на нашиот Универзитет.

## *ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*

Усвоени се редовни програми и извештаи поврзани со финансирањето:

- Програма за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 година;
- Годишен финансиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2018 година;
- Консолидирана завршна пресметка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017 година;
- Годишна пресметка со завршен финансиски извештај за остварување на функциите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017 година;
- Извештај за реализираната распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање за 2017 година;
- Одлука за утврдување на резултатите од пописот на средствата и изворите на средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со состојба 31.12.2017 година.

## *ВРШЕЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ НА ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СТРАНСТВО*

Врз основа на можноста, лице од Универзитетот да врши високообразовна, односно уметничка дејност на друга единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа, во звањето во кое е избрано, на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, врз основа на предлог на наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, Ректорската управа спроведе:

- 5 постапки за давање согласност на 9 лица избрани во звања на нашиот Универзитет за вршење високообразовна дејност на други универзитети во странство.

### *АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА И УМЕТНИЦИ*

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, по покана на наставно-научниот, односно научниот совет на единица, како специјалисти и експерти, изведуваа настава за одделни делови од наставен предмет. Претходно, Ректорската управа даде одобренија, односно:

- 22 согласности за изведување настава на нашиот Универзитет од страна на 185 стручњаци од практиката и афирмирани уметници.

Врз основа на согласност на Ректорската управа:

- дадени се 3 одобренија за изведување високообразовна дејност на нашиот Универзитет од страна на 14 лица избрани во звања и насловни звања на други универзитети во земјава.

### *ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)*

Во знак на признание за достигнувањата во наставно-едукативната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и за големите заслуги во развојот на македонската абдоменална хирургија, на проф. д-р Фридрих Хербст, професор по колоректална хирургија на Универзитетот „Зигмунд Фројд“ во Виена и одговорен за наставата на студентите на Медицинскиот универзитет во Виена, Република Австрија, му се додели звањето почесен професор (professor honoris causa) од областа на медицинските науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### *ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДРУГИ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ*

Универзитетот континуирано ги следи и ги имплементира законските прописи и нивните измени и дополнувања надвор од високообразовната и научноистражувачката дејност, така што во континуитет се реализираат прописите од областа на вработените во јавниот сектор, административните службеници, општата управна постапка, заштитата на личните податоци, заштитата и здравјето при работа, новите прописи за издавачката дејност, трансформацијата на договорите за дело во работен однос, претставките и предлозите, проектот за електронска здравствена легитима-

ција, проектот за меѓусебно електронско поврзување со други институции за остварување на правата на студентите (права од здравствено, пензиско-инвалидско осигурување и сл.) и др.

## *КАДРОВСКИ ПРАШАЊА*

Во рамките на активностите за организиран пристап во решавањето на кадровската политика на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, а со цел континуирано обезбедување квалитет во високообразовниот процес, создавање нов научен подмладок, како и за замена на испразнетите места по разни основи, Универзитетот, и во овој извештаен период, постојано го актуализираше прашањето за вработување на нов соработнички, наставно-научен, административен и друг вид кадар.

Во извештајниот период, преку Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, до Министерството за образование и наука беа проследени барања за добивање согласности за вработување на вкупно 443 лица, од кои: 75 барања за наставен кадар, 289 барања за соработнички кадар, 46 барања за административен и 33 барања за помошно-технички кадар.

Истовремено, проследени се барања, и тоа за: ангажирање на 5 лица - стручњаци од практиката, 15 лица за испомош, како и барања за 24 лица како ангажиран кадар.

Исто така, проследени се барања за ангажирање со договор за дело на вкупно 131 лице.

Во извештајниот период беа добиени вкупно 23 согласности, и тоа: 8 за наставен, 12 за соработнички и 3 согласности за помошно-технички кадар. Исто така, добиени се 2 согласности за продолжување на важноста на согласноста и 6 согласности за авторски договор. Во овој период, добиени се согласности за продолжување на важноста на согласноста за 3 работни места во лекторатите по македонски јазик.

Со оглед на недостиг на наставно-научен и административен кадар, Универзитетот и понатаму ќе продолжи со проследување на барањата на едниците до надлежните институции за добивање согласности за нови вработувања, сè со цел подобрување на кадровската структура на Универзитетот, што е во насока на поквалитетно извршување на високообразовната и научноистражувачката дејност.

### *БИЛТЕН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ*

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје издава Билтен, во кој се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во извештајниот период се објавени вкупно 24 броја, од кои 1 е анекс кон Билтенот. Билтенот излегува на 1 и на 15 во месецот. Во согласност со законските одредби, Билтенот на Универзитетот се објавува во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот.

### *ИМОТНОПРАВНИ РАБОТИ*

Заштитата и грижата за имотот на Универзитетот се едни од главните приоритети, имајќи го предвид неговото значење во непреченото остварување на високообразовната дејност.

Согласно со прописите кои ги регулираат имотноправните односи, беа следени тековните постапки и во континуитет беа преземани соодветни мерки и активности.

Во врска со веќе преземените активности врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, во континуитет се постапуваше по поединечни барања од надлежните органи во Република Македонија.

Завршени се постапките за легализација, односно утврден е правниот статус на следниве бесправни објекти:

- институтска зграда на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, во која се остварува високообразовната и научно-истражувачката дејност и која претставува седиште, на бул. „Партизански одреди“ 66 во Скопје, КП 2790 и КП 2791/1, КО Карпош. За објектот веќе е спроведена постапката за упис во катастарот на недвижностите и објектот има имотен лист;

- објектот „Ателјеа“, кој е во функција на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Добиеното решение за легализација на објектот на КП 2402, КО Карпош, од надлежен орган, веќе е правосилно и веднаш ќе се спроведе постапка за упис во катастарот на недвижностите;

- факултетските згради и придружните објекти во кампусот на техничките факултети, кои се во функција на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Машинскиот факултет, Технолошко-металуршкиот факултет и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Добиените решенија за легализација на објектите на ул. „Руѓер Бошковиќ“ бб, Скопје, КП број: 1839, 1841, 1852 – 1855, 1857 – 1861, 1864, 1865, КО Карпош, од надлежен орган, веќе се правосилни и ќе се спроведе постапка за упис во катастарот на недвижностите.

Со завршувањето на постапките за легализација на наведените објекти, по деценискиот проблем, конечно е утврден нивниот правен статус.

Согласно со деталните урбанистички планови и расположливата документација, во континуитет се постапуваше по барањата од физички лица кои се однесуваат на откажување на Универзитетот од корисничкото право за градежното изградено земјиште за кое Универзитетот се води како корисник, а фактички не го владее. Во врска со овие постапки се водат повеќе управни спорови.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во континуитет, го води **Регистарот на недвижниот имот,** кој е во функција на дејноста на Универзитетот и единиците во негов состав.

Содржината на регистарот на недвижниот имот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и начинот на неговото водење се утврдени со Одлука на Универзитетскиот сенат.

Во врска со веќе преземените активности врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, во континуитет се постапуваше по поединечни барања од надлежните органи во Република Македонија.

## *ИНВЕСТИЦИОНО-ТЕХНИЧКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ*

Во континуитет се преземаат активности за одржување и опремување на објектите на Универзитетот.

Во тек се градежните зафати за изградба на двата објекта во кампусот на општествените науки, наменети за сместување на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во завршна фаза се градежните активности во делот на ентериерното уредување, инсталатерските работи и опремувањето со реквизити на спортската сала. Во изградбата на овие објекти, Универзитетот има само посредничка улога.

На 9.11.2017 година беа опожарени службените простории на Архитектонскиот факултет и Градежниот факултет. Поради тоа, Универзитетскиот сенат донесе Одлука за користење средства од Солидарниот фонд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од страна на Архитектонскиот факултет и Градежниот факултет.

Поради причинетата штета од големи размери, беше оневозможено изведувањето на дејноста, беа нарушени условите за работа на вработените, како и изведувањето на наставните и научноистражувачките активности на наставниот кадар и на студентите. За создавање на работни услови во просториите на овие факултети, беа преземени сите активности преку расположливиот човечки и материјален потенцијал да се направат напори за најитно оспособување на просториите со цел да се создадат услови за враќање на вработените на работа и создавање на услови за вршењето на дејноста, односно секојдневните обврски.

# НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во академската 2017/2018 година, континуирано продолжија активностите во насока на унапредување на наставно-образовната дејност, осовременување и проширување на студиските програми, натамошно остварување на интегративните функции на Универзитетот и усогласување на високообразовната дејност со законската регулатива.

Во извештајнава година, на Универзитетот се реализираат 199 студиски програми на прв циклус и 305 студиски програми на втор циклус студии. За сите нив се донесени решенија за акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и решенија за почеток со работа од Министерството за образование и наука и тие се содржани во конкурсите за запишување студенти на прв и на втор циклус студии во академската 2017/2018 година.

Редизајнирањето и осовременувањето на постојните, создавањето нови и атрактивни студиски програми и воведувањето заеднички студиски програми, притоа следејќи ги развојните тенденции и потребите на домашниот и на меѓународниот пазар на трудот, претставуваат една од основните стратегиски цели на УКИМ. Тоа е процес кој не запира.

## *РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ*

### <u>Уписна политика</u>

Уписната политика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во академската 2017/2018 опфаќа два периода: 1) резултатите од реализацијата на запишувањето студенти на прв и втор циклус студии во дадената учебна година и 2) активности поврзани со подготовката и објавувањето на конкурсите за запишување студенти на прв и на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот во наредната, 2018/2019 година.

Комплетната процедура за распишување и реализација на конкурсите се спроведе согласно со законските прописи и со запазување на утврдените рокови.

***Реализација на запишувањето студенти на прв и на втор циклус студии во академската 2017/2018 година***

ПРВ ЦИКЛУС – ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ

По завршувањето на реализацијата на Конкурсот и по извршените согледувања на резултатите, беше изготвен Извештај за реализација на запишувањето студенти на *прв циклус – додипломски студии* во учебната 2017/2018 година.

Од Универзитетот беше предложено мирување на 12 студиски програми (5 студиски програми на Факултетот за драмски уметности, 2 студиски програми за професионални студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, 1 студиска програма на Природно-математичкиот факултет, студиите по инженерство на животна средина и ресурси и 3 студиски програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"). Реализацијата на Конкурсот се одвиваше во три уписни рока, во периодот од 17 август до 20 септември оваа година. Согласно со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии, беше предвидено да се запишат 10 818 студенти, од кои 5 865 во државна квота, 3 793 во квотата со кофинансирање на студиите и 1 160 вонредни студенти.

На Универзитетот беа навреме извршени сите подготовки за реализација на Конкурсот за запишување студенти, а високообразовната понуда на УКИМ беше презентирана со низа активности - отворени денови, промотивни материјали, средби со средношколците и др., во организација на Универзитетот и на факултетите како носители на студиските програми.

Шеста година по ред се реализираше електронско пријавување на кандидатите, така што заинтересираните кандидати имаа можност да пополнат електронска пријава уште пред роковите утврдени во Конкурсот. Во рамките на iKnow-системот, пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот за запишување на прв циклус студии, секој заинтересиран кандидат можеше да се најави на ***www.upisi.ukim.mk*** и да пополни електронска пријава.

Начинот на селекција на кандидатите се вршеше во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа: студиски програми каде што селекцијата на кандидатите се вршеше врз основа на успехот од средното образование и студиски програми со посебни специфичности, каде што селекцијата се вршеше врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

Кандидатите странски државјани и кандидатите државјани на Република Македонија кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваа под истите услови и критериуми утврдени во Конкурсот за сите кандидати, во квотите утврдени за овие категории студенти.

Во трите уписни рока беа пријавени и примени 49 кандидати странски државјани, и тоа: 27 од Р Турција, 4 од Р Србија, 3 од Р Косово, 12 од Р Бугарија, 1 од Италија, 1 од Судан и 1 од Сирија. Годинава е запишан еден студент - член на дипломатскиот кор во РМ, и тоа на Медицинскиот факултет.

Со одлука на Владата на РМ, на Универзитетот се запишани и 39 студенти стипендисти на Владата – кандидати странски државјани од интерес на РМ, студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот Полуостров.

Оваа година на УКИМ се запишаа и 7 кандидати државјани на РМ со завршено средно образование во странство.

За кандидатите странски државјани кои немаат познавања на македонскиот јазик, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје организираше подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик. Подготвителната настава се организира во траење од по три месеци интензивен курс и во зимскиот и во летниот семестар, и се реализира според посебна програма изготвена од Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик (ЦЕТИС МАК) при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Во учебната 2017/2018 година, на УКИМ се пријавија 30 кандидати странски државјани, за следење подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик. По успешното завршување на подготвителната настава и полагањето на завршниот тест, кандидатите добиваат сертификат за успешно положен тест по македонски јазик како странски јазик, издаден од Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик (ЦЕТИС МАК), со што стекнуваат право за пријавување за запишување на факултетите на нашиот Универзитет.

* * *

По завршувањето на **трите уписни рока**, на факултетите на УКИМ, во сите категории, во академската **2017/2018** година, од вкупно пријавени 7 036 кандидати, од кои: кандидати државјани на Р Македонија – 6 941 и кандидати со завршено средно образование во странство – 95 (49 странски државјани, 7 државјани на Р Македонија со завршено средно образование во странство и 39 стипендисти на Владата на Р Македонија), **запишани се 6 243 редовни и 380 вонредни**, односно **вкупно 6 623 студенти** на прв циклус студии. Прикажани по категории, годинашните бројки се следниве:

- **во државна квота – 4 371 редовни;**
- **во категоријата со кофинансирање на студирањето - 1 506 редовни;**

- **вонредни – 380;**
- **студенти чие родителско право го врши само еден родител, во државна квота – 88** (кои ќе плаќаат половина од износот на уписнина во рамките на државните квоти);
- **студенти чие родителско право го врши само еден родител, во квота со кофинансирање – 31** (кои ќе плаќаат половина од износот на уписнина во рамките на квотите за кофинансирање);
- **надвор од квотата по основа на националност – 50;**
- **кандидати со завршено високо образование – 38;**
- **припадници на безбедносните сили – 12;**
- **студенти запишани под специјални услови** (воени инвалиди, деца без родители, лица од домови за напуштени деца до 26 години, приватно средно образование без матура и лица од прв и втор степен инвалидност) - **52**;
- **49 странски студенти;**
- **7 државјани на РМ со завршено средно образование во странство;**
- **39 странски студенти - стипендисти на Владата на Р Македонија.**

Новата учебна 2017/2018 година на факултетите на Универзитетот започна со нова генерација од **6 623** студенти на прв циклус студии.

И во извештајнава година, во насока на стимулирање на квалитетот и подобрување на студентскиот стандард, со Одлука на Универзитетскиот сенат за доделување **240 стипендии**, на секој факултет, на најдобро рангираните **10** кандидати на конечните ранг-листи на примени кандидати со положена државна матура, во категоријата редовни студенти во државна квота, во првиот уписен рок, им се доделува едногодишна стипендија.

ВТОР ЦИКЛУС – МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на УКИМ во учебната 2017/2018 година беше усвоен на 216. седница на Ректорската управа, одржана на 20 март, и беше доставен до Министерството за образование и наука во март 2017 година.

На 219. седница на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, одржана на 23.6.2017 година, на барање на *Филолошкиот факултет*

*„Блаже Конески“ и Правниот факултет „Јустинијан Први“,* извршени се измени и дополнувања на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2017/2018 година, со што е извршена измена на висината на школарината за упис на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и дополнување на бројот за запишување студенти на втор циклус на студиската програма Конференциско толкување на *Филолошкиот факултет „Блаже Конески“* , и е донесена Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот.

Исто така, на барање на Факултетот за физичка култура, спорт и здравје, до Министерството за образование и наука на РМ и до Владата на РМ беше доставено барање за дополнување на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на УКИМ во учебната 2017/2018 година, со следниве двегодишни студиски програми: Кинезиологија и Спортски менаџмент.

Според квотите утврдени во Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии, во учебната 2017/2018 беше предвидено да се запишат вкупно 6 339 студенти на **305 студиски програми** од вкупно 282 акредитирани студиски програми од втор циклус студии во сите научни подрачја. Во мирување беше запишувањето нови студенти на четири студиски програми.

Право на конкурирање на Конкурсот имаа кандидати кои завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет, односно научен институт.

Реализацијата на запишувањето во *првиот уписен рок* се одвиваше во периодот од 11 септември до 9 октомври 2017 година, а реализацијата на запишувањето студенти на втор циклус студии во вториот уписен рок се одвиваше во периодот од 8 до 22 јануари.

### *Подготовка и објавување конкурси за запишување студенти на прв и на втор циклус студии во академската 2018/2019 година*

ПРВ ЦИКЛУС – ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ

Конкурсот за запишување на новата генерација студенти на *прв циклус студии* во учебната 2018/2019 година беше изготвен врз основа на предлозите на факултетите носители и организатори на студиските програми. На 224. седница на Ректорската управа од 19 јануари 2018 година, донесена е Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот.

Според Конкурсот, беше предвидено запишување нови студенти на 186 студиски програми од вкупно 193 акредитирани студиски програми на УКИМ. Според

воспоставената практика и со оглед на видот, карактерот и спецификите, на одделни студиски програми не се предвидува прием на нови студенти секоја учебна година. Од Универзитетот беше предложено мирување на 7 студиски програми (пет студиски програми на Факултетот за драмски уметности, една студиска програма на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и студиите по инженерство на животна средина и ресурси).

Во однос на предложените квоти во Конкурсот, се предвидуваше да се запишат вкупно 10 818 нови студенти на прв циклус студии, и тоа: 5 865 редовни во државна квота, 3 793 редовни со кофинансирање и 1 160 вонредни студенти.

На 226. седница на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, одржана на 15.3.2017 година, на барање на Фармацевтскиот факултет, извршени се измени и дополнувања на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2018/2019 година, со дополнување на бројот за запишување студенти на втор циклус со студиската програма Диететика и диетотерапија, и е донесена Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот.

По донесувањето на Одлуката на Владата на РМ за бројот на студенти, а почитувајќи ги законски утврдените рокови и со цел навремено информирање на кандидатите, Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2018/2019 година беше објавен на 13 јуни 2018 година, со квотите утврдени во Одлуката на Владата на РМ. Во наредната учебна 2017/2018 година, се предвидува да се запишат вкупно **10 818** студенти, од кои **5 565** во државна квота, **3 793** во квотата со кофинансирање и **1 160** вонредни студенти.

За реализација на запишувањето нови студенти на прв циклус студии, формирани се Универзитетска конкурсна комисија и конкурсни комисии на единиците на УКИМ и е донесено Упатството за реализација на Конкурсот, со цел единствен пристап при запишувањето студенти.

Во насока на стимулирање на квалитетот и подобрување на студентскиот стандард, Сенатот на Универзитетот, на 21. седница одржана на 27.4.2018 г., донесе Одлука и во наредната академска година да се доделат *240 студентски стипендии за упис во прва година*. Добитници на стипендиите на факултетите се првите *10 кандидати на конечните ранг-листи на примени кандидати со завршена државна матура, во категоријата редовни студенти, во првиот уписен рок за запишување во академската 2018/2019 година*. Стипендијата опфаќа покривање на трошоците за партиципација на студирањето во државна квота за една учебна година.

ВТОР ЦИКЛУС – МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

Конкурсот за запишување на новата генерација студенти на *втор циклус студии* во учебната 2018/2019 година беше изготвен врз основа на предлозите на факултетите и научните институти - носители и организатори на студиските програми. На 224. седница на Ректорската управа од 29 јануари 2018 година, донесена е Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот и, согласно со законските прописи, на 8 февруари о.г., тој е проследен до Министерството за образование и наука и до Владата на Р Македонија, за давање согласност. На 226. седница на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одржана на 15.3.2017 година, на барање на Фармацевтскиот факултет, извршени се измени и дополнувања на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2018/2019 година, со дополнување на бројот за запишување студенти на втор циклус со студиската програма Диететика и диетотерапија, и е донесена Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот. Исто така, на барање на Правниот факултет „Јустинијан Први“, а со известување од Министерството за образование и наука на РМ и согласно со добиената Одлука на Владата на РМ бр. 44-5168/1 од 15.5.2018 година, Универзитетот донесе Решение за дополнување на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2018/2019 година, со студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

По добивањето на Одлуката на Владата на РМ бр бр. 44-5168/1 од 15 мај 2018 година, објавена во Службен весник на РМ бр. 93 од 21.5.2018 година, Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2018/2019 е објавен на 13 јуни 2018 година, во дневниот весник „Нова Македонија“.

На барање на Факултетот за земјоделски науки и храна, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитетот достави барање за дополнување на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2018/2019 година. По добивањето на Одлуката на Владата на РМ за изменување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи бр. 44-7305/1 од 24 јули 2018 година (Службен весник на РМ бр. 142 од 31 јули 2018 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објави Дополнување на Конкурсот, на 9.8.2018 година, во дневниот весник „Нова Македонија“.

Во учебната 2018/2019 година, се предвидува запишување на 231 студиска програма на втор циклус студии. Запишувањето нови студенти во наредната година ќе мирува на студиската програма Инженерство на животна средина и ресурси. Според предложените квоти во Конкурсот, се предвидува да се запишат вкупно 4 841

нов студент на втор циклус студии – на едногодишни и двегодишни магистерски и на специјалистички студии.

## Усвојување проекти за студиски програми од прв и од втор циклус студии

Комисијата за настава, на деветте седници одржани во извештајната година, разгледа и даде позитивно мислење до Ректорската управа за вкупно 191 студиска програма на факултетите и институтите на УКИМ. До Универзитетскиот сенат беа предложени проекти за измени и дополнувања на 54 студиски програми од прв циклус и на 108 студиски програми од втор циклус студии. Исто така, беа предложени и проекти за воведување 2 нови студиски програми од прв циклус и 27 нови студиски програми од втор циклус студии. Подолу е даден преглед на проектите од прв и од втор циклус студии усвоени од Универзитетскиот сенат.

## Преглед на усвоени проекти за студиски програми од прв и од втор циклус студии во академската 2016/2017 година

### *Прв циклус студии*

ПРОЕКТИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

1. Проект за воведување на студиската програма Хортикултура, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

2. Проект за воведување на студиската програма Овоштарство, лозарство и винарство, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

ПРОЕКТИ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

1. Проект за повторна акредитација на студиската програма Шумарство, од прв циклус студии, на Шумарскиот факултет во Скопје

2. Проект за повторна акредитација на студиската програма Пејзажно дизајнирање, од прв циклус студии, на Шумарскиот факултет во Скопје

3. Проект за повторна акредитација на студиската програма Екоинженеринг и екоменаџмент, од прв циклус студии, на Шумарскиот факултет во Скопје

4. Проект за повторна акредитација на студиската програма Инженерство на мебел и дрво, од прв циклус студии, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје

5. Проект за повторна акредитација на студиската програма Дизајн на мебел и ентериер, од прв циклус студии, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје

6. Проект за повторна акредитација на студиската програма Поледелство, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

7. Проект за повторна акредитација на студиската програма Анимална биотехнологија, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

8. Проект за повторна акредитација на студиската програма Преработка на земјоделски производи, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

9. Проект за повторна акредитација на студиската програма Заштита на растенијата – фитомедицина, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

10. Проект за повторна акредитација на студиската програма Екоземјоделство, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

11. Проект за повторна акредитација на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

12. Проект за повторна акредитација на студиската програма Агроекономика, од прв циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

13. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус - тригодишни стручни студии за логопеди на Медицинскиот факултет во Скопје

14. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус - тригодишни стручни студии за медицински сестри/техничари на Медицинскиот факултет во Скопје

15. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус - тригодишни стручни студии за радиолошки технолози на Медицинскиот факултет во Скопје
16. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус - тригодишни стручни студии за физиотерапевти на Медицинскиот факултет во Скопје
17. Проект за повторна акредитација на студиската програма Ветеринарна медицина, од прв и втор циклус - интегрирани студии, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
18. Проект за повторна акредитација на студиската програма Предучилишно воспитание, од прв циклус студии, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје
19. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје
20. Проект за повторна акредитација на студиската програма Библиотекарство, од прв циклус студии, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје
21. Проект за повторна акредитација на студиската програма Примена на информациски технологии, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
22. Проект за повторна акредитација на студиската програма Софтверско инженерство и информациски системи, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
23. Проект за повторна акредитација на студиската програма Компјутерски науки, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
24. Проект за повторна акредитација на студиската програма Компјутерско инженерство, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
25. Проект за повторна акредитација на студиската програма Интернет, мрежи и безбедност, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје

26. Проект за повторна акредитација на студиската програма Компјутерска едукација, од прв циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
27. Проект за повторна акредитација на студиската програма Општа медицина, од интегрирани циклус студии, на Медицинскиот факултет во Скопје
28. Проект за повторна акредитација на студиската програма Туризам, од прв циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје
29. Проект за повторна акредитација на студиската програма Инженерство на материјали и нанотехнологии, од прв циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје
30. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
31. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по словенечки јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
32. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по хрватски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
33. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
34. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
35. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
36. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по руски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

37. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по полски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“
38. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по чешки јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
39. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии - двојазични славистички студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
40. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
41. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по романски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
42. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
43. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
44. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
45. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
46. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
47. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии по италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

48. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус двопредметни студии по математика - физика на Природно-математичкиот факултет

49. Проект за повторна акредитација на студиската програма од интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје

50. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус – правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

51. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на македонски јазик) во Скопје

52. Проект за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на англиски јазик) во Скопје

53. Проект за повторна акредитација на студиската програма Новинарство, од прв циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

54. Проект за повторна акредитација на студиската програма Односи со јавноста, од прв циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

***Втор циклус студии***

ПРОЕКТИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

1. Проект за воведување на студиската програма Корпоративен финансиски менаџмент, од втор циклус студии, на Економскиот факултет во Скопје

2. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Класична филологија, византологија и микенологија, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

3. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Меѓународни односи: разрешување конфликти, дипломатија и глобално управување, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

4. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Мир, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

5. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Мир, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

6. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Спортски туризам, од втор циклус студии, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

7. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Спортски туризам, од втор циклус студии, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

8. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Спортско новинарство, од втор циклус студии, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

9. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Спортско новинарство, од втор циклус студии, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

10. Проект за акредитација на студиската програма Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of things (Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта), од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

11. Проект за акредитација на студиската програма Физиотерапија во неврологија, од втор циклус стручни специјалистички студии, на Медицинскиот факултет во Скопје

12. Проект за акредитација на студиската програма Физиотерапија во ортопедија и хирургија, од втор циклус стручни специјалистички студии, на Медицинскиот факултет во Скопје

13. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Римско право и приватноправна традиција, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

14. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Римско право и приватноправна традиција, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

15. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Уставно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

16. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Уставно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

17. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Граѓанско материјално и граѓанско процесно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

18. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Граѓанско материјално и граѓанско процесно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

19. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Административно право и јавна администрација, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

20. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Историја на правото, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

21. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Историја на правото, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

22. Проект за акредитација на едногодишната студиска програма Право на интелектуална сопственост, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

23. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Право на интелектуална сопственост, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

24. Проект за акредитација на двегодишната студиска програма Казнено право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

25. Проект за воведување на студиската програма Интернет и мобилни сервиси и апликации, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

26. Проект за акредитација на студиската програма Агроекономика и рурален развој, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

27. Проект за акредитација на студиската програма Агроекономика и рурален развој, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

28. Проект за воведување заедничка студиска програма од втор циклус студии: Политички науки – интеграција и управување на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје и Конзорциумот на универзитети Euro PS.

ПРОЕКТИ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

1. Проект за повторна акредитација на студиската програма Јавно здравство, од втор циклус студии, на Медицинскиот факултет во Скопје

2. Проект за повторна акредитација на студиската програма Дизајн и технологии на мебел и ентериер, од втор циклус студии, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје

3. Проект за повторна акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија, со потпрограмата Енологија (едногодишни и двегодишни студии), од втор циклус студии, на Земјоделскиот институт во Скопје

4. Проект за повторна акредитација на студиската програма Растително производство, со потпрограмите: расадничко производство, семепроизводство на поледелски растенија, интегрално производство и органско производство, од втор циклус студии, на Земјоделскиот институт во Скопје

5. Проект за повторна акредитација на студиската програма Предучилишно воспитание, од втор циклус студии, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје

6. Проект за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии по одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје

7. Проект за повторна акредитација на студиската програма Фолклористика, од втор циклус студии, на Институтот за фолклор во Скопје
8. Проект за повторна акредитација на студиската програма Обновливи извори на енергија, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
9. Проект за повторна акредитација на студиската програма Електрични машини и автоматизација, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
10. Проект за повторна акредитација на студиската програма Електроенергетски системи, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
11. Проект за повторна акредитација на студиската програма Електроенергетика, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
12. Проект за повторна акредитација на студиската програма Проектен менаџмент, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
13. Проект за повторна акредитација на студиската програма Автоматика, роботика и системско инженерство, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
14. Проект за повторна акредитација на студиската програма Наменски компјутерски системи, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
15. Проект за повторна акредитација на студиската програма Компјутерски мрежи – интернет на нешта, од втор циклус

студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

16. Проект за повторна акредитација на студиската програма Вградливи микрокомпјутерски системи, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
17. Проект за повторна акредитација на студиската програма Дигитално процесирање на сигнали, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
18. Проект за повторна акредитација на студиската програма Безжични системи, сервиси и апликации, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
19. Проект за повторна акредитација на студиската програма Комуникациски и информациски технологии, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
20. Проект за повторна акредитација на студиската програма Применета математика, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
21. Проект за повторна акредитација на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
22. Проект за повторна акредитација на студиската програма Метрологија и менаџмент на квалитет, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
23. Проект за повторна акредитација на студиската програма Микро- и нанотехнологии, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

24. Проект за повторна акредитација на студиската програма Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
25. Проект за повторна акредитација на студиската програма Енергетска електроника, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
26. Проект за повторна акредитација на студиската програма Мултимедиски технологии, од втор циклус студии, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје
27. Проект за повторна акредитација на студиската програма Софтверско инженерство, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
28. Проект за повторна акредитација на студиската програма Интернет-технологии, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
29. Проект за повторна акредитација на студиската програма Паметни поврзани системи, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
30. Проект за повторна акредитација на студиската програма Безбедност, криптографија и кодирање, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
31. Проект за повторна акредитација на студиската програма Биоинформатика, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
32. Проект за повторна акредитација на студиската програма Интелигентни системи, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје

33. Проект за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии: Културолошки студии (во книжевноста) на Институтот за македонска литература (едногодишни студии) во Скопје
34. Проект за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии: Културолошки студии (во книжевноста) на Институтот за македонска литература (двегодишни студии) во Скопје
35. Проект за повторна акредитација на студиската програма Бизнис-менаџмент, од втор циклус студии, на Економскиот институт (едногодишни студии) во Скопје
36. Проект за повторна акредитација на студиската програма Бизнис-менаџмент, од втор циклус студии, на Економскиот институт (двегодишни студии) во Скопје
37. Проект за повторна акредитација на студиската програма Логистика на бизнисот, од втор циклус студии, на Економскиот институт (едногодишни студии) во Скопје
38. Проект за повторна акредитација на студиската програма Логистика на бизнисот, од втор циклус студии, на Економскиот институт (двегодишни студии) во Скопје
39. Проект за повторна акредитација на студиската програма Компјутерски науки, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
40. Проект за повторна акредитација на студиската програма Екоинформатика, од втор циклус студии, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје
41. Проект за повторна акредитација на студиската програма Нови материјали – полимери, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје
42. Проект за повторна акредитација на студиската програма Инженерство на животна средина, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

43. Проект за повторна акредитација на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животна средина, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

44. Проект за повторна акредитација на студиската програма Менаџмент на конфекциски процеси, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

45. Проект за повторна акредитација на студиската програма Менаџмент на квалитет, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

46. Проект за повторна акредитација на студиската програма Металургија и метални материјали, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

47. Проект за повторна акредитација на студиската програма Текстилна хемиска технологија и екологија, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

48. Проект за повторна акредитација на студиската програма Екстрактивна металургија, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

49. Проект за повторна акредитација на студиската програма Дизајн и менаџмент на технолошки процеси, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

50. Проект за повторна акредитација на студиската програма Електрохемиско инженерство, од втор циклус студии, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

51. Проект за повторна акредитација на студиската програма Фитотерапија – хербални лекови и додатоци на исхраната, од втор циклус специјалистички студии, на Фармацевтскиот факултет во Скопје

52. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма од втор циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на македонски јазик) во Скопје

53. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма од втор циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на македонски јазик) во Скопје
54. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма од втор циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на англиски јазик) во Скопје
55. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма од втор циклус – политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (на англиски јазик) во Скопје
56. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Новинарство, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
57. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Новинарство, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
58. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Односи со јавноста, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
59. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Односи со јавноста, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
60. Проект за повторна акредитација на студиската програма Анимална биотехнологија, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје
61. Проект за повторна акредитација на студиската програма Анимална биотехнологија, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје
62. Проект за повторна акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија, од втор циклус студии, на

Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

63. Проект за повторна акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

64. Проект за повторна акредитација на студиската програма Фитомедицина, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

65. Проект за повторна акредитација на студиската програма Фитомедицина, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

66. Проект за повторна акредитација на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

67. Проект за повторна акредитација на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

68. Проект за повторна акредитација на студиската програма Механизација, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

69. Проект за повторна акредитација на студиската програма Механизација, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

70. Проект за повторна акредитација на студиската програма Менаџмент на природните ресурси и животната средина во земјоделството, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

71. Проект за повторна акредитација на студиската програма Менаџмент на природните ресурси и животната средина во

земјоделството, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

72. Проект за повторна акредитација на студиската програма Преработки на земјоделски производи од анимално потекло, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (едногодишни студии) во Скопје

73. Проект за повторна акредитација на студиската програма Преработки на земјоделски производи од анимално потекло, од втор циклус студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна (двегодишни студии) во Скопје

74. Проект за повторна акредитација на студиската програма Географија, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

75. Проект за повторна акредитација на студиската програма Картографија и географски информациски системи, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

76. Проект за повторна акредитација на студиската програма Математички науки и примени, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

77. Проект за повторна акредитација на студиската програма Математичко образование за основно и средно училиште, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

78. Проект за повторна акредитација на студиската програма Применета математика – математичко моделирање и оптимизација, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

79. Проект за повторна акредитација на студиската програма Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија, од втор циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

80. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Филозофија, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
81. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Психологија, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
82. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Педагошки науки, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
83. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Специјална едукација и рехабилитација, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
84. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Инклузивно образование, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
85. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Безбедност, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
86. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Безбедност, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
87. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Стратегиски и одбранбени студии, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
88. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Стратегиски и одбранбени студии, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
89. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Историја и архивистика, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

90. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Интеркултурни студии, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
91. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Археологија, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
92. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Социјален менаџмент, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
93. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Историја на уметност, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
94. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Социјална работа и социјална политика, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
95. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Социологија, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
96. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Европски студии за интеграција, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
97. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма од втор циклус студии по Менаџмент во образованието на Филозофскиот факултет во Скопје
98. Проект за повторна акредитација на интердисциплинарната едногодишна студиска програма Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје
99. Проект за повторна акредитација на интердисциплинарната двегодишна студиска програма Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности, од втор циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје

100. Проект за повторна акредитација на студиската програма Македонски јазик, од втор циклус студии, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

101. Проект за повторна акредитација на студиската програма Македонска книжевност, од втор циклус студии, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

102. Проект за повторна акредитација на студиската програма Наука за јазик, од втор циклус студии, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

103. Проект за повторна акредитација на студиската програма Наука за книжевност и културолошки студии, од втор циклус студии, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

104. Проект за повторна акредитација на студиската програма Конференциско толкување, од втор циклус студии, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

105. Проект за повторна акредитација на студиската програма Козметологија, од втор циклус - специјалистички студии, на Фармацевтскиот факултет во Скопје

106. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Административно право и јавна администрација, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

107. Проект за повторна акредитација на едногодишната студиска програма Деловно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

108. Проект за повторна акредитација на двегодишната студиска програма Деловно право, од втор циклус студии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

## *ОТВОРЕН ДЕН „ЗАПОЗНАЈТЕ ГО УКИМ“*

На 5 мај 2018 година се одржа големиот настан **Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје,** оваа година во кампусот на техничките факултети (Машинскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и Технолошко-металуршкиот факултет), каде што беа презентирани 33 единици на Универзитетот.

Посетителите имаа можност непосредно во разговор со наставниот кадар и студентите да се запознаат со дејноста на најстарата високообразовна институција во нашата земја, нејзината долга традиција, мисија и визија.

Во изложбените простори беа реализирани разновидни презентации на активностите и проектите на наставниците и студентите.

Во текот на целиот настан, посетителите имаа можност да уживаат во богата музичка програма. Настанот го отворија студентите од Факултетот за музичка уметност во Скопје, па веднаш по нив настапија Breakdown band (со Пеце Суперхикс) и DJ IRIE SCRATCH.

Настанот беше поддржан и од студентските организации при Универзитетот.

Исто така, на 8.5.2018 година, на платото на Општина Гази Баба се одржа Отворениот ден, кој во организација на општината и факултетите од кампусот на биотехничките и природно-математичките науки се одржува првпат во заедничко партнерство, со цел презентација на наставните програми на овие високообразовни институции на средношколците и матурантите, како и на останатите заинтересирани кандидати.

Во таа насока, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна, Шумарскиот факултет, Факултетот за ветеринарна медицина, Факултетот за дизајн и технологија на мебел и ентериер и Земјоделскиот институт, на посебно уредени штандови, имаа можност да презентираат над 100 акредитирани студиски програми од прв, втор и трет циклус студии, организирани согласно со европскиот кредит-трансфер систем и Болоњската декларација.

## *УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР*

Во согласност со законската регулатива и врз основа на член 222 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 22. седница одржана на 29 мај 2018 година, го донесе Универзитетскиот календар на активности и неработни денови во учебната 2018/2019 година, кој ги содржи

рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата и испитите, како и државните и универзитетските празници.

Согласно со измените во Законот за високото образование, направена е измена во однос на започнувањето и завршувањето на учебната година и термините на одржување на трите испитни сесии, соодветно.

Врз основа на Универзитетскиот календар, наставно-научните, односно научните совети на единиците на Универзитетот донесуваат календар на активностите за академската 2018/2019 година и го објавуваат преку своите гласила.

Универзитетскиот календар е објавен на интернет-страницата на Универзитетот, на следниов линк:

*http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/153_Univerzitetski%20kalendar%202018-19.pdf*

## *МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО ОКТА*

Во извештајната 2017/2018 година, Универзитетот ја збогати соработката со стопанството со потпишувањето на два меморандума за соработка со компанијата Окта АД – Скопје, и тоа: едниот, на 19 септември 2017 година, а вториот, кој претставува продолжување на соработката, беше потпишан на 31 август 2018 година.

Во учебната 2017/2018 година, соработката овозможи стипендирање на 10 студенти на втор циклус студии на следниве пет факултети во рамките на Универзитетот: Економскиот факултет, за студенти на студиската програма *МБА-менаџмент*, Машинскиот факултет, на студиските програми: *Индустриско инженерство и менаџмент*, *Материјали, заварување и конструктивно инженерство* и *Одржлива енергија и развој (наставата се изведува на англиски јазик)*; на Факултетот за електротехника и информациски технологии, стипендиите се предвидени за студиските програми: *Обновливи извори на енергија* и *Електроенергетски системи*, на Технолошко-металуршкиот факултет ќе бидат опфатени студиските програми: *Дизајн и менаџмент на технолошки процеси* и *Менаџмент на квалитет*, а на Природно-математичкиот факултет, студиската програма *Применета хемија*.

Во учебната 2018/2019, пак, соработката ќе овозможи стипендирање на вкупно 10 студенти на втор циклус студии на следниве шест факултети во рамките на Универзитетот: по две стипендии ќе бидат доделени на Машинскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии, Технолошко-металуршкиот факултет и Природно-математичкиот факултет, а по една, на студенти од Економскиот факултет и Факултетот за земјоделски науки и храна.

Со потпишувањето на Меморандумот од страна на ректорот на УКИМ, проф. д-р Никола Јанкуловски, и главниот извршен директор на компанијата ОКТА АД –

Скопје, Јанис Геруланос, се зајакнува врската помеѓу Универзитетот, бизнис-секторот и општеството. Потпишувањето на Меморандумот, исто така, значи продолжување на повеќегодишната соработка меѓу Универзитетот и ОКТА, преку реализирање на редовната програма за практиканти, како и поддршката од страна на компанијата на различните активности поврзани со унапредување на наставно-образовните процеси.

## *ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ*

### Конституиран нов Стручен совет за докторски студии

Универзитетскиот сенат, на својата 14. седница одржана на 2.10.2017 година, по Одлука арх.бр. 02-759/42, го утврди новиот состав на Стручниот совет, и тоа:

1. ***проф. д-р Вујица Живковиќ***, проректор за настава, претседател;
2. ***проф. д-р Владимир Петрушевски***, проректор за наука;
3. ***проф. д-р Срекко Георгиевски***, Факултет за земјоделски науки и храна, член;
4. ***проф. д-р Владимир Димчев***, Факултет за електротехника и информациски технологии, член;
5. ***проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова***, Правен факултет „Јустинијан Први“, член;
6. ***проф. д-р Соња Топузовска***, Медицински факултет, член;
7. ***проф. д-р Вероника Шендова***, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, член.

Мандатот на членовите на ССДС е 4 години.

### Стручен совет за докторски студии

Стручниот совет за докторски студии во академската 2017/2018 година одржа 8 седници (од 74. до 81. седница).

#### *Проекти од трет циклус студии*

Во периодот од септември 2017 до септември 2018 година, од страна на Стручниот совет за докторски студии, врз основа на предлозите на единиците и на придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии, а по

претходно мислење од Ректорската управа на Универзитетот, беа доставени предлози до Универзитетскиот сенат за акредитација на нови студиски програми и повторна акредитација на студиски програми за докторски студии.

Подолу е даден преглед на проектите од трет циклус студии усвоени од Универзитетскиот сенат.

Проекти за акредитација на нови студиски програми

1. Проект за воведување на студиската програма **Теолошки науки,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: хуманистички науки, предлагач и организатор: Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“.

2. Проект за воведување на студиската програма **Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности,** од трет циклус – докторски студии, научно подрачје: хуманистички науки, предлагач и организатор: Факултет за драмска уметност.

Проекти за повторна акредитација

1. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Социологија,** трет циклус - докторски студии, од подрачјето на општествените науки (предлагач и организатор: Филозофски факултет).

2. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Биологија,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на природно-математичките науки (предлагач и организатор: Природно-математички факултет).

3. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Хемија,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: природно-математички науки (предлагач и организатор: Природно-математички факултет).

4. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Фармација,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: медицински науки и здравство (предлагач и организатор: Фармацевтски факултет).

5. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Математички науки и примена,** од трет циклус – докторски студии,

научно подрачје: природно-математички науки (предлагач и организатор: Природно-математички факултет).

6. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Историски науки,** од трет циклус – докторски студии, научно подрачје: хуманистички науки (предлагач и организатор: Филозофски факултет).

7. Проект за повторна акредитација на студиската програма Г**радежништво,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: техничко-технолошки науки (предлагач и организатор: Градежен факултет).

8. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Машинство**, од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: техничко-технолошки науки (предлагач и организатор: Машински факултет).

9. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Индустриско инженерство и менаџмент,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: техничко-технолошки науки (предлагач и организатор: Машински факултет).

10. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Информатика,** од трет циклус – докторски студии, научно подрачје: природно-математички науки (предлагач и организатор: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство).

11. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Компјутерски науки и инженерство,** од трет циклус - докторски студии, научно подрачје: техничко-технолошки науки (предлагач и организатор: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство).

12. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Географија,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на природно-математичките науки (предлагач и организатор: Природно-математички факултет).

13. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Безбедност, одбрана и мир,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на општествените науки (предлагач и организатор: Филозофски факултет).

14. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Наука за јазик,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на хуманистичките науки (предлагач и организатор: Филолошки факултет „Блаже Конески“).

15. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Наука за книжевност,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на хуманистичките науки (предлагач и организатор: Филолошки факултет „Блаже Конески“).

16. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Македонистика,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на хуманистичките науки (предлагач и организатор: Институт за македонска литература, ЈНУ Институт за македонски јазик и Филолошки факултет „Блаже Конески“).

17. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Физика,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на природно-математичките науки (предлагач и организатор: Природно-математички факултет).

18. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Правни науки,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на општествените науки (предлагач и организатор: Правен факултет „Јустинијан Први“).

19. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Политички науки**, од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на општествените науки (предлагач и организатор: Правен факултет „Јустинијан Први“).

20. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Музички науки,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на хуманистичките науки (предлагач и организатор: Факултет за музичка уметност).

21. Проект за повторна акредитација на студиската програма **Музичка интерпретација и композиција,** од трет циклус - докторски студии, од подрачјето на хуманистичките науки (предлагач и организатор: Факултет за музичка уметност).

***Конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2018/2019 година***

Согласно со член 236, став 2, алинеја 2 од Статутот на Универзитетот, Стручниот совет за докторски студии, на својата 78. седница одржана на 2.3.2018 година, го донесе Предлог-конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2018/2019 година, и го проследи на потврдување до Ректорската управа. Предлог-конкурсот е подготвен врз основа на предлозите на единиците и на придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии. Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Одлуката на Ректорската управа бр. 02 – 384/2, донесена на 226. седница одржана на 15.3.2018 година, Одлуката од Владата на Република Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 44-4494/1 од 2 мај 2018 година (Сл. весник бр.84/2018) и Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 44-5167/1 од 15 мај 2018 година (Сл. весник бр.93/2018), Универзитетот, на 13.6.2018 година, во дневниот весник „Нова Македонија“, објави КОНКУРС за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2018/2019 година. Во оваа академска година, предвидени беа два уписни рока, и тоа: првиот во месец септември и вториот во месец декември 2018 година.

Во објавениот Конкурс место заседоа оние студиски програми кои во тој момент ги исполнуваа законските барања, и тоа:

| Студиска програма (организатор/и) |
|---|
| **Физика** - Природно-математички факултет |
| **Хемија** - Природно-математички факултет |
| **Биологија** – Природно-математички факултет<br>*Биологија - молекуларна биологија*<br>*Биологија - екологија*<br>*Биологија - таксономија*<br>*Биологија - биохемија и физиологија* |

| Студиска програма<br>(организатор/и) |
|---|
| **Градежништво** - Градежен факултет<br>*Градежништво, модул: конструкции*<br>*Градежништво, модул: хидротехника*<br>*Градежништво, модул: геотехника*<br>*Градежништво, модул: сообраќајно инженерство*<br>*Градежништво,модул: организација, технологија и менаџмент во градежништвото* |
| **Електротехника и информациски технологии** – Факултет за елетротехника и информациски технологии |
| **Метрологија** - Факултет за електротехника и информациски технологии |
| **Технологија** - Технолошко-металуршки факултет |
| **Металургија** - Технолошко-металуршки факултет |
| **Медицина** – Медицински факултет<br>*Медицински науки и здравство - клиничка медицина*<br>*Медицински науки и здравство - молекуларна медицина*<br>*Медицински науки и здравство - базична медицина* |
| **Стоматологија** - Стоматолошки факултет<br>*Стоматологија - стоматолошка протетика*<br>*Стоматологија - орална хирургија*<br>*Стоматологија - максилофацијална хирургија*<br>*Стоматологија - дентална патологија*<br>*Стоматологија - орална патологија и пародонтологија*<br>*Стоматологија – ортодонција*<br>*Стоматологија - детска и превентивна стоматологија* |
| **Јавно здравство** – Медицински факултет |
| **Фармација** – Фармацевтски факултет |
| **Ветеринарна медицина** - Факултет за ветеринарна медицина |
| **Безбедност на храна** - Факултет за ветеринарна медицина |
| **Анимална биотехнологија** - Факултет за земјоделски науки и храна |
| **Агроекономика** - Факултет за земјоделски науки и храна |
| **Заштита на растенијата (фитомедицина)** - Факултет за земјоделски науки и храна |
| **Квалитет и безбедност на земјоделски производи** - Факултет за земјоделски науки и храна |
| **Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството** - Факултет за земјоделски науки и храна |
| **Растителна биотехнологија** - Факултет за земјоделски науки и храна |

| Студиска програма (организатор/и) |
|---|
| **Економски науки –** Економски факултет и Економски институт |
| **Кинезиологија** – Факултет за физичко образование, спорт и здравје |
| **Рано детско воспитание и образование -** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ |
| **Дефектологија –** Филозофски факултет |
| **Организациони науки и управување (менаџмент) –** Економски факултет, Економски институт и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| **Политички науки** – Правен факултет „Јустинијан Први“ |
| **Демократија во услови на глобализација** - Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| **Правни науки** – Правен факултет „Јустинијан Први“ |
| **Меѓународни односи и менаџирање на конфликти** – Филозофски факултет и Школа за глобални студии при Универзитетот во Гетеборг, Шведска |
| **Социологија на окружувањето** – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| **Социологија на организација** – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| **Психологија -** Филозофски факултет |
| **Историја на Македонија** – ЈНУ Институт за национална историја |
| **Фолклористика**- Институт за фолклор „Марко Цепенков“ |
| **Образование на наставници (за примарното образование) -** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ |

Врз основа на Одлуката за изменување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи, бр. 44-7306/1 од 24 јули 2018 година, на Владата на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 142/2018), ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје донесе Одлука за објавување на дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2018/2019 година, и тоа за:

| Студиска програма (организатор/и) |
|---|
| **Научно подрачје на природно математички науки** |
| Информатика – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство |
| **Научно подрачје на техничко-технолошките науки** |
| Земјотресно инженерство - Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |
| Машинство – Машински факултет |
| Индустриско инженерство и менаџмент – Машински факултет |

| Студиска програма (организатор/и) |
|---|
| **Научно подрачје на општествените науки** |
| Социологија – Филозофски факултет |
| **Научно подрачје на хуманистичките науки** |
| Сценскоизведувачки уметности и аудиовизуелни уметности - Факултет за драмски уметности |
| Културолошки студии - ЈНУ Институт за македонска литература |

Листата на потенцијални ментори со број на слободни места по студиски програми и потпрограми, Школата за докторски студии ја објавува на веб-страницата во продолжение на Конкурсот.

***Реализација на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2017/2018 година.***

Примени кандидати по Конкурсот за академската 2017/2018 година на трет циклус - докторски студии на студиските програми при Школата за докторски студии

| Примени студенти на трет циклус студии на студиските програми при Школата за докторски студии на УКИМ – Скопје, 2017/2018 година | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Студиска програма и организатор** | **Запишани** |
| | **Природно-математички науки** | |
| 1 | Биологија - Природно-математички факултет | 1 |
| 2 | Физика - Природно-математички факултет | 3 |
| 3 | Географија – Природно-математички факултет | |
| 4 | Хемија - Природно-математички факултет | 1 |
| 5 | Математички науки и примена - Природно-математички факултет | 1 |
| 6 | Информатика – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 2 |
| | **Техничко-технолошки науки** | |
| 1 | Градежништво - Градежен факултет | |
| 2 | Земјотресно инженерство - Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија | 2 |
| 3 | Електротехника и информациски технологии – Факултет за електротехника и информациски технологии | |

| Примени студенти на трет циклус студии на студиските програми при Школата за докторски студии на УКИМ – Скопје, 2017/2018 година | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Студиска програма и организатор** | **Запишани** |
| 4 | Метрологија – Факултет за електротехника и информациски технологии | |
| 5 | Машинство - Машински факултет | 3 |
| 6 | Индустриско инженерство и менаџмент - Машински факултет | 1 |
| 7 | Технологија – Технолошко-металуршки факултет | 1 |
| 8 | Металургија – Технолошко-металуршки факултет | |
| 9 | Компјутерски науки и инженерство - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 9 |
| | **Медицински науки и здравство** | |
| 1 | Медицина – Медицински факултет | 61 |
| 2 | Јавно здравство - Медицински факултет | 1 |
| 3 | Стоматологија - Стоматолошки факултет | |
| 4 | Фармација - Фармацевтски факултет | 8 |
| | **Биотехнички науки** | |
| 1 | Безбедност на храна - Факултет за ветеринарна медицина | |
| 2 | Ветеринарна медицина - Факултет за ветеринарна медицина | 1 |
| 3 | ФЗНХ | |
| | **Општествени науки** | |
| 1 | Правни науки - Правен факултет „Јустинијан Први“ | |
| 2 | Политички науки - Правен факултет „Јустинијан Први“ | |
| 3 | Комуниколошки науки - Правен факултет „Јустинијан Први“ | |
| 4 | Демографија – Економски факултет и Економски институт | |
| 5 | Економски науки – Економски факултет и Економски институт | 10 |
| 6 | Организациски науки и управување (менаџмент) – Економски факултет, Економски институт и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | 12 |
| 7 | Статистички методи за бизнис и економија – Економски факултет и Економски институт | 2 |
| 8 | Психологија - Филозофски факултет | 1 |
| 9 | Педагогија - Филозофски факултет | |
| 10 | Рано детско воспитание и образование - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | |

| Примени студенти на трет циклус студии на студиските програми при Школата за докторски студии на УКИМ – Скопје, 2017/2018 година | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Студиска програма и организатор | Запишани |
| 11 | Дефектологија – Филозофски факултет | 4 |
| 12 | Социологија - Филозофски факултет | |
| 13 | Социологија на окружување - ИСППИ | 1 |
| 14 | Социологија на организација - ИСППИ | 2 |
| 15 | Демократија во услови на глобализација - ИСППИ | 4 |
| 16 | Социјална работа и социјална политика - Филозофски факултет | 1 |
| 17 | Безбедност, одбрана и мир - Филозофски факултет | 1 |
| 18 | Меѓународни односи и менаџирање на конфликти - Филозофски факултет и Школа за глобални студии при Универзитетот во Гетеборг, Шведска | 1 |
| 19 | Образование на наставници (за примарно образование) - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | 1 |
| 20 | Кинезиологија – Факултет за физичко образование, спорт и здравје | 10 |
| | **Хуманистички науки** | |
| 1 | Историја – Филозофски факултет и Институт за национална историја | |
| 2 | Историја на Македонија - ИНИ | 5 |
| 3 | Културна историја на Македонија - ИНИ | 2 |
| 4 | Историја на уметност и археологија – Филозофски факултет | 3 |
| 5 | Филозофија – Филозофски факултет | |
| 6 | Класична филологија - Филозофски факултет | |
| 7 | Македонистика – Филолошки факултет „Блаже Конески“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Институт за македонска литература | 3 |
| 8 | ФДУ | |
| 9 | ФМУ | 3 |
| 10 | Културологија – Институт за македонска литература | |
| 11 | Наука за книжевност - Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 3 |
| 12 | Наука за јазик – Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 5 |
| 13 | Етнологија - ПМФ | |

## Предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување

По предлог на носителите на студиските програми, а по препораки на Стручниот совет за докторски студии од академската 2017/2018 година, наставата на предметите за стекнување генерички знаења и вештини за истражување се реализираше по наставни програми, и тоа:

- Предметот Научноистражувачка етика се трансформираше во група предмети под назив: НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ЕТИКА СО ПРИМЕНА И ПРИМЕРИ ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ЗДРАВСТВО, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ - ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ.

- Предметите од групата предмети Методологија на истражување се трансформираа во група предмети под назив: МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА СО ПРИМЕНА И ПРИМЕРИ ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ЗДРАВСТВО, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ - ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ НА ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ.

Предметните програми се состојат од: општ дел (30 % од часовите), кој го слушаат сите студенти; посебен дел, по одделните научни подрачја (70 % од часовите), кој го слушаат студентите по свој избор, и кој го предаваат наставници од различни полиња.

### ***Реализација на докторски семинари и годишни конференции во зимски и летен семестар во академската 2017/2018 година.***

1. Период на реализација: од 6 до 18.12.2017 година.

   117 презентери (22 општествени науки; 70 медицински науки; 18 технолошки науки; 1 биотехничка наука; 4 природно-математички науки; 2 хуманистички науки).

   Локации на одржување: Факултет за електротехника и информациски технологии, Филозофски факултет, Машински факултет, Стоматолошки факултет, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Медицински факултет.

2. Период на реализација: од 4.5. до 21.15.2018 година.

250 презентери (67 општествени науки; 72 медицински науки; 31 технолошка наука; 4 биотехнички науки; 31 природно-математичка наука; 45 хуманистички науки).

Локации на одржување: Филозофски факултет, Машински факултет, Правен факултет „Јустинијан Први", Стоматолошки факултет, Факултет за драмски уметности, Фармацевтски факултет, Медицински факултет, Институт за македонска литература, Економски факултет, Природно-математички факултет, Ректорат на Универзитетот.

***Работен состанок на Стручниот совет за докторски студии и раководителите на студиските програми на трет циклус - докторски студии.***

На 3.4.2018 година, со почеток во 10,00 часот, во просториите на Ректоратот на УКИМ, се одржа заеднички состанок на членовите на Стручниот совет за докторски студии и раководителите на студиските програми на трет циклус - докторски студии.

На состанокот беше заклучено дека постојат голем број недоречености во стариот Правилник, кои треба, преку изработка на нов, да се коригираат и да се усогласат, сè со цел Правилникот во целост да ги задоволи потребите и барањата на третиот циклус. Во таа насока, предложено и прифатено беше да се испрати прашалник до сите раководители на студиските програми, во кој ќе се нотираат сите нивни забелешки. Тоа беше реализирано, по што добиените одговори беа основ за изработка на нов Правилник. Од страна на ректорот, на 2.7.2018 година, со Одлука бр. 21-771/1, формирана беше Работна група за изготвување Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

***Академски календар на Школата за докторски студии***

Согласно со член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а врз основа на Одлуката на Универзитетскиот сенат бр. 02-630, донесена на 22. седница на Универзитетскиот сенат, Стручниот совет за докторски студии утврди Академски календар за Школата за докторски студии за академската 2018/2019 година. Врз основа на ова, Стручниот совет за докторски студии, заклучи:

Академскиот календар за Школата за докторски студии, за академската 2018/2019 година, има за цел попрецизно утврдување на термините на активностите на Школата за докторски студии.

Академскиот календар за Школата за докторски студии, за академската 2018/2019 година, е во согласност со Глобалниот календар на активности и неработни денови во учебната 2018/2019 година на Универзитетот.

Академскиот календар за Школата за докторски студии, за академската 2018/2019, година се утврдува согласно со активностите предвидени во структурата на студиските програми на трет циклус - докторски студии при Школата за докторски студии.

***Ментори на трет циклус***

Професорите кои се јавуваат како ментори при Школата за докторски студии ги исполнуваат критериумите за ментор на трет циклус - докторски студии, утврдени во одредбите на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високо-образовна установа и вршење високообразовна дејност. Менторите се дел од Листата на ментори на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Р Македонија.

Бројот на студентите кои се запишуваат на студиските програми за сите три години на докторските студии е во согласност со бројот на расположливите ментори.

# ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Издавачката дејност во овој период беше насочена повеќе кон електронското издаваштво и поддршка на издавање на научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, како и научни стручни списанија на единиците на Универзитетот.

Во рамките на Универзитетот, во врска со издавачката дејност, функционира Комисија за издавачка дејност на Универзитетот, која на седници ги разгледува барањата и потребите на Универзитетот и единиците во негов состав.

Одржани беа 6 редовни седници.

Во извештајниов период беше реализиран Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за изданија во електронска форма, Е-издаваштво, кој беше распишан и споменат во периодот од претходниот извештаен период.

Пријавените учебници и учебни помагала, за кои Комисијата за издавачка дејност утврди дека ги исполнуваат условите и критериумите согласно со Конкурсот, законските прописи и одредбите од Правилникот за издавачката дејност на Универзитетот, се објавени на веб-страницата на Универзитетот. На соодветна локација на интернет-страницата на Универзитетот, на студентите им се достапни е-изданија на 10 учебници од 16 автори, 6 учебни помагала од 12 автори и 2 учебника со практикуми од 1 автор, од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, Градежниот факултет во Скопје, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Природно-математичкиот факултет во Скопје, Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Стоматолошкиот факултет во Скопје и Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Во извештајниот период, објавени се следниве учебници и учебнни помагала:

1. ***Социологија на физичкото образование и спорт***, *проф. д-р Иван Анастасовски*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017, Договор бр. 11-370/1 од 4.4.2018 година)

2. ***Пиланска технологија на дрвото***, *проф. д-р Бранко Рабаџиски*, учебно помагало, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)

3. ***Математика***, *д-р Марија Оровчанец* и *д-р Биљана Крстеска*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
4. ***Математика II***, од *д-р Драган Димитровски*, *д-р Весна М. Ераковиќ* и *д-р Ѓорѓи Маркоски*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
5. ***Збирка задачи по математика***, од *д-р Марија Оровчанец* и *д-р Биљана Крстеска*, учебно помагало, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
6. ***Методика на ликовно образование***, со ***Практикум за вежби***, од *д-р Маја Рауник-Кирков*, учебно помагало, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
7. ***Методика на ликовно воспитание***, со ***Практикум за вежби***, од *д-р Маја Рауник-Кирков*, учебно помагало, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
8. ***Новите репродуктивни технологии и правото***, од *д-р Дејан Мицковиќ*, *д-р Елена Игнатовска* и *д-р Ангел Ристов* (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
9. ***Детска стоматологија***, од *д-р Златко Георгиев* и *д-р Ана Сотировска-Ивковска*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1 од 7.5.2018 година)
10. ***Евалуацијата во наставата по француски и по италијански јазик***, од *д-р Радица Никодиновска* и *д-р Мира Трајкова*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-5 од 13.8.2018 година)
11. ***Вовед во граматиката на италијанскиот јазик***, од *д-р Руска Ивановска-Наскова*, учебник, 1. издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-6 од 13.8.2018 година)

12. ***Проектирање на системи на автоматско управување***, од *д-р Елизабета Лазаревска*, учебник, 1. (прво) издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-10 од 13.8.2018 година)

13. ***Решени задачи од областа моделирање, симулација и идентификација на динамички системи***, од *проф. д-р Елизабета Лазаревска*, учебно помагало, 1. (прво) издание (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-11 од 13.8.2018 година)

14. ***Вовед во математика за инженери***, *Соња Геговска-Зајкова, Катерина Хаџи-Велкова Санева, Елена Хаџиева, Марија Кујумџиева-Николоска, Анета Бучковска, Билјана Јолевска-Тунеска, Билјана Начевска-Настовска, Весна Андова, Сања Атанасова*, учебно помагало, 1. (прво) издание, (Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-12од 13.8.2018 година)

15. ***Театар: предизвик - студии и есеи***, од *д-р Ана Стојаноска*, учебник, 1. (прво) издание, Одлука бр. 11-930/4-1 од 6.11.2017 година и бр. 11-930/1 од 6.12.2017 година, Договор бр. 11-591/1-18 од 13.8.2018 година).

Врз основа на согласност, односно претходно склучен договор со авторите, учебниците и учебните помагала објавени во електронска форма, односно поставени на веб-страницата на Универзитетот се со отворен пристап и се користат како литература за предметните програми за кои се наменети.

Од средствата наменети за остварување на интегративните функции, согласно со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции, врз основа на барања на единиците во состав на Универзитетот, доделени се финансиски средства за покривање на трошоци за издавање на списанија со меѓународен уредувачки одбор и за стручни научни списанија, и тоа:

- на Економскиот институт во Скопје, за меѓународното научно списание *Economic Development- Економски развој - Journal of the Institute of Economics-Skopje;*

- на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, за списанието ANNUAL of ISPJR;

- на Природно-математичкиот факултет во Скопје, за списанието *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineerind-MJCCE*, кое е со фактор на влијание (impact factor);

- на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за стручното списание „Педагошка ревија за 2017 година“;
9. R. Bugiardini, E. Cenko, B. Ricci, Z. Vasiljevic, M. Dorobantu, S. Kedev, M. Vavlukis, O. Kalpak, P. E. Puddu, O. Gustiene, D. Trninic, B. Knežević, D. Miličić, C. P. Gale, O. Manfrini, A. Koller, L. Badimon, COMPARISON OF EARLY VERSUS DELAYED ORAL $\beta$ BLOCKERS IN ACUTE CORONARY SYNDROMES AND EFECT ON OUTCOMES, American journal of Cardiology 117, 760–767 (2016). IF = 3.154

10. Mile Bosilkovski, Viktor Kamilovski, Silvana Miskova, Danco Balalovski, Vesna Kotev-ska, Mile Petrovski, TESTICULAR INFECTION IN BRUCELLOSIS: REPORT OF 34 CASES, Journal of Microbiology, Immunology and Infection DOI:10.1016/j.jmii.2016.02.004 (2016). IF = 2.973

11. Morten Lindhardt, Frederik Persson, Gemma Currie, Claudia Pontillo, Joachim Beige, Christian Delles, Heiko von der Leyen, Harald Mischak, Gerjan Navis, Marina Noutsou, Alberto Ortiz, Piero Luigi Ruggenenti, Ivan Rychlik, Goce Spasovski, Peter Rossing, PROTEOMIC PREDICTION AND RENIN ANGIOTENSIN ALDOSTERONE SYSTEM INHIBITION PREVENTION OF EARLY DIABETIC NEPHROPATHY IN TYPE 2 DIABETIC PATIENTS WITH NORMOALBUMINIURIA (PRIORITY): ESSENTIAL STUDY

DESIGN AND RATIONALE OF A RANDOMISED CLINICAL MULTICENTRE TRIAL, BMJ Open 6, DOI: 10.1136/bmjopen-2015-010310 (2016). IF = 2.369

12. Mile Bosilkovski, Marjan Zezoski, Dijana Siskova, Silvana Miskova, Vesna Kotevska, Nikola Labacevski, CLINICAL CHARACTERISTICS OF HUMAN BRUCELLOSIS IN PATIENTS WITH VARIOUS MONOARTICULAR INVOLVMENTS, Clinical Rheumatology 35, 2579–2584 (2016). IF = 2.365

13. Katerina Kasapinova, Viktor Kamilovski, THE CORRELATION OF INITIAL RADIOGRAPHIC CHARACTERISTICS OF DISTAL RADIUS FRACTURES AND INJURIES OF THE TRIANGULAR FIBROCARTILAGE COMPLEX, The Journal of Hand Surgery 41E, 516–520 (2016). IF = 2.191

14. Petar Avramovski, Maja Avramovska, Aleksandar Sikole, B-FLOW IMAGING ESTIMATED OF CAROTID AND FEMORAL ATHEROSCLEROTIC PLAQUES VESSEL WALLS RHEOLOGICAL DAMAGE OR STRONG PREDICTOR OF CARDIOVASCULAR MORTALITY IN CHTONIC DIALYSIS PATIENTS, International Urology and Nephrology DOI: 10.1007/s11255-016-1393-x (2016). IF = 1.564

15. Francesco Locatelli, Goce Spasovski, Nada Dimkovic, Christoph Wanner, LONG-TERM EVALUATION OF COLESTILAN IN CHRONIC KIDNEY DISEASE STAGE 5 DIALYSIS PATIENTS WITH HYPERPHOSPHATAEMIA, Blood Purification 41, 247–253 (2016). IF = 1.535

16. Petar Avramovski, Maja Avramovska, Miroslav Lazarevski, Aleksandar Sikole, FEMORAL NECK AND SPINE BONE MINERAL DENSITY-SURROGATE MARKER OF AORTIC CALCIFICATION IN POSTMENOPAUSAL WOMEN, The Anatolian Journal of Cardiology 16, 202–209 (2016). IF = 1.190

17. Pavlina Dzekova-Vidimliski, Aleksandar Sikole, HEPATITIS C VIRUS INFECTION IN MAINTENENCE HEMODIALYSIS PATIENTS: RECOMMENDATIONS FOR DIAGNOSTICS AND TREATMENT, International Journal of Artificial Organs 39, 590–595 (2016). IF = 1.169

18. M. Sofronievska, S. Ristovski, M. Kochubovski, A. Glavinov, CHANGE IN RADIATION EXPOSITION IN PATIENTS WITH REAL COLIC 2004–2014, Journal of Environmental Protection and Ecology 17, 206–210 (2016). IF = 0.734

19. B. Georgievski, V. Kostik, L. Stojanovska-Georgievska, M. Kochubovski, Sh. Memeti, QUALITATIVE AND QUANTITATIVE ANALYSIS OF AFLATOXINS IN RAW PEANUTS (Arachis hypogaea L.), Journal of Environmental Protection and Ecology 17, 961–96910 (2016). IF = 0.734

20. Sanja Mancevska, Filip Koneski, Jasmina Pluncevic Gligoroska, Julijana Nikolovska, Vasilka Rendzova, Joseph Tecce, FACTORS RELATED TO HIGH ANXIETY AND DEPRESSION IN DENTISTRY STUDENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Iranian Journal of Public Health 45, 1515–1517. IF = 0.768

НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ

## Шумарски факултет

1. R. Spinelli, E. Cacot, M. Mihelic, Lj. Nestorovski, P. Mederski, E. Tolosana, TECHNIQUES AND PRODUCTIVITY OF COPPICE HARVESTING OPERATIONS IN EUROPE: A METAANALYSIS OF AVAILABLE DATA, Annals of Forest Science 73, 1125–1139 (2016). IF = 2.101

2. M. Marzano, N. Dandy, I. Papazova-Anakieva, D. Avtzis, T. Connolly, R. Eschen, M. Glavendekić, B. Hurley, Å. Lindelöw, D. Matošević, R. Tomov, A. M. ASSESSING AWARENESS OF TREE PESTS AND PATHOGENS AMONGST TREE PRO¬FESSIONALS: A PAN-EUROPEAN PERSPECTIVE, Forest Policy and Economics 70, 164–171 (2016). IF = 1.982

3. L. S. Bulman, R. E. Bradshaw, S. Fraser, J. Martín-García, I. Barnes, D. L. Musolin, N. La Porta, A. J. Woods, J. J. Diez, A. Koltay, R. Drenkhan, R. Ahumada, L. Poljakovic-Pajnik, V. Queloz, B. Piškur, H. T. Doğmuş-Lehtijärvi, D. Chira, V. Tomešová-Haataja, M. Georgieva, L. Jankovský, N. Anselmi, S. Markovskaja, I. Papazova-Anakieva, K. Sotirovski, J. Lazarević, K. Adamčíková, P. Boroń, H. Bragança, A. M. Vettraino, A. V. Selikhovkin, T. S. Bulgakov and K. Tubby, A WORLDWIDE PERSPECTIVE ON THE MANAGEMENT AND CONTROL OF DOTHISTROMA NEEDLE BLIGHT, Forest Pathology 46, 472–488 (2016). IF = 1.547

4. R. Drenkhan, V. Tomešová-Haataja, S. Fraser, R. E. Bradshaw, P. Vahalík, M. S. Mullett, J. Martín-García, L. S. Bulman, M. J. Wingfield, T. Kirisits, T. L. Cech, S. Schmitz, R. Baden, K. Tubby, A. Brown, M. Georgieva, A. Woods, R. Ahumada, L. Jankovský, I. M. Thomsen, K. Adamson, B. Marçais, M. Vuorinen, P. Tsopelas, A. Koltay, A. Halasz, N. La Porta, N. Anselmi, R. Kiesnere, S. Markovskaja, A. Kačergius, I. Papazova-Anakieva, M. Risteski, K. Sotirovski, J. Lazarević, H. Solheim, P. Boroń, H. Bragança, D. Chira, D. L. Musolin, A. V. Selikhovkin, T. S. Bulgakov, N. Keča, D.

Karadžić, V. Galovic, P. Pap, M. Markovic, L. Poljakovic Pajnik, V. Vasic, E. Ondrušková, B. Piškur, D. Sadiković, J. J. Diez, A. Solla, H. Millberg, J. Stenlid, A. Angst, V. Queloz, A. Lehtijärvi, H. T. Doğmuş-Lehtijärvi, F. Oskay, K. Davydenko, V. Meshkova, D. Craig, S. Woodward and I. Barnes, GLOBAL GEOGRAPHIC DISTRIBUTION AND HOST RANGE OF DOTHISTROMA SPECIES: A COMPREHENSIVE REVIEW, Forest pathology 46, 408–442 (2016). IF = 1.547

### Факултет за ветеринарна медицина

1. M. Wasniewski, I. Almeida, A. Baur, T. Bedekovic, D. Boncea, L. B. Chaves, D. David, P. De Benedictis, M. Dobrostana, P. Giraud, P. Hostnik, I. Jaceviciene, S. Kenklies, M. König, K. Mähar, M. Mojzis, S. Moore, S. Mrenoski, T. Müller, E. Ngoepe, M. Nishimura, T. Nokreki, N. Pejovic, M. Smreczak, B. Strandbygaraad, E. Wodak, F. Cliquet, FIRST INTERNATIONAL COLLABORATIVE STUDY TO EVALUATE RABIES ANTIBODY DETECTION METHOD FOR USE IN MONITORING THE EFFECTIVENESS OF ORAL VACCINATION PROGRAMS IN FOX AND RACCOON DOG IN EUROPE, Journal of Virological Methods 237, 77–85 (2016). IF = 1.693

2. Svetlana Trifunović, Milica Manojlović-Stojanoski, Nataša Ristić, Branka Šošić-Jurijević, Snežana Raus Balind, Gordana Brajković, Florina Popovska-Perčinić, Verica Milošević, EFFECTS OF PROLONGED ALCOHOL EXPOSURE ON SOMATO¬TROPHS AND CORTICOTROPHS IN ADULT RATS: STEREOLOGICAL AND HORMONAL STUDY, Acta Histochemica 118, 353–360 (2016). IF = 1.360

3. Branko Angjelovski, Aleksandar Cvetkovikj, Slavcho Mrenoski, Miroslav Radeski, Iskra Cvetkovikj, Marija Ratkova, Toni Dovenski, BACTERIA ASSOCIATED WITH CLINICAL POSTPARTUM DYSGALACTIA SYNDROME IN FARMED SOWS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Turkish Journal of Veterinary and Animal Sciences 40, 776–781 (2016). IF = 0.449

4. Başak Küçükçakan, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Zehra Hajrulai-Musliu, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Risto Uzunov, Katerina Davcheva, DETERMINATION OF OCHRATOXIN-A IN CATTLE LIVER BY HPLC-FD METHOD, Kafkas Universitesi Veteriner Fakultesi Dergisi 22, 1–5 (2016). IF = 0.432

### Факултет за земјоделски науки и храна

1. Aleksandra Martinovska Stojchevska, Ana Kotevska, HOW DO FARMERS RESPOND TO RURAL DEVELOPMENT POLICY CHALLENGES? EVIDENCE

FROM MACEDONIA, SERBIA AND BOSNIA AND HERZEGOVINA, Land Use Policy 59, 71–83 (2016). IF = 3.089

2. B. O. Fragomeni, D. A. L. Lourenco, S. Tsuruta, S. Andonov, K. Gray, Y. Huang, I. Misztal, MODELING RESPONSE TO HEAT STRESS IN PIGS FROM NUCLEUS AND COMMERCIAL FARMS IN DIFFERENT LOCATIONS IN THE UNITED STATES, Journal of Animal Science 94, 4789–4798 (2016). IF = 2.014

3. Biljana Petanovska-Ilievska, Lenche Velkoska-Markovska, Mirjana S. Jankulovska, DEVELOPMENT OF REVERSED-PHASE HIGH-PERFORMANCE LIQUID CHROMA¬TOGRAPHY, Acta Chromatographica 29, DOI: 10.1556/1326.2017.29.3.05 (2016). IF = 0.571

4. Zoran T. Popovski, Elizabeta Miskoska-Milevska, Sreten Andonov, ASSOCIATIONS OF BIOCHEMICAL CHANGES AND MATERNAL TRAITS WITH MUTATION 1843 (C>T) IN RYR1 GENE AS A COMMON CAUSE FOR PORCINE STRESS SYNDROME, Balkan journal of medical genetics 19, 75–80 (2016). IF = 0.463

5. Vjekoslav Tanaskovik, Ordan Cukaliev, Rameshwar S. Kanwar, Lee. K. Heng, Mile Markoski, Velibor Spalevic, NITROGEN FERTILIZER USE EFFICIENCY OF PEPPER AS AFFECTED BY IRRIGATION AND FERTILIZATION REGIME, Notulae Botanicae Horti Agrobotanici Cluj-Napoca 44, 525–532 (2016). IF = 0.451

6. Marko Maras, Afrodita Ibusoska, Suzana Kratovalieva, Rukie Agić, Jelka Šuštar-Vozlič, Vladimir Meglič, GENETIC DIVERSITY OF COMMON BEAN ACCESSIONS FROM FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA AS REVEALED BY MOLECULAR AND MORPHOLOGICAL MARKERS, Genetika Belgrade 48, 729–742 (2016). IF = 0.351

7. Ana Marjanović Jeromela, Aleksandra Dimitrijević, Sreten Terzić, Aleksandar Mikić, Jovanka Atlagic, Dragana Miladinović, Mirjana Jankulovska, Jasna Savić, Wolfgang Friedt, APPLYING MENDELIAN RULES IN RAPESEED (Brassica napus) BREEDING, Genetika Belgrade 48, 1077–1086 (2016). IF = 0.351

8. Dane Boshev, Mirjana Jankulovska, Sonja Ivanovska, Ljupcho Jankuloski, ASSES¬MENT OF WINTER WHEAT ADVANCED LINES BY USE OF MULTIVARIATE STATISTICAL ANALYSES, Genetika Belgrade 48, 991–1001 (2016). IF = 0.351

НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

## Економски факултет

1. Mijalce Santa, Selmin Nurcan, LEARNING ORGANIZATION MODELLING PATTERNS, Knowledge Management Research & Practice 14, 106–125 (2016). IF = 1.013

2. Borce Trenovski, Ilina Mangova, Nikola Levkov, THE LEVEL OF FISCAL TRANSPARENCY AND ACCOUNTABILITY OF BUDGET USERS – EVIDENCE FROM MACEDONIA, International Journal of Public Policy 12, 210–242 (2016). SCIMAGO

3. Katerina Toševska-Trpčevska, Dragan Tevdovski, TRADE FACILITATION INDICATORS AND THEIR POTENTIAL IMPACT ON TRADE BETWEEN THE COUNTRIES OF SOUTH-EASTERN EUROPE, Scientific Annals of Economics and Bussiness 63, 347–362 (2016). SCIMAGO

4. Goran Petrevski, Jane Bogoev, Dragan Tevdovski, FISCAL AND MONETARY POLICY EFFECTS IN THREE SOUTH EASTERN EUROPEAN ECONOMIES, Empirical Economics 50, 415–441 (2016). IF = 0.615

5. Sasho Arsov, Aleksandar Naumoski, DETERMINANTS OF CAPITAL STRUCTURE: AN EMPIRICAL STUDY OF COMPANIES FROM SELECTED POST-TRANSITION ECONOMIES, Zbornik radova ekonomskog fakulteta u Rijeci: časopis za ekonomsku teoriju i praksu 34, 119–146 (2016). SCIMAGO

6. Anita Ciunova-Shulevska, Christian Nedu Osakwe, Nikolina Palamidovska-Sterjadovska, COMPLEMENTARY IMPACT OF CAPABILITIES AND BRAND ORIENTATION ON SMBs PERFORMANCE, Journal of Bussiness Economics and Management 17, 1270–1285 (2016). SCIMAGO

7. Ivan-Damir Anić, Anita Ciunova-Shuleska, Sunčana Piri Rajh, Edo Rajh, Arnela Bevanda, DIFFERENCES IN CONSUMER DECISION-MAKING STYLES AMONG SELECTED SOUTH-EAST EUROPEAN COUNTRIES, Economic Research 29, 665–681 (2016). SCIMAGO

## Правен факултет „Јустинијан Први“

1. Mišo Dokmanović, Goran Koevski, Darko Spasevski, IS SOCIAL ENTERPRENEURSHIP ACHIEVABLE IN MACEDONIA? AN ANALYSIS OF THE HISTORICAL BACKGROUND, POTENTIALS AND PERSPECTIVES FOR CONCEPT DEVELOPMENT, Revija za socijalnu politiku 23,197–213 (2016). SCIMAGO

2. Aleksandar Stojkov, Thierry Warin, DRIVERS OF EUROPEAN TRANSITION COUNTRIES' EXTERNAL CURRENT ACCOUNTS: AN LSDVC APPROACH, Eastern European Economics 54, 405–436 (2016). IF = 0.288

### Факултет за физичко образование, спорт и здравје

1. Seryozha Gontarev, Ruzdija Kalac, PREDICTION OF PHYSICAL ACTIVITY FACTORS IN MACEDONIAN ADOLESCENTS, Journal of Physical Education and Sport 16, 88–96 (2016) SCIMAGO

2. Seryozha Gontarev, Ruzdija Kalac, Vujica Zivkovic, Vullnet Ameti, Agim Redjepi, ANTHROPOMETRICAL CHARACTERISTICS AND SOMATOTYPE OF YOUNG MACEDONIAN SOCCER PLAYERS, International Journal of Morphology 34, 160–167 (2016). SCIMAGO

3. Seryozha Gontarev, Ruzdija Kalac, Vullnet Ameti, Agim Redjepi,FACTORS ASSOCIATED WITH PHYSICAL ACTIVITY AMONG MACEDONIAN ADOLESCENTS IN ALBANIAN ETHNIC COMMUNITY, Iranian Journal of Public Health 45, 474–484 (2016). SCIMAGO

НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ

### Филолошки факултет „Блаже Конески“

1. Emilija Crvenkovska, KLIMENTOVA OHRIDSKA ŠKOLA I CRKVENOSLAVENSKI JEZIK MAKEDONSKE REDAKCIJE, Slovo 66, 109–137 (2016).

2. Емилија Црвенковска, ПРВОБИТНИОТ КОМПЛЕКС НА БОГОСЛУЖБЕНИ КНИГИ ПО ВИЗАНТИСКИ ОБРЕД („КОРПУСОТ НА КЛИМЕНТ“), Slověne 2, 1–30 (2016).

3. Marija Gjorgjieva Dimova, NARATIVNE MELIORACIJE POVIJESTI, Književna smotra 182, 23–29 (2016).

### Филозофски факултет

1. Vladimir Trajkovski, HOW TO SELECT APPROPRIATE STATISTICAL TEST IN SCIENTIFIC ARTICLES, Journal of Special Education and Rehabilitation 17 (3-4), 5–28 (2016).

2. Vladimir Trajkovski, THE ROLE OF ARTICLE LEVEL METRICS, Journal of Special Education and Rehabilitation 17 (1-2), 5–15 (2016).

3. Vladimir Trajkovski, IMMUNOGENETIC ASPECTS OF AUTISM SPECTRUM DISORDERS, Pediatrica Croatica 60 (Supl 1), 84–89 (2016).

4. Daniela Dimitrova-Radojichikj, Natasha Chichevska-Jovanova, Olivera Rashikj-Canevska, ATTITUDES OF THE MACEDONIAN PRESCHOOL TEACHERS TOWARD STUDENTS WITH DISABILITIES, Alberta Journal of Educational Research 62.2, 184–198 (2016).

5. Natasha Chichevska-Jovanova, RELATION BETWEEN QUALITY OF LIFE, CHOICE MAKING, AND FUTURE EXPECTATIONS IN ADULTS WITH INTELLECTUAL DISABILITY, Journal of Special Education and Rehabilitation 17 (3-4), 29–45 (2016).

6. Jasmina Naumoska, SUVREMENI METODOLOŠKI IZAZOVI U TUMAČENJU PREDSOKRATOVSKE FILOZOFIJE, Filozofska istraživanja 141, 5–14 (2016).

Висината на средствата кои се доделуваат изнесува 12,000.00 денари. Доколку постојат повеќе автори на еден труд, средствата се делат рамномерно меѓу сите автори, или, по исклучок, на носителот на работата (авторот за кореспонденција или првиот автор) му се доделува повисок износ на средства, доколку за тоа се согласат сите автори.

Конечно, исплата се направи само за оние автори кои немаа добиено финансиски средства за истите трудови од друго место. Авторите на кои им се доделени средства од Министерството за образование и наука или од друга институција и сл. за објавување на истиот труд, без оглед во кое списание, не беа дел од решението за исплата.

## *АЛУМНИ*

Во текот на периодот 2017-2018 година започна изработка на регистар на алумни на УКИМ. Право да се биде алумнус/алумна стекнуваат оние кандидати ШТО НЕ СЕ ВО РАБОТЕН ОДНОС НА УКИМ, а најмалку еден циклус на студии завршиле на УКИМ. Предност се дава на кандидати кои магистрирале и/или докторирале во странство. Единиците ги доставуваат своите предлози.

Во правец на ова, се започна и со претставување на дел од алумни-заедницата пред академската заедница на УКИМ. Досега се реализирани неколку предавања, и тоа:

- на 4 јуни 2018 г., м-р Томислав Чокревски, докторанд на Институтот за право, технологија и општество при Универзитетот во Тилбург (Холандија), одржа предавање под наслов: *Пребришани умови, испрани мозоци. Манипулација, индоктринација, лажни вести и*

*современ популизам: правото на слободна мисла во невротехнолошката постфактичка ера*;

- на 19 јуни 2018 г., проф. д-р Сашо Калајџиевски, од Универзитетот во Манитоба, Департман по математика, Винипег, Канада, одржа предавање под наслов: *Математичари, мистици, чуда - езотерични фрагменти од животите и делата на неколку славни математичари.*

## *ДОДЕЛЕНИ ТИТУЛИ И НАГРАДИ*

Во извештајниов период, Универзитетскиот сенат донесе Одлука за доделување на следново почесно звање и награди:

### Доделување на звањето почесен доктор на Универзитетот

На **11.4.2018** година, Комисијата за наука, Комисијата за настава и Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и во странство, на заедничка седница, донесоа одлука за доделување на титулата почесен доктор (DOCTOR HONORIS CAUSA) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во научното подрачје на медицинските науки и здравството, на проф. д-р **Фридрих Хербст,** визитинг-професор на Медицинскиот факултет и афирмиран стручњак, наставник и научник од научната област дигестивна хирургија од Медицинскиот универзитет во Виена.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Никола Јанкуловски, редовен професор на Медицинскиот фаултет, ректор, проф. д-р Росалинда Поповска, продекан на Медицинскиот факултет, и проф. д-р Александар Караѓозов, редовен професор на Медицинскиот факултет, изготви извештај и тој се објави во Билтенот на Универзитетот.

По завршената постапка, комисиите заклучија да ѝ предложат на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му предложи на Универзитетскиот сенат да донесе одлука за доделување на предложената почесна титула на проф. д-р Фридрих Хербст од Медицинскиот универзитет во Виена.

Почесната титула на проф. д-р Фридрих Хербст му беше доделена на 21 мај 2018 година во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### Награди за најдобро дипломираните студенти

На 16.2.2018 година, на свечен начин, доделени се пофалници и награди на најдобро дипломираните студенти во учебната 2015/2016 година, и тоа на:

1. **Игор Петровски**, дипломирал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на студиската програма Компјутерски науки и инженерство, со средна оценка 10,00.

2. **Марија Давчева**, дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје, на студиската програма Психологија, со средна оценка 10,00.

3. **Марко Јосимовски,** дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Е-бизнис, со средна оценка 10.00.

4. **Моника Стојанова,** дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, со средна оценка 10,00**.**

5. **Никола Цветковски**, дипломирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма Компјутерски технологии и инженерство, со средна оценка 10,00.

6. **Сашка Грујовска**, дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"  во Скопје, на студиската програма Германски јазик и книжевност (наставна насока), со средна оценка 10,00.

7. **Тамара Митева**, дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Мехатроника, со средна оценка 10,00.

8. **Марко Костовски,** дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Општа медицина, со средна оценка 9,97**.**

9. **Божин Трпевски**, дипломирал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, со средна оценка 9,95.

10. **Никола Јовановиќ**, дипломирал на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на студиската програма Магистер по фармација, со средна оценка 9,93.

11. **Леарт Таравари**, дипломирал на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока, со средна оценка 9,90.

12. **Викторија Спасовска,** дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на студиската програма Правни студии, **со средна оценка 9,88**.

13. **Доминика Робе,** дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на студиската програма Пијано, со средна оценка 9,82.

14. **Ангела Стојановска,** дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на студиската програма Драмски актери, со средна оценка 9,81.

15. **Викторија Дамјаноска**, дипломирала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студиската програма Туризам, со средна оценка 9,81.

16. **Дарко Каланоски,** дипломирал на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на студиската програма Физичко и здравствено образование, со средна оценка 9,75.

17. **Елеонора Накевска,** дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на студиската програма Графика – графички дизајн, со средна оценка 9,71.

18. **Јовица Грковски,** дипломирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на студиската програма Металургија и метални материјали, со средна оценка 9,70.

19. **Туба Салиу,** дипломирал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на студиската програма Одделенска настава, **со средна оценка 9,70.**

20. **Имране Белури,** дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на студиската програма Доктор по дентална медицина, со средна оценка 9,51.

21. **Марија Стерјовска**, дипломирала на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиската програма Озеленување и унапредување на животната средина, со средна оценка 9,47.

22. **Фатон Калиси,** дипломирал на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер, со средна оценка 9,38.

23. **Елена Томеска,** дипломирала на Архитектонскиот факултет во Скопје, на студиската програма Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, со средна оценка 9,11.

На 18.6.2018 година, на свечен начин, доделени се пофалници и награди на најдобро дипломираните студенти во учебната 2016/2017 година, и тоа на:

1. **Андријана Коруновска,** дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на студиската програма Односи со јавноста, **со средна оценка 10,00.**

2. **Виктор Јаневски,** дипломирал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на студиската програма Компјутерски науки и инженерство, **со средна оценка 10,00.**

3. **Ерблир Браими**, дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, на студиската програма Безбедност, одбрана и мир, **со средна оценка 10,00.**

4. **Мартин Стојчевски,** дипломирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на студиската програма Дизајн и менаџмент на технолошки производи, **со средна оценка 10,00.**

5. **Динко Стипаничев,** дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на студиската програма Контрабас, **со средна оценка 9,97.**

6. **Александар Ѓерасимовски,** дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Термичко инженерство, **со средна оценка 9,95.**

7. **Стефан Аговски**, дипломирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија, **со средна оценка 9,95.**

8. **Ѓунтер Мерџан,** дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Економија, **со средна оценка 9,94.**

9. **Љиндита Бакиу**, дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на студиската програма Преведување и толкување (албански јазик-мајчин), со средна оценка 9,94.

10. **Билјана Митреска,** дипломирала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студиската програма Теориска физика, **со средна оценка 9,93.**

11. **Биљана Петковска,** дипломирала на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охрдиски” во Скопје, на студиската програма Библиотекарство, **со средна оценка 9,92.**

12. **Ивана Петровска,** дипломирала на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма Геодезија, **со средна оценка 9,90.**

13. **Мирјана Трпковска,** дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Сјкопје, на студиската програма Драмски актери, **со средна оценка 9,86.**

14. **Дамјан Ѓоргиевски,** дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на студиската програма Графика-графички дизајн, **со средна оценка 9,85.**

15. **Ангелина Стаматоска,** дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, **со средна оценка 9,87.**

16. **Невенка Ридова,** дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Општа медицина, **со средна оценка 9,76.**

17. **Александра Зафировска,** дипломирала на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на студиската програма Магистер по фармација, **со средна оценка 9,75.**

18. **Ана Јакимовска,** дипломирала на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на студиската програма Физичко и здравствено образование, **со средна оценка 9,52.**

19. **Христина Божинова,** дипломирала на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиската програма Шумарство, **со средна оценка 9,30.**

20. **Андреа Велеска,** дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на студиската програма Доктор по дентална медицина, **со средна оценка 9,28.**

21. **Есра Иљази,** дипломирала на Архитектонскиот факултет во Скопје, на студиската програма Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, **со средна оценка 9,24.**

22. **Андреј Николовски,** дипломирал на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Дизајн на мебел и ентериер, **со средна оценка 9,03.**

23. **Трајче Јанков,** дипломирал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски” во Скопје, општа теологија, **со средна оценка 9,00.**

## Награда „26 јули – Франк Манинг“

На 8 јуни 2018 година, во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јубилејно, по 40. пат беше доделена наградата „26 јули“ на осуммина најдобри студенти, од средствата од Фондацијата „Франк Манинг“.

Од 1980 година, оваа награда традиционално се доделува секоја година на студенти кои покажуваат особени резултати од шест факултети од областа на општествените науки, архитектурата и уметностите.

Во учебната 2017/2018 година, ректорот на Универзитетот, проф. д-р Никола Јанкуловски, им ја врачи наградата на следниве осум најдобри студенти од Филозофскиот факултет, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Економскиот факултет, Факултетот за музичка уметност и Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје:

**Филозофски факултет**

- *Ивана Хаџиевска (10,00)*
- *Емилија Пешевска (10,00)*

**Филолошки факултет „Блаже Конески“**

- *Сашо Пшенко (10,00)*

**Економски факултет**

- *Илчо Гавриловски (10,00)*

**Факултет за музичка уметност**

- *Лида Алиу (9,93)*

**Правен факултет „Јустинијан Први“**

- *Ирена Тачовска (9,90)*
- *Лејла Тутиќ (9,90)*

**Архитектонски факултет**

- *Христина Мијалчева (9,69)*

На церемонијата на свеченото доделување на наградата присуствуваа и проректорите, како и членовите на Ректорската управа и на Универзитетскиот сенат, а настанот го следеа и претставници на медиумите.

## ПРОМОЦИИ НА ДОКТОРИ НА НАУКИ

На свечен и традиционален начин, организирани се 11 промоции на доктори на науки од различни научни области, на кои се промовирани 235 доктори на науки кои одбраниле докторски дисертации на нашиот Универзитет.

## АКЦЕЛЕРАТОР

На 15 септември о.г., Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во партнерство со четири други партнери, формираше Акцелераторско друштво. Друштвото за инфраструктурна поддршка – деловно-технолошки акцелератор „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ДОО – Скопје, се јави на повикот на Фондот за иновации. Предлог-проектот беше прифатен, а Фондот за иновации му додели на Универзитетот средства за функционирање на акцелераторот.

Универзитетот е место каде што во континуитет се развиваат иновации, кои преку техничко и организационо менторирање ќе можат полесно и поефикасно да се вклопат на меѓународниот пазар. Држејќи чекор со современите движења, Универзитетот на почетокот на оваа година формираше свое трговско друштво – ИНОФЕИТ, за развој и инкубирање на иновации и нивно етаблирање во мали спин-оф компании чија цел е да се зајакнат и пазарно да се позиционираат.

Трговското друштво ИНОФЕИТ, согласно со пропозициите на повикот на Фондот за иновации, е еден од основачите и партнер во Акцелераторското друштво.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со својот диверзитет на научни области кои ги покриваат факултетите и институтите во негов состав, огромниот потенцијал на човечки ресурси во сите научни подрачја, големиот број на лаборатории, како и материјални ресурси со кои располага, во целост ги задоволува сите предуслови за партиципација во акцелератор во кој, ставајќи ги во функција своите капацитети, ќе може најефикасно да придонесе за развој на стартапи, забрзување на нивниот раст и развој и со помош на останатите содружници, нивно меѓународно умрежување и партиципација на глобалниот пазар.

Искуството на партнерите во Друштвото за инфраструктурна поддршка – деловно-технолошкиот акцелератор „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ДОО, несомнено ќе придонесе за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија чии иновативни

потфати, поддржани од страна на акцелераторот, ќе придонесат за нивен побрз раст и развој.

Универзитетот учествува со најголем удел од 30 % во Акцелераторското друштво, во кое содружници се уште 4 компании, кои се, главно, претставништва на странски фирми, и тоа: финансиска компанија (Crimson Capital) чиј удел е 24 %, со огромна експертиза во управување со инвестициски фондови, потоа компанијата „Сид“ (Seed Macedonia), чиј удел е исто така 24 %, потоа со по 11 % учествуваат Фондацијата „Димитар Стамболиев“, која досега има доделено над 200 стипендии на нашиот Универзитет и компанијата PCM – Македонија, која претставува најголема глобална мрежа на фирми кои работаат во над 120 земји и чија експертиза е во сметководствен и даночен консалтинг.

Вкупниот буџет со кој партиципира акцелераторот е 25 % од доделените средства од Фондот за иновации, односно цца 166,000 евра за 36 месеци. Од Фондот за иновации се очекува финансиска поддршка од 500,000 евра.

***ИНОФЕИТ***

Во јануари 2018 година е формирано трговското друштво на УКИМ, ИНОФЕИТ, кое е формирано за да претставува центар за трансфер на технологии. Друштвото е визионерски формирано со цел да делува во поттикнување на трансферот на знаења од универзитетско ниво во реалниот сектор, трансфер и развој на иновации, луѓе и технологии од и во други земји. Центарот за трансфер на технологии ќе работи на градење на тимови и мрежи кои ќе треба да го овозможат трансферот на напредни и софистицирани знаења и технологии во двата правца кон научноистражувачката заедница и кон стопанството.

Во таа насока, ИНОФЕИТ ќе дава помош при комерцијализација на иновациите, управување со интелектуалниот капитал, барање на партнери, технологии, информации и изнаоѓање на купувачи на правата од интелектуална сопственост и сл.

Трансферот на технологија ќе се обезбедува преку: континуиран и осмислен систем на обуки, сместување на фирмите на дадената локација, како и истражување и производство на прототипови на производи.

ИНОФЕИТ во сите наведени процеси презема информтивна, едукативна и советодавна улога.

## *ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА АКАДЕМИЈА ПРИМА*

Интеруниверзитетската Академија Прима е трговско друштво кое УКИМ го основа заедно со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со цел да ги обедини капацитетите на двата универзитета и да придонесе во развој на капацитетите на јавната администрација, но и на вработените во приватниот сектор. Основната дејност на друштвото е усовршување (обука) на вработените во јавниот сектор како дел од нивното континуирано стручно усовршување, но и стручно усовршување (обука) на администрацијата во Република Македонија. Во таа насока, друштвото ќе развива курикулуми за остварување на генерички обуки заради стручно усовршување согласно со рамките за општи компетенции, потоа специјализирани обуки заради стручно оспособување согласно со посебните компетенции; обука на ментори; обуки за административно управување и подготовка за стручниот испит кој е основа за унапредување на административните службеници од категорија Б и подготовка на база на прашања за теоретскиот и практичниот дел на испитот.

Исто така, во рамките на друштвото се предвидени и обуки за јакнење на вештини и капацитети за вработените во јавниот и приватниот сектор кои вршат јавни служби и услуги, како и обуки за запознавање со најдобрите практики за добро управување во соработка со меѓународни институции и експерти и други обуки за потребите на јавните и приватните институции кои имаат потреба од нив.

## *ENTERPRISE EUROPE NETWORK (EEN) ВО МАКЕДОНИЈА – ЕЕН-МАКЕДОНИЈА*

Во извештајниот период 16.9.2017 – 1.10.2018 година, Enterprise Europe Network во Македонија, Конзорциум во состав: Фондација за менаџмент и индустриско истражување и Стопанска комора на Македонија, а координиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, успешно го продолжува проектниот период 2015 – 2020.

Промотивните активности на мрежата Enterprise Europe Network во целост беа реализирани со предвидените во работната програма.

Во извештајниот период, Конзорциумот организираше пет вида на настани, и тоа за: програмите на ЕУ, заштита на интелектуална сопственост, интернационализација на дејноста на претпријатијата, финансирање на МСП-ја и тематски ЕЕН-настани. Организирани беа промотивни настани, инфо-денови, работилници за мали и средни претпријатија, тематски секторски промотивни настани и обуки за мали и средни претпријатија.

Конзорциумот оствари значителна меѓународна комуникација со други партнери од мрежата Enteprise Europe Network. Значителна комуникација за

прашања од стопански интерес беше остварена и со македонските мали и средни претпријатија. Беа остварени и бројни директни средби со клиентите на Конзорциумот: претпријатија, истражувачи и иноватори.

Поддршката на клиентите во интернационализација на дејноста беше обезбедена преку давање на бројни советодавни услуги на полето на финансирање, заштита на интелектуалната сопственост, пристап до ЕУ-програми, барање на партнери за учество во ЕУ-проекти, совети од областа на трансфер на технологии и иновации.

Конзорциумот активно учествуваше на Регионалната конференција за Југоисточна Европа на Enterprise Europe Network (ЕЕН) во Порторож, Словенија. На оваа конференција учество земаа претставници од Европската комисија, Европската агенција за мали и средни претпријатија и претставници на партнерските организации на Enterprise Europe Network од Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија.

Беа организирани бројни меѓународни брокерски настани и компаниски мисии во определени сектори. Конзорциумот ја оствари програмската задача и во областа на давање наменски информативни услуги кон клиентите, како и во делот на обезбедување директни контакти на македонски со странски стопански, научноистражувачки и иновативни субјекти. Конзорциумот активно учествуваше и во многу мрежни активности: годишната ЕЕН-конференција во Талин, Естонија, како и настаните на секторските и тематските групи на ЕЕН.

На 6 ноември 2017 година, претставниците на Enterprise Europe Network во Македонија, од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, заедно со претставник од ЕЕН од Србија, одржаа менторство на персоналот на ЕЕН од Федерацијата на Босна и Херцеговина за начинот на поднесување на извештаи по работните пакети од програмата КОСМЕ, како и начинот на работа на ИТ-алатките на ЕЕН.

Конзорциумот Enterprise Europe Network во Македонија и мрежата на национални контакт-лица на европската програма *Хоризонт 2020*, а во соработка со меѓународниот партнер *BpiFrance* од Франција, успешно организираа настан на кој ги претставија Innovfin-инструментите на европската програма *Хоризонт 2020* за мали и средни претпријатија.

Бројни клиенти добија поддршка за интернационализација на дејноста и за иновации. Беа организирани неколку регионални и локални настани на кои бројни субјекти земаа учество. Преку ЕЕН, македонски компании учествуваа на меѓународни брокерски настани на кои се одржаа повеќе состаноци.

Преку Конзорциумот беа остварени меѓународни договори за научноистражувачки, технолошки и бизнис-партнерства.

Низ бројки:

- клиенти кои добиле поддршка за интернационализација на дејноста и за иновации: 79;
- учесници на локални настани: 489;
- организација или учество на брокерски настани: 23 брокерски настани;
- остварени меѓународни договори за (научноистражувачки, технолошки и бизнис) партнерства: 50.

Во 2018 година, Конзорциумот успешно го продолжува своето работење во новиот проектен период. Конзорциумот ја поднесе апликацијата за Работната програма за 2019 година.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка и интернационалната димензија како приоритет беше вклучена во сите дејности на Универзитетот и претставува еден од клучните фактори во развојот на квалитетот на образованието и науката на Универзитетот. Интернационализацијата зазема примарно место при склучување на програмски договори со ЕУ-програмите и регионот преку стратешка определба на земјите и областите, универзитетите и дисциплините со кои посебно се јакне соработката. Преку интернационализацијата, Универзитетот има за цел да ја зајакне својата положба во регионот, во Европа и во останатите делови на светот. Универзитетот континуирано го јакне своето учество во програмите достапни преку ЕРАЗМУС+ акциите и програмите на ЕУ што се спроведуваат преку ЕАСЕА. Приоритет беше даден на излезната и влезната студентска и академска мобилност, интернационализацијата на наставниот процес, јакнењето на административните капацитети за предизвиците поврзани со интернационализацијата на Универзитетот и активностите во различни регионални, европски и меѓународни мрежи.

## *УЧЕСТВО ВО ЕРАЗМУС+ ПРОГРАМАТА*

Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, има статус на програмска земја во рамки на Еразмус+ програмата и е носител на Еразмус+ повелбата за мобилност за високото образование.

Реализацијата на мобилности на студенти и наставен кадар во рамки на програмата Еразмус+ отвора нови перспективи за Универзитетот како целина и придонесува кон надградување, збогатување и унапредување на неговите студиски програми. Универзитетот цврсто стои зад своите кандидати за мобилност и им нуди техничка, организациска и административна помош и поддршка, а крајна цел е обезбедување најоптимални услови за успешна реализација на предвидените мобилности.

Сите мобилности кои се реализираат во рамките на оваа програма се темелат на неколку клучни столбови: стекнување, надградување, споделување и размена на знаења, вештини и компетенции, како и размена на најдобри практики, надминување на јазичните бариери, зголемување на конкурентноста и негување на културните разлики, толеранцијата и солидарноста.

Со учеството и успешната имплементација на програмата Еразмус+, учесниците во мобилностите, како и УКИМ, како водечка високообразовна

институција во нашата земја, имаат низа придобивки кои влијаат на севкупниот квалитет на институцијата.

## Влијание на програмата ЕРАЗМУС+

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" пристапи кон Еразмус+ со цел да им овозможи на своите студенти и академски кадар да стекнат меѓународно искуство во Европа. Бројот на учесници во Еразмус+ програмата од година во година постојано се зголемува. Учеството во проектот придонесува кон унапредување на организациските и административните капацитети на Универзитетот, поттикнување на соработката со реномирани европски партнери, размена на знаења и трансфер на иновативни решенија во областа на образованието, усвојување на нови методологии, подобрување на квалитетот на студиските програми и зголемување на транспарентноста. На институционално ниво, имплементирањето на овој проект значително придонесе кон унапредување на работата на Одделението за меѓународна соработка, во смисла на обезбедување организациска поддршка на сите излезни и влезни мобилности и креирање на една отворена и стимулирачка академска средина во согласност со ЕУ-одредбите. Во таа насока, успешно функционира мрежата на Еразмус+ координатори преку следење на сите Еразмус+ мобилности.

На универзитетско ниво, забележливи се исклучителни резултати и влијанија, односно процесот на проширување на мрежата на партнерски институции и интензивната соработка со нив значително придонесува кон процесот на интернационализација, со што Универзитетот добива свое заслужено место на глобалната мапа и ја подобрува својата меѓународна видливост. Ова води до подобрување на конкурентноста на самата институција и успешно пласирање и интеграција на нејзините студенти и професори во светот, иницирање на нови соработки, привлекување поголем број на странски студенти и професори и зајакнување на меѓународната размена. Ваквите партнерски мрежи овозможуваат влез на институцијата во бројни меѓународни истражувачки проекти и изнаоѓање заеднички иновативни решенија во областа на образованието. Еразмус+ проектот вгради значајна европска димензија во образовните процеси на нашиот Универзитет, преку подготовка, поддршка и испраќање на наши кандидати во странство, како и прифаќање и интегрирање на странски кандидати на Универзитетот. Ова, несомнено, помогна да се развијат отворени и одржливи врски со сите наши меѓународни партнери.

## ЕРАЗМУС+ мобилности

### *СТУДЕНТИ*

За учебната 2017/2018 година, Националната агенција за европски образовни политики и мобилност му ги додели следниве квоти за мобилност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

- **студенти**: 500 месеци вкупно, односно 450 месеци за студирање и 50 месеци за тренинг/обука;

- **наставен кадар**: 105 дена вкупно, односно 70 дена за наставен ангажман и 35 дена за тренинг/обука.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како водечка високообразовна институција во Република Македонија, во текот на учебната 2017/2018 година номинираше 86 студенти за студии, 13 студенти за летна практика и 15 професори на врвни ЕУ-универзитети, во рамките на однапред потпишаните меѓуинституционални Еразмус+ договори меѓу високообразовните институции и во согласност со Еразмус-универзитетската повелба. Во текот на летниот период од учебната 2017/2018 година, беа планирани мобилности на 10 кандидати во рамките на Еразмус+ компонентата КА103 - студентска практика/стажирање, како и активности во рамките на Акцијата КА107 - меѓународна кредитна мобилност меѓу програмски и партнерски земји.

Во делот на студентската мобилност, по објавениот *Конкурс во рамки на програмата Еразмус+ Акција 1 КА103: Индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар,* факултетите/институтите на УКИМ, во октомври 2017 година, доставија свои ранг-листи со вкупно 122 предложени студенти. Факултетите своите ранг-листи ги темелат врз основа на три утврдени клучни критериуми: академски успех, познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата и мотивација. Од пријавените апликанти, 86 беа финално селектирани и номинирани за реализација на мобилност во времетраење од 5 месеци, во текот на летниот семестар од учебната 2017/2018 година. Еразмус+ студентската мобилност може да трае минимум 3, а максимум 6 месеци. Студискиот престој е покриен со Еразмус+ грант во износ од 450 до 500 евра, зависно од земјата на престој. Програмата Еразмус+ е отворена за кандидати од сите три студиски циклуси, па така во учебната 2017/2018 година беа селектирани 84 студенти на прв циклус студии (98%) и 2 студента на втор циклус студии (2%). Кандидатите имаат право на грант за секој циклус на студии во дадениот лимит од 12 месеци (прв, втор или трет циклус).

Селектираните студенти, во текот на летниот семестар од учебната 2017/2018 година, реализираа студентска мобилност на следниве ЕУ-универзитети:

| ЕРАЗМУС АКЦИЈА 1 | | С Т У Д Е Н Т И | | 2017/2018 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕДЛОЖЕНИ:** | **122** | **ФИНАЛНО СЕЛЕКТИРАНИ И НОМИНИРАНИ:** | | | **86** |
| **ЦИКЛУС НА СТУДИИ:** | | **84 на прв циклус студии** | | **2 на втор циклус студии** | |
| **ПО ФАКУЛТЕТИ:** | | | | | |
| Економски факултет: | 16 | Градежен факултет: | 5 | | |
| Правен факултет „Јустинијан Први“: | 2 | Факултет за земјоделски науки и храна: | 1 | | |
| Филозофски факултет | 6 | Машински факултет: | 5 | | |
| Филолошки факултет „Блаже Конески“: | 10 | Технолошко-металуршки факултет: | 1 | | |
| Факултет за ликовни уметности: | 2 | Медицински факултет: | 19 | | |
| Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија: | 2 | Факултет за физичко образование, спорт и здравје: | 1 | | |
| Фармацевтски факултет: | 5 | Факултет за електротехника и информациски технологии: | 2 | | |
| Факултет за ветеринарна медицина: | 2 | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство: | 7 | | |

**НА СЛЕДНИВЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ДОМАЌИНИ:**

**АВСТРИЈА**

- Универзитет во Грац

**БЕЛГИЈА**

- Универзитет во Гент

**ИТАЛИЈА**

- Универзитет во Фоча
- Универзитет во Аквила

**БУГАРИЈА**

- Медицински универзитет во Пловдив
- Медицински универзитет во Софија
- Универзитет за архитектура, градежно инженерство и геодезија (UACEG) во Софија

| | |
|---|---|
| **ЛИТВАНИЈА**<br>- Универзитет во Вилнус<br>**ПОЛСКА**<br>- Универзитет за технологија во Варшава<br>- Универзитет за технологија во Киелце<br>- Универзитет во Лоџ<br>- Универзитет во Вроцлав<br>- Шлезиски универзитет во Катовице<br>- Јагјелоњски универзитет во Краков<br>**ЧЕШКА**<br>- Карлов универзитет во Прага<br>- Универзитет за технологија во Брно<br>**ШПАНИЈА**<br>Баскиски универзитет во Билбао | **ПОРТУГАЛИЈА**<br>- Политехнички институт во Порто<br>- Универзитет во Мињо<br>**СЛОВЕНИЈА**<br>- Универзитет во Љубљана<br>- Универзитет во Марибор<br>**ТУРЦИЈА**<br>- Универзитет во Истанбул<br>- Универзитет за економија во Измир<br>**ХОЛАНДИЈА**<br>- Фонтис-универзитет за применети науки, Ајндховен<br>**ХРВАТСКА**<br>- Универзитет во Загреб<br>- Универзитет во Сплит<br>- Универзитет во Риека<br>- Универзитет во Осиек |

ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА СО **ЕРАЗМУС+** СТУДЕНТИТЕ

На 15 декември 2017 година беше одржана работилница со Еразмус+ координаторите и номинираните студенти од Универзитетот кои во рамки на Еразмус+ програмата во текот на летниот семестар во учебната 2017/2018 беше предвидено да реализираат мобилност на реномирани универзитети од ЕУ. Ректорот на Универзитетот, проф. д-р Никола Јанкуловски, ги поздрави студентите и им посака успешен престој и резултати во студирањето, нагласувајќи дека нивната мисија како Еразмус + студенти, покрај образовната компонента, е и афирмација на нашето образование и култура. Проректорката проф. Гордана Јосифова Неделковска, во својство на институционален Еразмус+ координатор, исто така се обрати до студентите, искажувајќи ја континуираната поддршка и грижа кон нив за време на студиите во ЕУ. За време на работилницата, на студентите детално им беа објаснети сите права, обврски и административни процедури кои ги налага Еразмус+ програмата.

**OLS –** ОНЛАЈН ЈАЗИЧНО ТЕСТИРАЊЕ

На сите селектирани студенти, пред почетокот на мобилноста им беа доделени лиценци за јазично тестирање – *пред мобилноста* на платформата за спроведување

онлајн јазично тестирање (OLS-Online Language Assessment), која претставува специјализирана лингвистичка алатка развиена од страна на Европската комисија со цел оценување на јазичните компетенции на кандидатите пред започнувањето на мобилноста. Предвиден е и втор тест – *по мобилноста*, со цел да се направи компаративна анализа на резултатите пред и по завршувањето на мобилноста. Сите 86 студенти ги искористија своите лиценци и навремено го завршија првиот јазичен тест, а на 6 од нив чии резултати по првиот контролен тест беа пониски од B1-нивото согласно со *Заедничката европска референтна јазична рамка*, им беа доделени дополнителни лиценци за следење бесплатен онлајн јазичен курс, во текот на целата мобилност, со цел проширување на нивните знаења и подобрување на вториот контролен тест – по мобилноста. Во зависност од земјата на престој и јазикот на кој се изведува наставата, на селектираните кандидати им беа доделени лиценци за следниве јазици:

| РАСПРЕДЕЛБА НА ЛИЦЕНЦИТЕ ПРИ НОМИНИРАЊЕ КАНДИДАТИ ЗА OLS-ТЕСТОТ ЗА ЈАЗИК - ВКУПНО 86 | | | |
|---|---|---|---|
| англиски јазик | 74 | полски јазик | 6 |
| италијански јазик | 1 | француски јазик | 2 |
| германски јазик | 1 | хрватски јазик | 2 |

| РЕЗУЛТАТИ ПО ЗАВРШЕН ПРВ ЈАЗИЧЕН OLS-ТЕСТ - ПРЕД МОБИЛНОСТА СОГЛАСНО СО ЗАЕДНИЧКАТА ЕВРОПСКА РЕФЕРЕНТНА ЈАЗИЧНА РАМКА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| A1: | 1 (1%) | B1: | 9 (11%) | C1: | 36 (42%) |
| A2: | 2 (2%) | B2: | 19 (22%) | C2: | 19 (22%) |

ИСПЛАТА НА ЕРАЗМУС+ СТИПЕНДИИ

Во фазата на аплицирање, сите селектирани Еразмус+ студенти потпишаа договор за грант со кој се регулирани општите услови за реализирање на мобилноста, правата и обврските на студентот, како и начинот на финансирање и исплата.

Исплатата на Еразмус+ стипендијата се реализира во два дела, согласно со должината на престојот на странскиот универзитет. Првиот дел од стипендијата во износ од 70 % од одобрениот месечен грант, согласно со должината и земјата на престој, беше исплатен пред почетокот на мобилноста. Вториот дел или остатокот од реализираниот престој ќе биде исплатен непосредно по враќањето на студентите, односно по доставувањето на побараната документација.

***НАСТАВЕН КАДАР***

Во рамки на мобилностите на наставниот кадар, за учебната 2017/2018 година, факултетите на УКИМ предложија 22 кандидати, при што 15 од нив беа селектирани да реализираат краток Еразмус+ престој во функција на одржување настава/тренинг на некој од предложените ЕУ-универзитети. Од селектирани 15 професори, 10 ќе реализираат Еразмус+ мобилност во функција на одржување настава, а 5 во функција на тренинг.

Селектираниот академски кадар ќе реализира Еразмус+ мобилности на следниве ЕУ-универзитети:

<table>
<tr><th colspan="2">ЕРАЗМУС АКЦИЈА 1</th><th colspan="2">НАСТАВЕН КАДАР</th><th colspan="2">2017/2018</th></tr>
<tr><td>ПРЕДЛОЖЕНИ:</td><td>22</td><td colspan="3">ФИНАЛНО СЕЛЕКТИРАНИ:</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="6">ПО ФАКУЛТЕТИ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Економски факултет:</td><td>1</td><td colspan="2">Градежен факултет:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правен факултет „Јустинијан Први“:</td><td>1</td><td colspan="2">Филолошки факултет „Блаже Конески“:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стоматолошки факултет</td><td>1</td><td colspan="2">Машински факултет:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултет за драмски уметности</td><td>1</td><td colspan="2">Природно-математички факултет:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултет за ликовни уметности:</td><td>1</td><td colspan="2">Медицински факултет:</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија:</td><td>1</td><td colspan="2">Факултет за физичко образование, спорт и здравје:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултет за ветеринарна медицина:</td><td>1</td><td colspan="2">Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство:</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="6">НА СЛЕДНИВЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ДОМАЌИНИ:</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>БУГАРИЈА</u><br>- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново<br>- Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград</td><td colspan="3"><u>ИТАЛИЈА</u><br>- Универзитет во Торино<br>- Академија за ликовни уметности во Мачерата<br>- Универзитет во Фиренца</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **<u>ПОЛСКА</u>**<br>- Институт за политички науки CSWU во Варшава<br>**<u>СЛОВЕНИЈА</u>**<br>- Универзитет во Љубљана<br>**<u>ТУРЦИЈА</u>**<br>- Универзитет во Истанбул | **<u>ХРВАТСКА</u>**<br>- Универзитет во Загреб<br>- Универзитет во Сплит<br>- Универзитет во Риека<br>**<u>ФРАНЦИЈА</u>**<br>- INALCO во Париз |

## Влезни ЕРАЗМУС+ мобилности

### *СТУДЕНТИ*

Во текот на учебната 2017/2018 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како универзитет домаќин, прифати и интегрираше во настава странски Еразмус+ студенти од следниве ЕУ-универзитети:

- *Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Велико Трново, Бугарија*
- *Слободен универзитет во Берлин, Германија*
- *Универзитет во Фиренца, Италија*
- *Универзитет „Адам Мицкиевич" во Познањ, Полска*
- *Универзитет „Матеј Бел" во Банска Бистрица, Словачка*
- *Универзитет во Љубљана, Словенија*
- *Универзитет во Анталија, Турција.*

### *НАСТАВЕН КАДАР*

Во учебната 2017/2018 година, Еразмус+ мобилноста на странски академски кадар е застапена со куси престои за наставен ангажман/тренинг од следниве ЕУ-универзитети:

- *Универзитет Малардален - Вестерос, Шведска*
- *Универзитет за природни науки – Варшава, Полска*
- *Шлезиски универзитет – Катовице, Полска*
- *Универзитет во Вроцлав, Полска*
- *Католички универзитет – Ружомберок, Словачка*
- *Универзитет во Алба Јулија, Романија*
- *Универзитет во Крајова, Романија*
- *Западен универзитет – Темишвар, Романија*

- *Универзитет за музика и изведувачки уметности – Виена, Австрија*
- *Универзитет во Вилнус, Литванија*
- *Универзитет во Истанбул, Турција*
- *Универзитет во Љубљана, Словенија*
- *Национална академија за театарска и филмска уметност – Софија, Бугарија*
- *Тракиски универзитет – Стара Загора, Бугарија*
- *Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ – Благоевград, Бугарија*
- *Универзитет во Острава, Чешка.*

## ЕРАЗМУС+ меѓуинституционални договори

Основен предуслов за размена на студенти и наставен кадар помеѓу две високообразовни институции е потпишан Еразмус+ меѓуинституционален договор. Еразмус+ договорот задолжително содржи информации за: предвидените квоти за размена на студенти/наставен кадар за студирање/тренинг, научна област, рокови за номинирање студенти, јазик на кој се изведува наставата и други корисни информации за учесниците во мобилноста.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” е секогаш отворен за разгледување на нови иницијативи и предлози и активно работи на проширување на листата на партнерски универзитети. Поголемиот дел од овие партнери се реномирани универзитети кои високо котираат на меѓународните ранг-листи во областа на образованието. Досега се потпишани вкупно **291 Еразмус+ договор**.

| Р. БР. | ДРЖАВА | БР. НА ДОГ. | Р.Б Р. | ДРЖАВА | БР. НА ДОГ. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Австрија | 7 | 7. | Естонија | 4 |
| 2. | Белгија | 6 | 8. | Италија | 25 |
| 3. | Бугарија | 25 | 9. | Литванија | 5 |
| 4. | Германија | 18 | 10. | Малта | 1 |
| 5. | Грција | 2 | 11. | Полска | 40 |
| 6. | Португалија | 11 | 12. | Франција | 12 |

| Р. БР. | ДРЖАВА | БР. НА ДОГ. | Р.Б Р. | ДРЖАВА | БР. НА ДОГ. |
|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Романија | 7 | 18. | Холандија | 4 |
| 14. | Словачка | 7 | 19. | Хрватска | 34 |
| 15. | Словенија | 38 | 20. | Чешка | 9 |
| 16. | Турција | 16 | 21. | Шведска | 2 |
| 17. | Унгарија | 7 | 22. | Шпанија | 11 |
| | | | | ВКУПНО: | 291 |

Следува листа на странски универзитети (од програмски и партнерски земји) со кои Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" има склучено Еразмус+ билатерални договори во чии рамки остварува плодна и успешна соработка. Подетални информации за договорите, областите, квотите и времетраењето се наоѓаат на интернет-страницата на Универзитетот (*www.ukim.edu.mk*).

**ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ**

**КА 103**

**АВСТРИЈА**

- Универзитет за музички уметности во Виена
- Универзитет во Салцбург
- Универзитет во Грац
- Универзитет во Леобен
- Универзитет за природни науки – BOKU

**БЕЛГИЈА**

- Универзитет во Гент
- Универзитет „Сент Луј“ во Брисел
- Висока школа „Леонардо да Винчи" во Брисел
- Универзитет во Антверпен

**БУГАРИЈА**

- Медицински универзитет во Софија
- Универзитет „Св. Климент Охридски" во Софија
- Технички универзитет во Софија
- Универзитет за архитектура, градежно инженерство и геодезија во Софија
- Нов бугарски универзитет во Софија
- Бугарска академија на науките во Софија
- Национална академија за театарска и филмска уметност „Кристо Сарафов" во Софија

## ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ

**БУГАРИЈА**

- Државен универзитет за студии по библиотекарство и информациски технологии во Софија
- Медицински универзитет во Пловдив
- Универзитет „Пајсије Хилендарски" во Пловдив
- Универзитет за технологија на храна во Пловдив
- Универзитет „Ангел Канчев" во Русе
- Универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Велико Трново
- Тракиски универзитет во Стара Загора

**ГЕРМАНИЈА**

- Универзитет Сар
- Универзитет во Мајнц
- Универзитет во Хоф
- Универзитет во Гисен
- Универзитет „Рур" во Бохум
- Универзитет за применети науки во Бремен
- Универзитет за технологија во Кемниц
- Универзитет за применети науки во Нирнберг
- Универзитет за применети науки во Отерсберг
- Универзитет за применети науки во Лајпциг
- Универзитет во Јена
- Слободен универзитет во Берлин
- Универзитет за природни науки во Кетен
- Католички универзитет во Келн
- Католички универзитет во Ајхштет

**ГРЦИЈА**

- Универзитет „Македонија" во Солун
- Земјоделски универзитет во Атина

**ЕСТОНИЈА**

- Естонски универзитет за природни науки во Тарту
- Универзитет во Тарту

**ИТАЛИЈА**

- Универзитет „Ла Сапиенца" во Рим
- Универзитет „Тор Вергата" во Рим
- Универзитет во Парма
- Универзитет во Пиза
- Универзитет во Фиренца
- Универзитет во Фоџа
- Универзитет во Терамо
- Универзитет „Алдо Моро" во Бари
- Политехнички универзитет во Торино
- Универзитет во Торино
- Универзитет во Модена, Реџо Емилија
- Универзитет во Милано-Бикока
- Католички универзитет во Милано
- Академија за ликовни уметности во Мачерата
- Универзитет во Павија

## ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ

**ИТАЛИЈА**

- Институт за напредни студии во Павија
- Универзитет во Салерно
- Универзитет „Тор Вергата“ во Рим
- Универзитет во Аквила
- Универзитет „Федерико II” во Неапол

**ЛИТВАНИЈА**

- Универзитет во Вилнус
- Универзитет за здравствени науки во Каунас
- Универзитет „Александрас Стулгинскис“ во Каунас
- Универзитет „Витаутас Магнус“ во Каунас

**МАЛТА**

- Универзитет во Малта

**ПОЛСКА**

- Универзитет во Варшава
- Универзитет за технологија во Варшава
- Варшавски универзитет за природни науки
- Јагјелоњски универзитет во Краков
- Универзитет „Адам Мицкиевич” во Познањ
- Универзитет за технологија во Познањ
- Универзитет „Никола Коперник” во Торун
- Универзитет „Јан Кочановски” во Киелце
- Универзитет за технологија во Киелце
- Шлезиски универзитет во Катовице
- Универзитет во Катовице
- Универзитет во Гдањск
- AGH-универзитет за наука и технологија во Краков
- Универзитет во Лоѓ
- Универзитет во Вроцлав
- Универзитет за природни науки за заштита на животна средина во Вроцлав
- Универзитет во Ополе
- Висока школа во Лублин
- Универзитет за технологија во Бјалисток
- Универзитет „Кардинал Стефан“ во Варшава
- Померански универзитет во Слупск

**ПОРТУГАЛИЈА**

- Универзитет во Лисабон
- Нов универзитет во Лисабон
- Универзитет во Коимбра
- Универзитет „Мињо“ во Брага
- Универзитет во Порто
- Политехнички институт во Порто
- Универзитет во Авеиро

**РОМАНИЈА**

- Универзитет во Букурешт
- Универзитет во Крајова
- Универзитет во Темишвар
- Универзитет во Питешти

## ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ

**РОМАНИЈА**

- Универзитет во Јаши
- Универзитет „Бабеш-Бољаи“ во Клуж-Напока

**СЛОВАЧКА**

- Технички универзитет во Кошице
- Универзитет „Константин Филозоф” во Нитра
- Универзитет „Матеј Бел” во Банска Бистрица
- Универзитет во Жилина
- Католички универзитет во Ружомберок

**СЛОВЕНИЈА**

- Универзитет во Љубљана
- Универзитет во Марибор
- Школа за дрвна технологија во Марибор
- Универзитет во Нова Горица
- Меѓународна школа за општествени и бизнис-студии во Целје
- Колеџ за индустриско инженерство во Целје
- Школа за технологии и системи во Ново Место

**ТУРЦИЈА**

- Универзитет во Истанбул
- Јилдиз технички универзитет во Истанбул
- Једитепе универзитет во Истанбул
- Мармара универзитет во Истанбул
- Универзитет „Сулејман Шах” во Истанбул
- Универзитет во Коџаели
- Технички универзитет на Средниот Исток во Анкара
- Универзитет за економија во Измир
- Селџук универзитет во Конја
- Меѓународен универзитет во Анталија
- Универзитет „Улудаг“ во Бурса

**УНГАРИЈА**

- Универзитет „Панонија“ во Веспрем
- Унгарска академија за танц во Будимпешта
- Универзитет за ветеринарна медицина во Будимпешта
- Универзитет во Сегедин
- Универзитет во Печ
- Универзитет во Дебрецин

**ФРАНЦИЈА**

- Католички институт во Париз
- Универзитет во Париз 13
- Универзитет во Орлеан
- Универзитет во Поатје
- INALCO
- Универзитет „Клермон Оверњ“
- Висока школа за уметности и медиуми во Каен
- Каенски универзитет
- Универзитет „Франш Комте“ во Безансон

<table>
<tr><th colspan="2">ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ</th></tr>
<tr><td><u>ХОЛАНДИЈА</u><br>- Универзитет во Утрехт<br>- Универзитет за применети науки „Фонтис“ во Ајндховен<br>- Еразмус-универзитет во Ротердам<br>- Институт за уметности „АРТез“ во Енсхеде<br><u>ХРВАТСКА</u><br>- Универзитет во Загреб<br>- Универзитет во Сплит<br>- Универзитет во Риека<br>- Универзитет во Осиек<br>- Универзитет во Задар<br>- Универзитет за применети науки во Книн<br>- Колеџ за применети науки во Пула<br>- Висока школа за менаџмент во Вировитица<br>- Универзитет во Вараждин (геотехничко инженерство)<br><u>ЧЕШКА</u><br>- Карлов универзитет во Прага<br>- Универзитет „Масарик“ во Брно<br>- Технолошки универзитет во Брно<br>- Универзитет во Оломоуц</td><td>- Универзитет Западна Бохемија во П’лзењ<br>- Универзитет „Томас Бата” во Злин<br>- Шлески универзитет во Опава<br><u>ШВЕДСКА</u><br>- Универзитет во Стокхолм<br>- Универзитет „Малардален“ во Вастерас<br><u>ШПАНИЈА</u><br>- Политехнички универзитет во Мадрид<br>- Универзитет „Комплутенсе“ во Мадрид<br>- Баскиски универзитет во Билбао<br>- Универзитет во Валенсија<br>- Универзитет „Мигел Хернандез” во Елче<br>- Универзитет во Малага<br>- Универзитет во Гранада<br>- Универзитет во Ла Коруња<br>- Универзитет „Рамон Љуљ“ во Барселона<br>- Универзитет „Ровира и Виргили“ во Тарагона</td></tr>
<tr><th colspan="2">КА 107</th></tr>
<tr><td><u>КОСОВО</u><br>- Универзитет во Приштина (Косовска Митровица) (физичко образование, спорт и здравје)</td><td><u>ЦРНА ГОРА</u><br>- Универзитет на Црна Гора во Подгорица (ликовни уметности)</td></tr>
</table>

| ЛИСТА НА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ СО КОИ УКИМ ИМА ПОТПИШАНО ЕРАЗМУС+ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ | |
|---|---|
| **РУСИЈА**<br>- Државен универзитет „Ломоносов“ во Москва (јазици и филолошки науки)<br>- Национален истражувачки институт „Московски институт за енергетика - MPEI” (електроинженерство) | **СРБИЈА**<br>- Универзитет во Белград (ветеринарна медицина)<br>- Универзитет во Нови Сад (ликовни уметности) |

## Летна студентска ЕРАЗМУС+ практика/стажирање за академската 2017/2018 година

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ (КА 103) на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ распиша Конкурс за доделување стипендии за студенти за реализирање летна студентска практика/стажирање во програмски земји учеснички во програмата Еразмус+ за академската 2017/2018 година.

Конкурсот беше отворен за редовните студенти на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, односно студенти на прв (со завршена најмалку прва година), втор и трет циклус студии. Согласно со правилата, летната студентска практика/стажирањето се реализира во организација, институција или трговско друштво во програмските земји учеснички во Еразмус+ во периодот од јуни до август 2018 година и таа е покриена со грант во износ од 550 до 600 евра месечно во зависност од земјата на престој.

На овој Конкурс, факултетите, односно институтите при УКИМ, во поднесените ранг-листи номинираа вкупно 15 кандидати.

По завршувањето на Конкурсот, Комисијата за евалуација на пријавените кандидати за летна студентска практика/стажирање одржа состанок за разгледување на доставената документација. На овој состанок, Комисијата, согласно со критериумите за селекција, предложи 13 кандидати, од номинираните 15, за реализирање на летна студентска практика/стажирање во академската 2017/2018 година во програмски земји учеснички во програмата Еразмус+.

Во продолжение следува прегледот на кандидатите за реализирање летна студентска практика/стажирање според бројот на номинации по факултети, студискиот циклус и распределеноста по држави.

| ПРЕГЛЕД НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ КАНДИДАТИ НА КОНКУРСОТ ЗА ЛЕТНА СТУДЕНТСКА ПРАКТИКА ЗА АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | БРОЈ НА СТУДЕНТИ | | |
| **Вкупно номинирани** | **15** | | |
| **Вкупно предложени** | **13** | | |
| **Застапеност по факултети на УКИМ** | | | |
| Факултет за ветеринарна медицина | 4 | Економски факултет | 2 |
| Медицински фаултет | 2 | Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 2 |
| Технолошко-металуршки факултет | 1 | Факултет за електротехника и информациски технологии | 1 |
| Факултет за физичко образование, спорт и здравје | 1 | | |
| **Застапеност по циклус на студии** | | | |
| прв циклус на студии | 10 | втор циклус на студии | 3 |
| **Застапеност по земја домаќин** | | | |
| Хрватска | 4 | Турција | 2 |
| Бугарија | 2 | Ирска | 1 |
| Португалија | 2 | Словенија | 1 |

## *РЕГИОНАЛНИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ МРЕЖИ*

Универзитетот активно учествува и во работата и програмските активности на најрелевантните регионални академски мрежи и програми:

- **UNICA** – Network of the Universities from Capitals of Europe (Мрежа на универзитетите од главните градови на Европа)
- **CEEPUS** – Central European Exchange Programme (Средноевропска програма за размена)
- **CEI** – Central European Initiative (Средноевропска иницијатива)
- **EUA** – European University Association (Европска универзитетска асоцијација)

- **IAU** – International Association of Universities (Меѓународна асоцијација на универзитети)
- **EAIE** – European Association for International Education (Европска асоцијација за меѓународно образование)
- **AUF** – Agence Universitaire de la Francophonie (Универзитетска франкофонска агенција)
- **NET/USEE** – Network of SEE Universities (Мрежа на универзитите од земјите од Југоисточна Европа)
- **ERA** – European Research Area (Европска истражувачка мрежа)
- **EIICM** – Европски информативен и иновативен центар
- **IUC** – Интеруниверзитетски центар Дубровник

Универзитетот, исто така, остварува соработка на полето на академската размена и студентската мобилност и во рамките на реномираните меѓународни институции и програми, како што се Конфуциј-институтот, УНЕСКО, Фулбрајтовата програма – САД, DAAD-Германија; NUFFIC-Холандија, CEEPUS и други програми и академски мрежи.

Одделението за меѓународна соработка дава поддршка во процесот на аплицирање пред ЕУ-фондовите и други институции за добивање средства и учество во меѓународни научноистражувачки проекти, главно насочени кон преструктурирање на постојните и за развивање на нови наставни програми, за реформирање на високообразовните структури, универзитетски менаџмент, оцена на квалитетот, како и развивање на специфични знаења и вештини потребни за спроведување на економски и социјални реформи и соработка со индустријата.

## *НОВОПОТПИШАНИ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ 2017- 2018*

- ДЕКЛАРАЦИЈА ОД ТРСТ за регионалната соработка на земјите од Западен Балкан во Европската Унија, потпишана од повеќе од шеесет универзитети
- Универзитет „Софија“, Токио, Јапонија
- Универзитет „Нагасаки“, Нагасаки, Јапонија
- Национален истражувачки универзитет - Московски институт за енергетика, Русија

- Руски државен социјален универзитет, Москва, Русија
- Северо-западен институт за менаџмент при Руската академија за национална економија и јавна администрација, Москва, Русија
- Универзитет во Анкара, Турција
- Универзитет во Истанбул, Турција
- Универзитет Приморска, Копер, Словенија
- Државен универзитет Мичиген, Центар за европски, руски и евроазиски студии, Мичиген, САД
- Државен универзитет Вејн, Детроит, Мичиген, САД
- Универзитет „Аристотел" во Солун, Грција (обновен)
- Универзитет во Саленто, Италија
- Универзитет во Ниш, Србија (обновен)
- Универзитет „Овидиј" во Констанца, Романија
- Масарик универзитет во Брно, Чешка (обновен)
- Универзитет за архитектура, градежништво и геодезија - UACEG, Софија, Бугарија
- Универзитет за национална и светска економија, Софија, Бугарија
- Европска регионална мастер програма за демократија и човекови права во Југоисточна Европа (Универзитет во Болоња, Универзитет во Сараево) – ERMA
- Универзитет во Бихаќ, БиХ
- Договор со Универзитетската агенција за франкофонија (AUF).

### *ОДРЖАНО 27. ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА УНИКА*

Во организација на Универзитетот во Будимпешта, од 16 до 17 ноември 2017 година, ректорот на Универзитетот, проф. д-р Никола Јанкуловски, учествуваше на 27. Генерално собрание на академската мрежа на универзитети на главни градови на Европа - УНИКА со присуство на повеќе од 90 делегати од 38 универзитети од 30

земји, како и учество на семинарот „Социјалната димензија на високото образование и општествената одговорност на универзитетите: искуства и предизвици".

УНИКА во својот состав прифати три нови земји членки: Универзитетот „Карлос III“ во Мадрид, Шпанија, Киевскиот политехнички институт „Игор Сикорски“ во Киев, Украина и Универзитетот во Единбург, Шкотска, Велика Британија, кој по 20 години повторно се врати во мрежата.

### *СВЕЧЕНО ОТВОРЕН ПРВИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР ЗА ФРАНКОФОНИЈА*

На 27 септември 2018 година, по заеднички повеќегодишни заложби, во присуство на претставници од УКИМ и бројни франкофонски организации, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” беше отворен првиот Универзитетски центар за франкофонија, што претставува значаен настан во одржувањето на континуитетот и во унапредувањето на соработката меѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетската агенција за франкофонија. На свеченото отворање со поздравен говор и поддршка се обратија ректорот на Универзитетот, проф. д-р Никола Јанкуловски, г. Мохамед Кетата, директор на Бирото за Централна и Источна Европа при Универзитетската агенција за франкофонија, амбасадорот на Франција во Р Македонија г. Кристијан Тимоние и заменик-министерот на Министерството за образование и наука, г. Петар Атанасов. Центарот ќе овозможува пристап на студентите и професорите од УКИМ до франкофонски ресурси од научните области што ги студираат или проучуваат. Благодарение на информатичката опремата што е обезбедена со поддршка на Универзитетската агенција за франкофонија ќе се овозможи не само истражувачка работа, туку и интеркултурна размена и научен дијалог меѓу франкофоните од повеќе земји преку видеоконференциска врска. Работата на Центарот ќе опфати и организирање семинари и обуки со франкофонски карактер за сите научни профили на нашиот Универзитет кои ќе овозможат споделување на научни вредности и надградување на нивните знаења. Центарот за франкофонија ќе биде наменет за сите студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје заради спроведување франкофонски активности: часови по француски јазик, користење библиотечен фонд и онлајн ресурси на француски јазик, како и истражувања во домените што се застапени во Универзитетот.

## *ОДРЖАН ПРВИОТ РЕКТОРСКИ ФОРУМ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН*

### Науката и високото образование во земјите од Западен Балкан - тековна состојба и перспективи

Од 24 до 25 септември 2018 година се одржа првиот Ректорски форум на земјите од Западен Балкан во организација на Универзитетот во Нови Сад, каде што свое обраќање имаше и ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски.

Како што беше најавено на меѓународната конференција „Патот е целта: соединување, единство и соработка во Југоисточна Европа“, која беше одржана во рамките на Берлинскиот процес кон крајот на мај 2018 година во Рим, на иницијатива на Италијанската академија на науките (*Accademia nazionale dei lincei*), Универзитетот во Нови Сад, од 24 до 25 септември 2018 година, го организираше 1. Ректорски форум на Западен Балкан на тема: „Науката и високото образование во земјите од Западен Балкан - тековни состојби и перспективи“. На форумот, свое излагање имаше и ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски, во рамките на сесијата „Меѓуинституционалната соработка и заедничкото градење капацитети“.

Целта на овој форум беше да се даде увид во проблемите и предизвиците со кои се соочува овој регион во гореспоменатите подрачја, но и потенцијалните, како и високите достигнувања кои честопати се занемаруваат или неосновано се оспоруваат од страна на институции од други делови на Европа и светот. Намерата е и преку самоевалуација да се одреди позицијата на науката и образованието во глобалната средина и заедно да се работи на напредок преку заемно разбирање и почит. Исто така, овој форум имаше за цел да им овозможи на институциите да создадат услови за зајакнување на нивните капацитети во регионот преку интензивирање на мобилноста, заедничко обезбедување опрема и изданија, спроведување на истражувања и развивање на проекти, воведување заеднички студиски програми итн.

Имајќи предвид дека регионот треба целосно да биде интегриран во европските и глобалните трендови, дел од форумот беше посветен и на иницијативите кои беа предложени од страна на другите институции со цел да се поддржи напредокот на науката и високото образование во земјите од Западен Балкан.

На форумот на кој се потпиша заедничка иницијатива за идна соработка, учествуваа ректорите од следниве универзитети: Универзитетот во Љубљана, Универзитетот во Марибор, Универзитетот во Нова Горица, Универзитетот во Приморска, Универзитетот во Загреб, Универзитетот во Сараево, Универзитетот во

Бања Лука, Универзитетот во Тузла, Универзитетот во Мостар, Универзитетот во Зеница, Универзитетот во Белград, Универзитетот во Крагуевац, Универзитетот за уметности во Белград, Универзитетот во Приштина со привремено седиште во Косовска Митровица, Универзитетот во Нови Пазар, Универзитетот „Хасан Приштина“ во Приштина, Универзитетот во Црна Гора, Универзитетот во Тирана, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот во Тетово.

### *МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА*

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во периодот од 15.9.2017 до 30.9.2018 година ги спроведуваше своите активности согласно со својата дејност во рамките на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. Дејноста се одвиваше во следниве насоки:

1. **континуирана грижа за работата на лекторатите по македонски јазик и на универзитетските центри каде што се изведува настава по македонски јазик, литература и култура;**
2. **подготовка, организирање и реализирање на 51. Летна школа во рамките на Семинарот и 45. Меѓународна научна конференција;**
3. **издавачка дејност;**
4. **организирање на наставата по македонски јазик за странските студенти што ќе се запишуваат на УКИМ.**

***1.*** Во учебната 2017/2018 година работеа 8 лекторати по македонски јазик на универзитетите во странство, под управа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Тоа се лекторатите во: Турција (Инстанбул), Унгарија (Будимпешта), Франција (Париз), Полска (Краков и Сосновјец), Чешка (Брно), Романија (Букурешт) и Хрватска (Риека). Македонскиот јазик се изучува уште во десетина други универзитети, и тоа во: Торонто (Канада), Воронеж, Перм, Санкт Петербург (Русија), Љубљана и Марибор (Словенија), Белград, Нови Сад, Ниш (Србија), Загреб (Хрватска) и Познањ (Полска). Работата на лекторатите и центрите беше следена постојано преку извештаите на лекторите и на колегите кои ја изведуваат наставата на соодветните универзитети. Од извештаите се констатира дека скоро во сите центри наставата по македонски јазик се изведува континуирано и со солиден број на студенти. Лекторатите во Букурешт (Романија) и Брно (Чешка Република) сè уште ја немаат започнато својата работа поради објективни причини (поради процедурата околу потпишување на Меморандумот за соработка во рамките на меѓународниот договор меѓу двете

држави). Се надеваме дека во учебната 2018/2019 година ќе започнат со својата работа. Од друга страна, се забележува особен напредок во работата на лекторатот во Истанбул, каде што во оваа учебна година значително е зголемен бројот на часовите по македонски јазик, литература и култура (од 2 часа на 10 часа неделно, со воведување и на дополнителни предмети од областа на македонската култура и од превод). Со тоа е зголемен и бројот на студенти кои го слушаат македонскиот јазик на овој Универзитет. Напредок се забележува и на Универзитетот во Париз, каде што покрај зголемениот број на студенти, успешно е спроведена манифестацијата „Недела на македонскиот јазик, литература и култура“, во организација на лекторот по македонски јазик.

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, постојано ги поддржува и ги поттикнува овие активности, во кои е нужно да земат учество и амбасадите на Република Македонија во соодветните земји како поддршка на активностите на нашиот Универзитет.

**2.** Педесет и првата Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура се одржа од 16.6.2018 до 1.7.2018 година. Летната школа свечено беше отворена на 17.6.2018 година, со обраќањето на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски.

На оваа Летна школа учествуваа 70 стипендисти од 22 земји (Канада, Јужна Кореја, Полска, Романија, Руска Федерација, Италија, Канада, Словенија, Србија, Јапонија, САД, Унгарија, Кина, Естонија, Франција, Хрватска, Германија, Чешка Република, Турција, Бугарија и Шпанија). Учесниците беа предлагани од страна на лекторатите и од центрите каде што се изучуваат македонскиот јазик, литература и култура и по препорака на универзитетски професори. Интересот за учество беше над очекуваниот, но поради определениот капацитет за сместување во Конгресниот центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бројот на учесници мораше да се ограничи. Оваа година на Летната школа учествуваа универзитетски професори, асистенти, докторанди, магистранди од областа на македонистиката, како и преведувачи и студенти кои го изучуваат македонскиот јазик, литература и култура, а дел од нив во своите научни истражувања особено внимание посветуваат на македонистиката.

Учесниците имаа можност да го изучуваат или да го усовршуваат македонскиот јазик преку лекторски вежби. Учесниците беа поделени во лекторски групи според три степени на познавање на македонскиот јазик. Лекторската група за основен почетен степен имаше вкупно 15 семинаристи, а ја водеше м-р Андријана Павлова.

Фокусот на наставата беше свртен кон запознавање со основните јазични структури и оспособување на семинаристите почетници за примена на македонскиот

јазик во различни комуникациски ситуации (запознавање, претставување, давање информации за себе и за други, изразување благодарност, барање/одбивање и сл.).

По завршувањето на наставата, повеќето семинаристи го имаа усвоено јазикот на А2-Б1 рамниште. Во целост, семинаристите покажаа навистина голем интерес и љубов кон македонскиот јазик. Сите семинаристи од оваа група редовно ги посетуваа лекторските вежби, активно се вклучуваа во наставата, а неколкумина од нив, и покрај недоволното познавање на јазикот, следеа и некои од предавањата, вложувајќи максимален напор за што повеќе да разберат и да научат.

Курсот за напреднати почетници (А2) ја предводеше д-р Борче Арсов. Во групата годинава имаше вкупно 13 семинаристи. Сите учесници во групата потекнуваа од земји од словенско говорно подрачје, што придонесе курсот да се одвива со брзо темпо, а за тоа помогна и фактот што дел од групата веќе имаше предзнаења од македонскиот јазик на почетно рамниште. Како главно учебно помагало се користеше учебникот „Божилак“ од Татјана Гочкова-Стојановска и Искра Пановска-Димкова, од кој, во рамките на лекторските вежби, беа поминати речиси 80 %. Дополнително се користеа многу други материјали од други учебници за македонски јазик за странци, како и специјални и оригинални вежби однапред подготвени од страна на лекторот.

Како дополнителни вежби за време на часовите се работеше и на две македонски поп-песни, а во рамките на лекторските вежби на групата ѝ беше презентиран и краткометражен македонски филм. На тој начин, освен македонскиот јазик, на семинаристите им се доближи и македонските музика и филм.

Часовите во рамките на лекторските вежби беа организирани во неколку дела: граматика, слушање и разбирање, зборување и пишување. Семинаристите во текот на Летната школа постојано добиваа домашни задачи, кои успешно ги завршуваа, а работата на часовите секој ден почнуваше со проверка на домашната работа од претходниот ден. Со оглед на тоа што дел од семинаристите од оваа група немаа проблем со разбирање на јазикот, беа поттикнати да присуствуваат и да ги посетуваат предавањата, како и попладневните курсеви по избор.

Интересот на семинаристите за македонскиот јазик, литература и култура беше особено голем, а тоа се забележуваше преку нивната редовност на лекторските вежби, вклученоста во наставата, како и преку напорот и желбата македонскиот јазик да го користат во секоја пригода, не само во текот на лекторските вежби, туку и меѓу себе, во слободното време, надвор од наставата.

Севкупниот впечаток на семинаристите беше позитивен и тие не ги штедеа зборовите за да го изразат своето задоволство од организацијата на Семинарот, како и желбата да присуствуваат на некоја следна летна школа.

Средниот курс (Б1) го водеше м-р Биљана Стојановска, а јазичните вежби ги следеа 10 семинаристи. Најголемиот број од слушателите беа студенти по

лингвистика. Средниот почетен курс го следеше шаренолика група слушатели – и слушатели со словенски мајчин јазик, но и слушатели со несловенски мајчин јазик. Иако тоа на прв поглед изгледаше проблематично, мора да се истакне дека оние со несловенски мајчин јазик претходно изучувале некој друг словенски јазик или токму македонскиот, па така групата од тој аспект беше хомогена.

Средниот курс (Б2) го водеше доц. д-р Марија Паунова, а групата беше составена од професори, предавачи, магистранди и докторанди, како и од студенти по македонски јазик и македонска литература. Наставата, главно, се реализираше според содржините предвидени во учебникот за средно рамниште „Ѕуница“ од Гордана Алексова. Беа користени и содржини од учебниците на Кирил Конески, „Македонски јазик за странци“ (среден курс), Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2000 и учебникот од Роза Тасевска, „Македонски со мака (курс за почетници)“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2007.

За часовите се користеа и вежби што ги составувала лекторката според тековните потреби на курсот и на слушателите, а како дополнување на лекциите од учебникот. Текстовите што се користеа во функција на часовите, главно, не беа од посочените учебници, туку беа публицистички текстови (најчесто интересни извадоци од весници, списанија), потоа белетристички текстови, како и текстови преземени од народната литература, приспособени според афинитетите на слушателите.

Во текот на дванаесетте работни дена во наставата беа опфатени понапредни граматички, пред сè, морфосинтаксички содржини, придружени со јазични, но и со бројни лексички вежби. Задолжително, лекторската настава опфаќаше и комуникациски содржини, дијалози, монолози на одредена тема, како и проверка и развивање на продуктивните вештини (пишување есеи, писма, разгледници и сл.) на македонски јазик.

Напреднатиот курс за јазик го водеше доц. д-р Гордана Алексова, а групата беше составена од 12 до 15 слушатели од неколку земји (Хрватска, Полска, Србија и САД).

Курсот се изведуваше според содржините од прирачникот „Виножито“. Исто така, се работеа лексички и стилистички вежби од стариот учебник за напреднат курс на Семинарот, од проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова. Сите семинаристи во групата одлично го владееја македонскиот јазик, па затоа главниот акцент беше ставен на значенска и стилистичка анализа на работените текстови. Без исклучок, семинаристите покажаа навистина голем интерес и љубов кон македонскиот јазик. Сите семинаристи од оваа група редовно ги посетуваа лекторските вежби, активно се

вклучуваа во наставата, а беа и редовни посетители на предавањата и на курсевите по избор.

Курсот за напреднати преведувачи го реализираше Роза Тасевска. На годинешнава Летна школа, учесниците во оваа група ја преведоа народната приказна *Силјан Штркот*, запишана од Марко Цепенков (во адаптација на Билјана С. Црвенковска и Томе Сиљаноски) и *Мачка во магла и други хаибуни за бубалки, птици и животни* од Владимир Мартиновски на словенечки, на чешки и на полски јазик.

Напреднатиот курс за литература го водеше проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска. Групата беше составена од професори, странски лектори, преведувачи, како и студенти по македонски јазик и македонска литература. Оваа година, групата беше убав спој од зрели/етаблирани македонисти и нови имиња кои својот научен интерес сè повеќе го насочуваат кон изучувањето на македонската литература и даваат свој исклучителен придонес во преведувањето на македонската литература на своите јазици. Оваа година, работата на часовите беше организирана врз пилот-учебникот со читанка „Везилка“ (како скрипта во ПДФ), подготвена за потребите на изучувањето на македонската литература и култура на оваа 51. Летна школа, како и за потребите на изучувањето на македонската литература и култура на универзитетите каде што се изучуваат македонскиот јазик, литература и култура. Семинаристите, кои беа дел од оваа напредна група, работеа на текстовите од читанката и од учебникот. Многу сериозни беа нивните исчитувања на учебникарскиот дел од оваа скрипта. Притоа, треба да се истакне дека сите нивни размислувања, сугестии и предлози ќе бидат земени предвид при изготвувањето на финалната верзија на учебникот „Везилка“, кој треба да се отпечати до крајот на оваа година.

Семинаристите имаа и силен предизвик да преведат / да препеат стихови од тројца најмлади поети кои на една преубава книжевна вечер ги претстави Иван Антоновски. Се работеше за стиховите од песните „Беспаќе“ од Андреј Ал-Асади, „Пропаганда“ од Ива Дамјановски и „Другар Солев, сега и туѓите дворови се црни!“ од Исток Улчар. Овие нивни преводи ќе бидат финализирани до крајот на оваа година, за да можат тие да бидат објавени наредната година (2019) како дел од зборникот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Оваа година, според програмата на Меѓународниот семинар се реализираа предавањата од различни области, од страна на универзитетски професори и истакнати научни работници. Во областа на јазикот, беа реализирани предавањата: *Белешки за јазикот во првата збирка поезија „Земјата и љубовта“ од Блаже Конески*, *Од етнолингвистичките истражувања на македонската културна традиција*, *Македонскиот јазик како наставно средство и наставна содржина* и *За Моби Дик на Огнен Чемерски или може ли преводот да е подобар од оригиналот*. Во делот за

литературата и културата беа претставени предавањата: *Византиската епска поезија и циклусот епски песни за Марко Крале*, *Љубовната лирика на Рацина (90 години од „Стихови и дописки до Раца“)*, *Седмочисленичкиот творечки дух во Охридската архиепископија* и *Поезијата на Блаже Конески преоблечена во тонови*. Исто така, преку предавањата беше претставена и историјата на македонскиот фолклор, а предавањето се однесуваше на пролетните обичаи, празници и верувања во традициската култура кај Македонците. За успешното реализирање на предавањата придонесоа професорите: акад. Витомир Митевски, проф. д-р Људмил Спасов, проф. д-р Лилјана Макријоска, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, проф. д-р Даворин Трпевски, проф. д-р Дмитар Пандев, доц. д-р Гордана Алексова, проф. д-р Ана Мартиновска и проф. д-р Симон Саздов.

Програмата на Меѓународниот семинар беше збогатена и со курсеви по избор, според интересот на учесниците. Курсевите беа поделени на:

1. Курс по лингвистика, на тема: *Македонскиот јазик меѓу традицијата и иновацијата,* а го водеа следниве професори: проф. д-р Марјан Марковиќ, проф. д-р Илија Велев, проф. д-р Томислав Треневски, проф. д-р Елка Јачева-Улчар, проф. д-р Искра Пановска-Димкова, проф. д-р Симона Грујовска-Маџовска и проф. д-р Александра Ѓуркова. Во рамките на овој курс се обработуваа теми од областа на граматичките категории кај именскиот и кај глаголскиот систем во рамките на дијалектите и на стандардниот јазик, кодификацијата на македонскиот јазик, правописот на македонскиот јазик, тенденции во зборообразувањето на глаголите во македонскиот јазик, а исто така се обработуваа и некои фонетски и морфосинтаксички особености на македонскиот стандарден јазик и стилските разновидности на лексиката во македонскиот јазик.

2. Курсот по македонска поезија го реализираа: проф. д-р Илија Велев, доц. д-р Трајче Стамески, проф. д-р Владимир Мартиновски, проф. д-р Ана Мартиновска и актерот Ѓорѓи Јолевски. Во рамките на овој курс се обработуваа најразлични теми од средновековното книжевно и културно наследство, теми од областа на културното и духовното наследство на Македонија, македонските книжевни текстови обработени во македонската кинематографија, како и теми од областа на македонскиот фолклор.

3. Оваа година, учесниците имаа можност да присуствуваат на курсот за музички фолкор, за кој имаше преголем интерес, а

курсот беше реализиран од страна на проф. д-р Велика Стојкова Серафимовска.

4. Традиционално беше реализиран и курсот по народни ора од страна на Благоја Јовановски.

Со природните и културните богатства на Охрид, учесниците на Семинарот се запознаа преку посетата на манастирскиот комплекс „Св. Наум“, каде што предавање одржа проф. д-р Ѓоко Ѓоргески и преку теренската настава на лекторските групи низ културно-историските споменици на Охрид.

Оваа година во реализација на предвидените активности на Летната школа беа вклучени повеќе единици на УКИМ, меѓу кои: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Институтот за македонска литература, Филозофскиот факултет, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за музичка уметност, Институтот за фолклор „Марко Цепенков, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“, АКУД „Мирче Ацев“ и Македонската академија на науките и уметностите.

На крајот беше спроведена анкета во која слушателите даваа мислења, сугестии, пофалби и критики. Повеќето од семинаристите беа премногу задоволни од програмата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, а особено од можноста да ги усовршат и да ги збогатат своите знаења од областа на македонистиката.

Во рамките на 51. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, на 16 и 17 јуни се одржа и 45. Меѓународна научна конференција на која учествуваа 41 учесник, од кои голем број странски македонисти и слависти.

Темата на лингвистичката секција беше: „Статусот на македонскиот јазик во и надвор од границите на Република Македонија“, а координатор беше проф. д-р Татјана Гочкова-Стојановска.

Темата на литературната секција беше: „Поетски книжевен тестамент (Кочо Рацин, Блаже Конески и Петре М. Андреевски)“, а координатори беа д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова и д-р Трајче Стамески.

Одржувањето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, како и секоја година, е во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а соодветна финансиска поддршка дава и Министерството за култура на Република Македонија. Семинаристите посебно ја истакнуваат својата благодарност кон Универзитетот што им овозможува извонредни услови за нивно усовршување.

**3.** Во рамките на издавачката дејност на Меѓународниот семинар за македонскиот јазик, литература и култура во учебната 2017/2018 година беше објавена Монографијата по повод 50 години од постоењето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Во тек е печатењето на Зборникот предавања од 50. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, како и Зборникот од 44. Меѓународна научна конференција.

**4 .** Во надлежност на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година се одржа подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик за странски студенти. Во првиот семестар беа запишани 40 студенти, додека во вториот семестар - 20 студенти. Наставата се одвиваше во два семестра, а беше реализирана од страна на професорите при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

## *ИНСТИТУТ „КОНФУЦИЈ“*

Институтот „Конфуциј“ во овој извештаен период презеде низа активности со цел успешно реализирање на наставата по кинески јазик и промовирањето на кинескиот јазик и култура. Особено, се интензивираа академските и меѓународните соработки со институции од земјата и од регионот поврзани со Иницијативата „Еден појас, еден пат“ и Механизмот „16 +1“.

### Настава

Во учебната 2017/2018, Институтот „Конфуциј“ организираше настава за изучување на кинескиот јазик за вкупно 200 слушатели од најразлична возраст, распоредени во 23 групи. Наставата се одвиваше во два семестра, а беше реализирана од страна на пет предавачи обучени и назначени од Централната управа на институтите „Конфуциј“ од НР Кина (Ханбан). Предавачите користеа стандардни учебници и наставни материјали за странски студенти во издание на Ханбан.

Институтот „Конфуциј“, во соработка со Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, од септември 2015 г. започна со реализирање на настава по кинески јазик за административни службеници. Наставата по кинески јазик во овој извештаен период ја посетуваа 65 административни службеници, распоредени во 10 групи. Административните службеници кои ја следеа наставата се вработени во следниве институции: Генерален секретаријат, Министерство за

образование и наука, Министерство за финансии, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Секретаријат за европски прашања, Министерство за одбрана, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање.

Соработката со Меѓународното училиште „НОВА“ продолжи и во оваа учебна година. Во Меѓународното училиште „НОВА“, пак, група ученици го изучуваа кинескиот јазик како изборен предмет во рамките на редовната наставна програма.

Во рамките на редовната настава на Институтот „Конфуциј“, вкупно 12 групи слушатели го изучуваа кинескиот јазик. Почетен курс за кинески јазик следеа 3 групи возрасни слушатели и 3 групи деца, додека, пак, настава по средно ниво на кинески јазик следеа 2 групи на возрасни слушатели и 3 групи на деца. Една група на возрасни слушатели следеше интензивен продолжен курс по кинески јазик.

## Воннаставни активности

Освен реализирање на наставата по кинески јазик, Институтот „Конфуциј“ реализираше програми и организираше настани за промоција и афирмација на кинескиот јазик и култура.

### *Културни настани и манифестации*

Институтот „Конфуциј“ во изминатиот извештаен период организираше низа самостојни настани, но и оствари значајни партнерства со институции од сферата на образованието и културата, со цел промоција на кинескиот јазик, литература, култура и традиција:

- *Одбележување на 4-годишнината од основањето на Институтот „Конфуциј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,* со пригодна свеченост и програма. На свеченоста, свое обраќање имаа ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски, и министерот советник во Амбасадата на НР Кина во Р Македонија, г. Мао Чингвен. Пригодната програма ја подготвија наставниците и курсистите на Институтот „Конфуциј“. Веселата програма ја заокружи дуетот на курсистката и естрадна уметница Сузана Спасовска со кинескиот директор во заминување, проф. д-р Денг Шиџонг. На свеченоста присуствуваа проректорите на УКИМ, декани, директори и сенатори.

- *Светски ден на институтите „Конфуциј“* – на 27 септември 2017 г., со интерактивна програма од отворени часови по кинески јазик, калиграфија, кинески шах, уметничка изработка на хартија и церемонија на чај, како и танц инспириран од традиционалната кинеска мелодија „Долга ноќ“ беше

одбележан овој значаен датум, кој е всушност и роденденот на големиот мудрец Конфуциј. Програмата ја проследија и уживаа во церемонијата на чај ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски, проректорката за финансии, развој и инвестиции, проф. д-р Биљана Ангелова, проректорот за настава, проф. д-р Вујица Живковиќ и проректорката за меѓународна соработка, проф. д-р Гордана Јосифова-Неделковска, како и директорката на НУБ „Св. Климент Охридски“, г-ѓа Сенка Наумовска, кои со своето присуство ја искажаа поддршката за работата на Институтот и активностите кои ги спроведува. Студентите од Економскиот факултет, средношколците од СУ „Јосип Броз-Тито“ беа заинтригирани од кинескиот јазик, калиграфијата, кинескиот шах и изработката на фигури од хартија, додека забавачињата од ЈОУДГ „Снежана“ се забавуваа учејќи кинески јазик и кинески знаци.

- *Фестивал на чај* - на 4 ноември 2017 г., во Џамбо Веро центарот, Институтот „Конфуциј“ зеде учество во оваа манифестација со презентација за историјата и значењето на чајот, изведба на церемонијата за чај и ритуалот на пиење чај. Оваа манифестација е во организација на НВО МРК Дијалог и имаше за цел претставување на различните култури на пиење чај.

- *Промотивен настан за видот, критериумите и условите за стипендии кои ги доделуваат Владата на Народна Република Кина и Централната управа на институтите „Конфуциј“* - на 20 декември 2017 г., во ЦКС-салата во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје се реализираше овој промотивен настан, на кој беа презентирани видот, критериумите и начинот на аплицирање за стипендиите за студирање на сите циклуси на универзитетите во НР Кина. Пред заинтересирани студенти и професори, наставниците од Институтот „Конфуциј“ ги презентираа стипендиите за магистерски студии, едногодишни и семестрални специјалистички обуки во областа на синологијата на универзитетите во НР Кина кои ги обезбедува Централната управа на институтите „Конфуциј“, додека г-ѓа Олга Дуковска-Атов од Министерството за образование и наука ги презентираше стипендиите за сите три циклуси кои ги обезбедува Владата на НР Кина на државните универзитети во Кина.

- *Предавање и презентација* – со цел поинтензивно промовирање и проширување на наставата по кинески јазик и култура во основните и средните училишта во Македонија, на 18 јануари о.г. во Меѓународното училиште QSI во Скопје беа организирани презентации за кинескиот јазик, култура и филозофијата на Конфуциј кои ги реализираа наставниците на Институтот „Конфуциј“. Овие презентации беа проследени со голем интерес од страна на учениците и наставниците.

- *Кинеската традиционална култура и современото кинеско општество* - предавање на проф. д-р Ке Цинг, кое се одржа на 7 февруари 2017 г. во Кинеското катче на НУБ „Св. Климент Охридски“. Проф. д-р Ке Цинг е редовен професор на Универзитетот за странски јазици во Пекинг и раководи со Центарот за балкански истражувања и Механизмот „16+1“. Инаку, овој реномиран универзитет е главниот академски центар за изучување и истражување на странски јазици во НР Кина и има основано дури 27 институтити „Конфуциј“ во светот.

- *Кинеска Нова година* – на 12 февруари 2018 г., Институтот „Конфуциј“, во соработка со Друштвото за македонско-кинеско пријателство (ДМКПС), ја одбележа кинеската Нова година со пригодна свеченост и програма во Градската куќа во Куманово. Ова одбележување е значајно, затоа што за прв пат овој најважен традиционален кинески празник беше одбележан во друг град во Македонија и со тоа кинеско-македонската соработка, како и кинеската култура и јазик се промовираа во друг дел на Македонија. Богатата културна програма беше во изведба на курсистите на Институтот „Конфуциј“, средношколци и основци од училиштата во Куманово, реномирани пејачи и поети, а за прв пат во Куманово се слушнаа и звуците на кинеската цитра. Почесни гости на свеченоста беа градоначалникот на Општина Куманово, г. Максим Димитриевски, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски и г. Мао Чингвен, советник во Амбасадата на НР Кина. Богатата културна програма и свеченото одбележување ги проследија над 300 гости од Скопје и Куманово. Настанот имаше и опсежна медиумска покриеност.

- *Свечено отворање на Центарот за одржување на стандардните испити по кинесеки јазик* – на 26 април 2018 г., со пригодна свеченост беше отворен Центарот за одржување на стандардните испити по кинесеки јазик. Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и проф. д-р Оу Бинг, потпретседател на Универзитетскиот совет на партнерскиот универзитет Југозападен универзитет за финансии и економија во Ченгду, се обратија и потоа формално го отворија Центарот кој ќе работи во рамките на Институтот „Конфуциј“. Во овој лиценциран Центар, македонските студенти ќе можат да се стекнат со објективна оценка и меѓународно признат сертификат за познавање на кинескиот јазик.

- *„Кинески мост“ - државен квалификациски натпревар по кинески јазик* – на 12 мај 2018 г., Институтот „Конфуциј“ по трет пат го организираше државниот квалификациски натпревар за учество на меѓународниот натпревар за утврдување на познавањето на кинескиот јазик „Кинески

мост“. Квалификацискиот натпревар, кој се одржа во холот на НУБ „Св. Климент Охридски“, се состоеше од три дела: писмен тест, монолог на кинески јазик и изведба на класични кинески уметнички форми како кунгфу, калиграфија, изработка на јазли, сечење хартија, танц, свирење на кинески инструмент итн. Вториот и трет дел кандидатите ги изведоа пред стручното жири. Проф. д-р Биљана Ангелова, проректор за инвестиции, финансии и развој, и министерот советник од Амбасадата на НР Кина во Р Македонија, г. Мао Чингвен, ги доделија потврдите и пофалниците на учесниците на натпреварот. На 15 мај, ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски ги прими првопласираните Ана Манова и Маја Стојковска, им ги врачи дипломите и им посака успех на финалето на „Кинскиот мост“, кое се одржа во јули во Чангша, НР Кина.

- *Летен камп.* На 30 јуни 2018 г., 15 курсисти од Институтот „Конфуциј“ заминаа во НР Кина со цел да земат учество во летниот камп организиран од партнерскиот универзитет Југозападен универзитет за финансии и економија од Ченгду, во периодот од 1 до 15 јули 2018 г. Во рамките на кампот, курсистите посетуваа предавања за кинеската економија, традиционална култура и уметност, современо општество и цивилизација. Освен предавањата, курсистите во попладневните часови ги посетија културно-историските знаменитости во околината на Ченгду. По завршувањето на летниот камп, групата студенти замина во Пекинг, каде што со свој настап ја претставија Македонија на собирот на учесниците на летните кампови од земјите опфатени со Иницијативата „16+1“.

- *Празникот на средината на есента* – на 24 септември 2018 г., во Музејот на современа уметност, во вечерните часови, пригодно се одбележа празникот. На чествувањето на овој втор најзначаен кинески трдиционален празник се обрати министерот за култура, г. Асаф Адеми, и амбасадорот на НР Кина, Н.Е. Јин Лишјан. Свое обраќање имаа и директорите на Институтот „Конфуциј“, проф. д-р Влатко Стоилков и проф. д-р Лијао Веј. Наставниците од Институтот ги анимираа присутните со кинеска калиграфија, уметничко сечење на хартија и елегантна церемонија за чај. Редовните соработници на Институтот „Конфуциј“, Здружението ЈИН – ЈАНГ ја претставија хармонијата и смиреноста на таи чи чуанот. Ова чествување беше реализирано во соработка со КИНА – ЗЦИЕ координативниот центар за културна соработка и Амбасадата на НР Кина.

***<u>Меѓународна соработка и конференции</u>***

Со цел да се унапреди работата на Институтот во сферата на истражувањето и реализирањето на заеднички проекти со домашни и странски академски и научни

институции во рамките на платформите „Еден појас – еден пат“ и Механизмот „16+1“, во овој извештаен период, освен редовното учество на меѓународни конференции во странство, Институтот „Конфуциј“ во Македонија реализира научна конференција, меѓународен форум и отвори канцеларија на УКИМ – ЈЗУФЕ заедничкиот центар за истражување на Кина и земјите од Централна, Источна Европа и Балканот.

- **3. Меѓународна конференција за Кина и Источна и Централна Европа:** ***Улогата на човечкиот капитал во Иницијативата „Еден појас, еден пат“*** - во периодот 6-7 октомври 2017 година, во Охрид, се одржа 3. Меѓународна конференција за Кина и Источна и Централна Европа со наслов: *Улогата на човечкиот капитал во Иницијативата „Еден појас - еден пат“*, која беше организирана од страна на Институтот „Конфуциј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економскиот факултет и Економскиот институт во Скопје, како и Економскиот факултет и Институтот „Конфуциј“ во Љубљана. Конференцијата беше поддржана од партнерските универзитети на УКИМ и Економскиот универзитет во Љубљана, односно Југозападниот универзитет за финансии и економија од Ченгду и Универзитетот за меѓународен бизнис и економија од Шангај. Особено значајна за легитимитетот и реномето на конференцијата беше поддршката на Кинеската академија за општествени науки преку Институтот за европски студии и мрежата на 16+1 Кина – ЦИЕ тинк-танкови. Конференцијата се одржа во хотелот „Метропол“ во Охрид.

Конференцијата во целост беше финансиски поддржана од Централната управа на институтите „Конфуциј“ од Пекинг, НР Кина. Спонзори на конференцијата беа винаријата „Тиквеш“, „Мама’с“ и „Офисплус“.

Отворањето на конференцијата и паралелните сесии, каде што беа претставени најновите истражување во сферата на Кина и ЦИЕ, беа проследени од 80 регистрирани учесници од земјата и од странство.

Конференцијата ја отвори претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов. На отворањето се обратија ректорот на УКИМ, проф. д-р Никола Јанкуловски, проректорката за финансии и инвестиции, проф. д-р Биљана Ангелова, деканката на Економскиот факултет во Љубљана, проф. д-р Метка Текавчич и директорката на Институтот „Конфуциј“ во Љубљана, м-р Данијела Вољч.

По завршувањето на свеченото отворање следеа пленарните говори на проф. д-р Чен Шин од Кинеската академија за општествени науки, д-р Хауард Дејвис од Политехничкиот универзитет од Хонгконг и Џејмс Еванс од Фербанкс центарот за кинески студии при Харвард. Специјално

предавање имаше проф. д-р Љубомир Кекеновски од Економскиот факултет во Скопје.

Во попладневните часови започнаа паралелните сесии на кои имаше вкупно 37 презентации од професори, научници и истражувачи од САД, Кина, Русија, Индија, Пакистан, Катар, Грузија, Австралија, Велика Британија, Полска, Унгарија, Романија, Србија, Словенија, Албанија и Македонија.

Презентациите беа групирани во паралелни сесии согласно со пет главни теми: Кина и земјите од Централна и Источна Европа, човечки капитал; јазик и превод; Иницијативата „Еден појас, еден пат“ и нејзините различни димензии; како и бизнис и економија. Во рамките на сесиите кои се однесуваа на Кина и ЦИЕ, на овие општи сесии беа презентирани истражувања за историските врски, економската, трговската и инфраструктурната соработка на поединечните земји од ЦИЕ со Кина во контекст на Механизмот „16+1“. Во сесиите за јазик и превод, осврт се даде на културната размена и дијалог, промоцијата на кинескиот јазик и култура во земјите на ЦИЕ, преводите на кинеската древна, класична и современа литература и наставата по кинески јазик. Сесиите, пак, за Иницијативата и нејзините димензии претставија интересни истражувања за улогата на трговската размена и инвестициите, инфраструктурата и поврзаноста, инклузивниот развој во рамките на Иницијативата и улогата на земјите од ЦИЕ. Сесиите за бизнис и економија, кои привлекоа доста внимание, опфатија презентации за комуникации, маркетинг, претприемаштво, економски раст, инвестиции од Кина, кинескиот модел на развој, одржлив економски развој, иновации и партнерства, како и споредби на начинот на кој потрошувачите донесуваат одлуки во Источна Азија и Источна Европа. Човечкиот капитал како тема донесе истражувања за тоа каков вид на човечки капитал е потребен во рамките на Иницијативата, компаративни студии за развојот на човечкиот капитал, улогата на образованието во градењето на човечкиот капитал, како разбирањето на новите генерации на лидери.

За отворањето на конференцијата и нејзиното значење како прва конференција на тема за Иницијативата „Еден појас, еден пат“ одржана во Македонија известија сите главни медиуми во Република Македонија. Прилог за конференцијата имаше на сите главни вести и информативни програми. Особено важно е што националната информативна агенција на НР Кина, Шинхуа, исто така објави напис за конференцијата на својот портал.

- *Глобална конференција на институтите „Конфуциј“* – во периодот 6-8 декември 2017, ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски ја предводеше делегацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во состав: проф. д-р Биљана Ангелова, проректор за финансии, инвестиции и развој, проф. д-р Лијао Веј и Елена Дамјаноска, на 12. Глобална конференција на институтите „Конфуциј“, која се одржа во Шијан, НР Кина. На овој глобален собир, претставници од сите 500 институти „Конфуциј“ од целиот свет разменуваа искуства и дискутираа за годишната стратегија предложена од Централната управа.

- *УКИМ – ЈЗУФЕ заеднички центар за истражување на Кина и земјите од Централна, Источна Европа и Балканот* – во текот на посетата (8-11.12.2017) на делегацијата предводена од ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски на партнерскиот универзитет во Ченгду, Југозападниот универзитет за финансии и економија (ЈЗУФЕ), на која освен билатералните средби на кои беа потврдените позитивните искуства од досегашната соработка и се разговараше за нови планови и проекти, свечено беше отворен и заедничкиот истражувачки центар. На 8 декември, ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски и проректорот на ЈУЗУФЕ проф. д-р Јин Чингшуанг, на свечена церемонија, го отворија Заедничкиот центар за истражување на Кина и земјите од Централна, Источна Европа и Балканот. Ректорот Јанкуловски и проректорот Јин, во своите засебни обраќања по овој повод, истакнаа дека овој заеднички центар ќе претставува академска платформа, но и платформа за бизнис и стопанско поврзување во рамките на Механизмот „16+1“ и Иницијативата „Еден појас – еден пат“. Тие нагласија дека отворањето на Центарот е резултат на успешната соработка помеѓу двата универзитета и посветеноста за понатамошно продлабочување и зголемување на соработката не само на двата универзитета, туку и на двете земји. Исто така, беа назначени проф. д-р Биљана Ангелова за координатор на Центарот од страна на УКИМ, додека, пак, проф. д-р Цао Деџун да го претставува ЈЗУФЕ. На средбите што следеа беа договорени општите поединости, како што се начинот и опсегот на работа на Центарот, како и обврските и задолженијата на двата партнера.

- *Меѓународен форум* – на 25 април 2018 г., во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“, беше организиран Првиот меѓународен форум за политиката „Еден појас – еден пат“: странските директни инвестиции во Централна, Источна и Југоисточна Европа“. На форумот, 10 професори, истражувачи и експерти од Кина и Македонија ги претставија своите истражувања. Форумот со свои излагања го отворија проректорката за

финансии, инвестиции и развој на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова и потпретседателот на Универзитетскиот совет на партнерскиот универзитет Југозападен универзитет за финансии и економија во Ченгду, проф. д-р Оу Бинг, а го проследија професори, декани и студенти. *Стипендии* – двајца курсисти на Институтот успешно конкурираа и добија стипендии од партнерскиот универзитет Југозападен универзитет за финансии и економија од Ченгду, со цел да го продолжат своето образование на овој реномиран универзитет. Виолета Рендевска доби целосна стипендија за магистерски студии по бизнис, додека Теодор Кондов доби делумна стипендија за додипломски студии по економија.

### *РУСКИ ЦЕНТАР*

Во учебната 2017/2018 година, Рускиот центар при УКИМ продолжи со бесплатните курсеви по руски јазик за граѓаните на Република Македонија. На повикот се пријавија 550 кандидати и сите беа прифатени во програмата. Притоа треба да се забележи дека по завршувањето, а според резултатите од спроведената евалуација, курсистите покажаа интерес за продолжување на изучувањето на рускиот јазик, а во исто време беа и задоволни како од самата иницијатива, така и од начинот на изведување на наставата и од наставниците.

Во периодот од 11 до 17 септември 2017 година, во Варна, Република Бугарија, во организација на Фондацијата „Руски мир“ беше одржан VI меѓународен фестивал „Другари! Прекрасен е нашиот сојуз!“ за студенти русисти. На фестивалот учествуваше и екипа од Рускиот центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во конкуренција од триесетина европски земји, македонската екипа го освои првото место во познавање на творештвото на Александар Сергеевич Пушкин.

Со почетокот на академската 2017/2018 година, во Рускиот центар започна со работа и Групата за двојазична лексикографија (руски-македонски), чија основна цел е поставување на принципите за изработка на идните руско-македонски и македонско-руски речници, утврдување на лексичкиот материјал кој ќе влезе во идниот голем руско-македонски речник, теоретска подготовка за составувачите на речникот, а исто така и утврдување на лексичкиот минимум во рускиот јазик за различни видови речници.

По повод 70 години од наставата по руски јазик во Република Македонија, Рускиот центар при УКИМ организираше теориско-практична конференција „Рускиот јазик, литература и култура во современиот свет“, со три работни секции: лингвистичка; литература и култура; методика и превод. Јубилејот започна со промоцијата на монографијата „Русизмите во македонскиот јазик“ од проф. д-р Нина Чундева, која претставува необјавен труд на авторката одбранет на Филолошкиот

факултет „Блаже Конески", а кој заслужува особено внимание со оглед на неговата комплексност и богатиот лексички материјал што е обработен во него. На конференцијата учество зедоа триесетина научници од земјава и од странство, а материјалите од неа се подготвуваат за печат.

Во октомври 2017 година се навршија и 100 години од Октомвриската револуција, а во врска со тоа, Рускиот центар организираше изложба на фактографи посветени на Октомвриската револуција, а на истата тема беа организирани и пригодни предавања и дебати.

Според досегашната традиција, Рускиот центар секој петок организира различни настани на кои македонските граѓани се запознаваат со руската култура, традиции, историја, уметност и слично.

Во академската 2017/2018 година беа одбележани и следниве јубилеи:

- 17 септември – 160 години од раѓањето на научникот и иноватор К.Е. Циолковски;
- 26 септември – 80 години од раѓањето на писателот В.Н. Војнович;
- 1 октомври – 105 години од раѓањето на историчарот етнолог, географ и писател Л.Н. Гумиљов;
- 8 октомври – 125 години од раѓањето на поетесата М.И. Цветаева;
- 3 ноември – 130 години од раѓањето на поетот С.Ј. Маршак;
- 18 ноември – 90 години од раѓањето на режисерот Е.А. Рјазанов;
- 9 декември – 175 години од раѓањето на револуционерот анархист и научник П.А. Кропоткин;
- 16 декември – 85 години од раѓањето на композиторот Р.К. Шчедрин;
- 27 ноември – 70 години од раѓањето на писателот Г.Б. Остер;
- 22 декември – 80 години од раѓањето на писателот Е.Н. Успенски;
- 10 јануари – 120 години од раѓањето на режисерот Сергеј Ејзенштејн;
- 25 јануари – 80 години од раѓањето на поетот, музичар и актер В.В. Висоцки;
- 28 март – 150 години од раѓањето на писателот Максим Горки;

- 18 април – 110 години од раѓањето на писателот фантастичар Иван Ерофеев.

Покрај наведените настани по повод јубилејните датуми, Рускиот центар организираше и пригодни настани поврзани со празниците Божиќ, Масленица, Денот на космонаутите, Велигден, Денот на победата и нивното прославување според руските традиции.

Во летните месеци (јуни, јули, август и септември), Рускиот центар организираше и курсеви за руски јазик за деца. На повикот се одзваа 50 кандидати кои двапати неделно ги посетуваа часовите, а програмата за нов беше приспособена според нивната возраст.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ И ДРУГИТЕ ФУНКЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Во периодот од септември 2017 до септември 2018 година, Одделението за финансии, инвестиции и развој реализира бројни активности, поврзани со целокупното работење на Ректоратот и единиците на Универзитетот. Во продолжение, доставен е преглед на најзначајните активности:

## *I. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ФУНКЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ*

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2017 година, број 02-252/16, донесена на 27.2.2017 од Сенатот на Универзитетот, и Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 година, број 02-303/45, донесена на 26.2.2018 од Сенатот на Универзитетот, од средствата за интегративните функции реализирани се голем број активности, и тоа во различни области како: научноистражувачки, културни, спортски, информатички, меѓународна соработка, солидарни и други активности.

### **Научноистражувачка дејност**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и во овој период ја продолжи политиката на развој и стимулација на научноистаражувачката дејност. Согласно со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 година, број 02-303/45, најголем дел се издвојува за научноистражувачки активности, и тоа 18 % од вкупниот буџет за финансирање на интегративните функции. За научноистражувачки активности на единиците на Универзитетот, согласно со Програмата, доделени се вкупно 8.993.424.00 денари за научноистражувачките проекти и активности поврзани со науката.

За објавување на трудови во престижни списанија, доделени се средства во износ од 713.424,00 денари, за вкупно 40 професори.

#### ***Научноистражувачки проекти***

Со Одлука на Сенатот на Универзитетот, доделени се средства за 23 научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот (по 200.000.00 денари, или вкупно 4.600.000.00 денари).

***Организирање научни собири, печатење списанија и други активности поврзани со науката***

За оваа намена се потрошени средства во износ од 3.680.000,00 денари, доделени на следниве единици:

1. Факултет за ветеринарна медицина, за организирање на активности по повод јубилејот „90 години ветеринарна наука и едукација“;
2. Економски факултет, за организирање на меѓународна научна конференција по повод 25 години од воспоставувањето на МБА-менаџмент - постдипломски студии, за организација на VII меѓународна летна школа по сметководство и ревизија и за организирање на Меѓународна конференција од областа стратегиски менаџмент на човечки ресурси;
3. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, за организирање на 12. Балкански научен конгрес;
4. Природно-математички факултет, за организирање на 12. Меѓународна конференција на физичари и за организирање на 25. Конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија;
5. Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“, за организирање на Меѓународна научна конференција;
6. Архитектонски факултет, за организирање на Меѓународна летна школа за архитектура;
7. Технолошко-металуршки факултет, за организирање на 8. Меѓународен конгрес на металурзите;
8. Факултет за драмски уметности, за организирање на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2017“;
9. Филозофски факултет, за организирање на меѓународната конференција *Migrant and Refugee Crisis in a Globalized World*, за одржување на Првата национална конференција за византологија и медиевистика „Самоиловата држава – 1000 години, како и за организирање на Меѓународна конференција по повод одбележувањето на 25-годишниот јубилеј од постоењето на Институтот за дефектологија;
10. Факултет за земјоделски науки и храна, за организирање на активностите по повод 70 години од постоењето на Факултетот;

11. Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, за организирање на Осмата балканска конференција за информатика, за организирање на 15. Меѓународна конференција CIIT 2018 и за одржување на јубилејната 10. Меѓународна конференција ICT Innovations 2018;

12. Машински факултет, за организирање на меѓународната конференција „Algebra and Analysis with Application“ и меѓународната конференција GREDIT2018;

13. Филолошки факултет „Блаже Конески“, за организирање на Книжевна работилница од обласста на италијанската книжевност, наменета за докторанди и млади истражувачи;

14. Земјоделски институт, за научен проект за одржување на ген-банката;

15. Институт за национална историја, за проектот „Руските емигранти во Македонија (1920-1940)“;

16. Факултет за ветеринарна медицина, за организирање на 8. Научно-стручен конгрес „Days of veterinary medicine-2018“ и 5. International Vet-Istanbul Group;

17. Факултет за еклектротехника и информациски технологии, за одржување на конференцијата ЕТАИ 2018.

## Културни и спортски активности

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45 од 26.2.2018 година, усвоена од страна на Сенатот на Универзитетот, за спортски и културни активности на единиците на УКИМ се планирани до 3 % од средствата и распределени се вкупно 800,000 денари.

## Капитални инвестиции

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45, за капитални инвестиции се планирани до 12 % од вкупните средства.

Од средствата за капитални инвестиции, во извештајниот период доделени се средства во висина од 3,884,672,00 денари, и тоа на:

1. Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, за реновирање и адаптирање на просторија за сместување на Центар за универзитетска успешност;
2. Економскиот институт, за санирање на последици од поплавата предизвикана од дефект на инсталацијата, како и атмосферски влијанија, со цел да се создадат услови за работа во канцелариите;
3. АКУД „Мирче Ацев“, за набавка на плакари за чување на носиите;
4. финансиски средства за покривање на обврските по судско извршно решение на ЕЛСА-Д, за спор кој Универзитетот го води за Конгресниот центар во Охрид;
5. Институтот за сточарство, за плаќање на дел од фактури за изработка на геодетски елаборати за легализација на објекти кои се сопственост на Универзитетот и во владение на Институтот.

**Други дополнителни активности**

Од средствата наменети за други дополнителни активности, доделени се средства во висина од 5,916,963,00 денари, и тоа на:

1. Правниот факултет „Јустинијан Први“, за активности на студентите за учество на студентскиот тим од Факултетот на меѓународниот натпревар *Philip Jessup*;
2. Машинскиот факултет, за организирање на ОТВОРЕН ДЕН 2018;
3. Факултетот за музичка уметност, за настап на концерти;
4. Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, за организирање на 3. Меѓународна научна конференција „Research in physical educatin, sport and health“;
5. Рускиот центар при УКИМ, за учество на VI меѓународен фестивал на студенти.

**Информатички систем – хардвер и софтвер**

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45, за

информатичкиот систем на УКИМ се планирани до 5 % од вкупните средства. Дел од овие средства во износ од 1.841.070 се распределени на:

1. Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, за редовна надградба на iKnow-системот;

2. Институтот за сточарство, за надградба на постојните компјутерски станици и репарирање на интернет-мрежата.

## Солидарен фонд

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45, за солидарен фонд се планирани до 5 % од вкупните средства, од кои распределени се 7,201,696,00 денари, и тоа на:

1. Факултетот за земјоделски науки и храна, за плаќање на стечајните обврски на Трговското друштво ОПИТНО ПОЛЕ ДООЕЛ;

2. Архитектонскиот факултет и Градежниот факултет, за санирање на штетите на опожарените простории во објектот на факултетите, настанати како последица на пожарот од 9.11.2017 година.

## Студентски стипендии

Во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45, за студентски стипендии и награди се планирани до 5 % од вкупните средства.

Во согласност со Одлуката за доделување стипендии за студенти запишани на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2017/2018 година, на единиците членки на Универзитетот им се префрлени по 123.000,00 денари, на 22 факултета, и на 2 факултета префрлени се по 110.700,00 денари.

Исто така, по основ на оваа намена се обезбедени и средства за набавка на златници кои традиционално се доделуваат за наградување на најдобрите студенти.

Вкупно за стипендии и награди за најдобрите студенти се обезбедени 3.871.872 денари.

## Меѓународна соработка

Универзитетот и оваа година продолжи да ја развива меѓународната соработка. За меѓународна соработка, согласно со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 год., бр. 02-303/45, резервирани се 7 %, од кои дел се распределени, во износ од 2.995.073 денари, и тоа за членарини во UNICA, EUA, AUF, IAU, IUC и за меѓународни активности на единиците членки на УКИМ, на:

- Економскиот факултет, за организирање на меѓународни активности и претставување на Универзитетот во странство, од страна на тим од Факултетот на меѓународниот настан *Moscow International Model WCOPhilip Jessup*;
- Правниот факултет „Јустинијан Први“, за меѓународни активности и претставување на Универзитетот во странство, од страна на тим од Факултетот на меѓународниот настан *Philip Jessup*;
- Правниот факултет „Јустинијан Први“, за меѓународни активности и претставување на Универзитетот во странство, од страна на тим од Факултетот на меѓународен натпревар од областа на инвестиционото право;
- Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, за активности како коорганизатор на 13. Балкански конгрес за едукација и наука.

## Издавачка дејност

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2018 година, број 02-303/45, донесена на 26.2.2018 од Сенатот на Универзитетот, од средствата за интегративните функции за издавачката дејност на Универзитетот се планирани до 5 % од средствата. Дел од нив, во согласност со Програмата, се распределени согласно со Планот за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2018-2019 година, кој е во функција на остварување на програмските определби за развој на Универзитетот во делот на издавачката дејност, како што се:

- развој на е-издаваштвото на Универзитетот;
- финансиска поддршка за покривање на дел од трошоците за издавање на списанија со меѓународен уредувачки одбор;
- финансиска поддршка за покривање на дел од трошоците за издавање на научни/стручни списанија;

- финансиска поддршка за покривање на дел од трошоците за издавање на други изданија согласно со потребите на Универзитетот и единиците (зборници на трудови од конференции, научни собири, трибини и сл.);
- промоција на учебници;
- печатење на учебници и учебни помагала за Семинарот за македонски јазик, литература и култура.

Од средствата кои се на располагање од ставката за издавачка дејност на Универзитетот од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот, 70 % се наменети за е-издаваштво и 30 % за финансиска поддршка за покривање на дел од трошоците за издавање на научни/стручни списанија.

Во извештајниов период, за издавачка дејност се потрошени средства во вкупен износ од 2.438.683,00 денари. Од овие средства, 1.440.683 денари се наменети за електронско издавштво, а 998.000,00 денари се дадени на единиците членки на УКИМ за издавање на списанија со меѓународни уредувачки одбори, како и за национални списанија.

## *II. КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ЗА ИНФОРМАТИЧКИ, КУЛТУРНИ, СПОРТСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ*

Согласно со определбите на Универзитетот за развој на универзитетски спорт, универзитетски културни случувања на студентите и за други намени како средства за студенти со посебни потреби, средства за развој на информатички активности на Универзитетот, за Универзитетско радио и за дејноста на Студентскиот парламент на УКИМ, Универзитетот, во согласност со Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-844/19, изврши распределба на дел од овие средства според намените определени во Правилникот за ИКСА:

- Студентскиот парламент на Универзитетот, до 15 % од вкупно уплатените средства;
- културни активности и манифестации, до 24 % од вкупно уплатените средства;
- спортски активности, до 12 % од вкупно уплатените средства;
- Универзитетското радио, до 1 % од вкупно уплатените средства;

- студентите со посебни потреби, до 3 % од вкупно уплатените средства;
- други активности, до 40 % од вкупно уплатените средства (учество во покривање на материјалните и други трошоци на Универзитетот, капитални трошоци, печатени информативни материјали, организирање на Отворен ден на УКИМ, одржување на спортски сали, студентски конференции и други трошоци на студентите за учество на меѓународни натпревари, конференции и сл.);
- информатички активности, до 5 % од вкупно уплатените средства.

Финансиските средства беа доделувани согласно со пропишаната постапка регулирана во Правилникот за ИКСА бр. 02-844/19, врз основа на Интерен конкурс од 2.12.2017, прифатен од Сенатот.

Согласно со Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности, распределени за овие намени се средства во вкупен износ од 8.974.570,00 денари, и тоа:

- на Студентскиот парламент на УКИМ, за организација на културни активности во текот на академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 64.844,00 ден.;
- на Факултетот за ликовни уметности, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 627.233,00 ден.;
- на Архитектонскиот факултет, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 596.448,00 ден.;
- на АКУД „Мирче Ацев“, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година и по повод патронатот на Универзитетот, доделени се средства во износ од 1.763.619,00 ден.;
- на Студентскиот парламент на Факултетот за електротехника и информациски технологии, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 98.163,00 ден.;
- на Здружението на студенти на Медицинскиот факултет ЕМСА на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 237.641,00 ден.;
- на Факултетот за драмски уметности, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 1.384.222,00 ден.;

- на Факултетот за музичка уметност, за организација на културни активности во академската 2017/2018 година, доделени се средства во износ од 789.813,00 ден.;
- на Машинскиот факултет, за настава по физичко образование, спорт и здравје за нематичните факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделени се средства во износ од 400.000,00 ден.;
- на Филозофскиот факултет, за организација на спортски активности во текот на академската 2017/2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделени се средства во износ од 540.474,00 ден.;
- на Студентскиот парламент, за организација на спортски активности во текот на академската 2017/2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделени се средства во износ од 733.089,00 ден.;
- на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, за организација на спортски активности во текот на академската 2017/2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделени се средства во износ од 1.139.024,00 ден.;
- на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - финансиски средства во износ од 600.000,00 денари за студенти со посебни потреби од средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## *III. ДОМ ЗА ДОКТОРАНДИ „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“ И ЛЕКТОРСКА ЗГРАДА*

Заради остварување на развојните програми во научноистражувачката и наставно-образовната дејност и создавање на наставно-научни и научни кадри за потребите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и пошироко за Републиката, функционира Домот за докторанди „Атанас Близнаков” во Скопје, кој нуди времено сместување на докторанди на нашиот Универзитет.

Согласно со потпишаните билатерални договори со странските универзитети, на Универзитетот функционираат повеќе лекторати по странски јазици. Лекторите се вклучени во наставата на катедрите за странски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Лекторите се сместени во становите во Лекторската зграда во населбата Аеродром во Скопје. Објектот располага со 24 стана, од кои 4 гарсониери, 5 еднособни стана и 15 двособни стана.

Во рамките на финансиските можности на Универзитетот, на двата објекта се врши редовно тековно одржување и инвестирање, но за Лекторската зграда, која е во полоша состојба, потребна е поголема инвестиција за реновирање.

## *IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДОТ 16 СЕПТЕМВРИ 2017 – 1 ОКТОМВРИ 2018 ГОДИНА*

Врз основа на утврдените извори за финансирање, а согласно со член 26 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр. 136/2007,130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14, 130/14, 180/14, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Ректорат, како договорен орган согласно со член 4 од Законот за јавните набавки, донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Општиот поимник за јавни набавки со кој го определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. Планот за вкупните потреби за набавки, односно планот за јавни набавки се донесува до крајот на јануари од тековната година за која се однесува планот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или да го дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Во периодот 16.9. – 31.12.2017 година, Одделението за јавни набавки работеше согласно со планот за јавни набавки за 2017 година, кој е заверен со број 25-96 од 18.1.2017 година, кој во текот на 2017 година имаше две измени, и тоа првата со бр. 25-96/1 од 27.7.2017 година и бр. 25-96/2 од 15.11.2017 година.

За планираните постапки за јавни набавки во 2018 година, се донесе план заверен со бр. 25-64/1 од 9.1.2018 година, кој досега нема измени.

### <u>Краток осврт на активности во периодот 16.9. - 31.12.2017</u>

Во планот за јавни набавки бр. 25-96 од 18.1.2017 година, вклучувајќи ги и измените на планот, предвидени беа 34 постапки за набавка на стоки, 47 за набавка на услуги и 7 за набавка на работи. Календарската година заврши со спроведување на 61 јавна набавка, поништени 8 постапки и склучени 69 договори.

Во наведениот период, Одделението за јавни набавки спроведе 19 (деветнаесет) постапки за јавни набавки, од кои:

- 5 (две) отворени постапки со проценета вредност над 20.000,00 евра во денарска противвредност, без пресметан данок на додадена вредност;
- 19 (деветнаесет) постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 20.000,00 евра во денарска противвредност, без пресметан данок на додадена вредност;
- 1 (една) постапка со објавување на оглас за набавки согласно со член 17, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки;

- 1 (една) постапка со преговарање без објавување на оглас.

Како резултат од спроведените постапки, склучени се 31 (триесет и еден) договор за јавна набавка со вкупна вредност од 11.594.656,00 денари без пресметан данок на додадена вредност, а 4 (четири) постапки се поништени.

## Краток осврт на активности во периодот 1.1. - 1.9.2018

Во планот за јавни набавки бр. 25-64/1 од 9.1.2018 година, предвидени се 34 постапки за набавка на стоки, 49 за набавка на услуги и 2 за набавка на работи.

Во наведениот период, Одделението за јавни набавки спроведе 45 (четириесет и пет) постапки за јавни набавки, од кои:

- 14 (четиринаесет) отворени постапки со проценета вредност над 20.000,00 евра во денарска противвредност, без пресметан данок на додадена вредност;
- 28 (дваесет и осум) постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 20.000,00 евра во денарска противвредност, без пресметан данок на додадена вредност;
- 1 (една) постапка со објавување на оглас за набавки согласно со член 17, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки;
- 2 (две) постапки со преговарање без објавување на оглас.

Како резултат од спроведените постапки, склучени се 58 (педесет и осум) договори за јавна набавка со вкупна вредност од 62.774.412,00 денари без пресметан данок на додадена вредност, а 5 (пет) постапки се поништени.

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ КОМПЈУТЕРСКИ ЦЕНТАР

Универзитетскиот компјутерски центар, кој дејствува како организациона единица во рамките на Ректоратот на Универзитетот, и во изминатиот период првенствено дејствуваше во насока на обезбедување предуслови за нормално, стабилно и ефикасно функционирање на Универзитетската компјутерска мрежа, која претставува комуникациска инфраструктурна претпоставка за достапноста на информатички поддржаните услуги кои ги развива и одржува Универзитетот. Освен тоа, тој дава значајна информатичка и друга техничка поддршка на работењето на телата на Универзитетот, како и стручните служби во рамките на Ректоратот, а исто така и на организационите единици – Институтот „Конфуциј“, Студентското радио, Студент ФМ и Конгресниот центар во Охрид.

Работејќи во отежнати услови поради осипувањето на кадарот – колку за илустрација, Одделението од неодамна работи со 50 % од вработените во однос на истиот период минатата година, УКЦ сепак успеа генерално успешно да одговори на задачите и барањата со кои е задолжен. Сепак, оваа појава има определени негативни последици, пред сè во вид на намалувањето на динамиката со која се реализираат и финализираат планираните активности, но во помала мера и на намалувањето на обемот на активностите кои може и треба да бидат завршени.

Без оглед на тоа, во изминатиот период беше обезбедена висока достапност на услугите на Универзитетот на интернет, со безначајни прекини функционираше интернет-сервисот на Универзитетот кон единиците во неговиот состав кои се поврзани во мрежата, беше гарантирана навремена техничка поддршка на работењето на Универзитетскиот сенат и Ректорската управа, како и комисиите во состав на Универзитетот, а исто така без поголеми проблеми беа завршени и редовните обврски кај службите во Ректоратот. Редовно беше ажурирана и одржувана интернет-страницата на Универзитетот, а беа ажурирани и други портали при министерства и други надворешни државни органи. Навремено беа спроведувани постапките за јавни набавки во кои УКЦ учествува со свои претставници во фазата на изработка на тендерските документи, како и при евалуацијата.

Во делот на проектот за имплементација на Office 365 for Education платформата на Мајкрософт за отворање на кориснички сметки за е-пошта за наставно-научниот и административниот кадар и студентите на УКИМ, извршено е приклучување на уште една членка на Универзитетот во семејството корисници на овој систем – Технолошко-металуршкиот факултет, и притоа е направена миграција на корисниците и нивните електронски поштенски сандачина. За потребите на Медицинскиот факултет, оспособен е сервер и инсталирана и приспособена е софтверска поддршка за издавањето на Македонскиот журнал за медицински науки.

***ОПТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА НА УКИМ***

Со цел обезбедување непречено функционирање на оптичката комуникациска инфраструктура на Универзитетот и создавање на услови за изведување на помали инвестиционо-технички зафати на оптичките и бакарни мрежни разводи, и во изминатиот едногодишен период беше склучен договор за одржување со фирма избрана во постапка за јавна набавка. Постапките за легализација на целокупната оптичка инфраструктура на Универзитетот и нејзино евидентирање во катастарот на подземни инфраструктурни објекти и во изминатиот период беа во фокусот на интересирање на Универзитетот, па во споменатиот договор за одржување беа вклучени и позиции за вршење премер и изработка геодетски елаборати во соодветен електронски облик согласно со барањата на Катастарот. Во таа смисла, во август 2018 година беше започнат премерот и електронското евидентирање на трасите кое треба да заврши до крајот на годината заради запазување на роковите. Со легализацијата на овој инфраструктурен објект, паралелно ќе биде направено и негово електронско внесување во споменатиот електронски катастар.

Еден позначаен градежно-технички зафат беше направен во првата половина на 2018 година на трасата Ректорат – Клинички центар во вид на дислокација на дел од трасата, кое се наметна како неопходна потреба поради започнување на градежни активности на компанијата ЛИМАК ДОО - Скопје на бул. „Македонија“ за изградба на подземна сообраќајница, согласно со деталниот урбанистички план за таа локација. За таа цел, согласно со барањето на компанијата ЛИМАК ДОО - Скопје за дислокација на оптичката инсталација на Универзитетот и по добиените дозволи од Град Скопје, трасата беше преместена по нова рута на бул. „Јордан Мијалков“ со приближна должина од 770 метри. Притоа, на барање на Универзитетот, дислокацијата беше изведена од фирмата која ја одржува оптичката инфраструктура на Универзитетот, а сите трошоци за зафатот беа покриени од ЛИМАК ДОО - Скопје. Согласно со потпишаниот трипартитен договор (УКИМ – ЛИМАК ДОО – МАРСИС ДОО), реализацијата беше извршена во две фази, при што во првата фаза беше поставен нов оптички кабел на новата траса, а во втората, новиот сегмент беше оптички прилепен на постојната траса, со што прекинот на комуникациите по трасата се сведе на помалку од половина час. Извршените мерења по дислокацијата покажаа дека најпрво квалитетот на врските е дури и подобар во однос на оној пред дислокацијата, а освен тоа, по дислокацијата функционираа беспрекорно сите 12 влакна во оптичкиот кабел. Дислокацијата беше завршена во мај о.г.

Во поглед на функционалноста на оптичката мрежа на УКИМ треба да се споменат и 4 настанати повреди кои се случија во изминатиот период, а од кои 3 го засегаат токму дислоцираниот сегмент споменат погоре. Имено, најпрво во јули о.г. беше направен прекин на оптичкиот кабел од страна на ЈП Улици и патишта – Скопје во делот на Урбан парк на бул. „Јордан Мијалков“ при поставување на семафорска

инсталација. Санацијата беше направена во рок од 24 часа, а трошоците ги покри извршителот на повредата кој со својата градежна оператива помогна при отстранувањето на дефектот. Другите две повреди беа направени од страна на ГЕМА инженеринг, обете во месец август, при изведување на градежно-земјени работи во непосредна близина на тротоарот на бул. „Јордан Мијалков“. Тие беа санирани во рок од 24 часа, а трошоците за санациите ги покри извршителот.

Во декември минатата година дојде до прекин на сегмент на оптички кабел кој го поврзува Факултетот за земјоделски науки и храна со Шумарскиот факултет поради дотраеност, кој беше саниран веднаш откако беше детектиран.

Во универзитетската мрежа беше поврзан и Економскиот институт со ставање во функција на веќе воспоставен оптички сегмент кон трасата која води кон Клиничкиот центар. Универзитетот ја обезбеди неопходната опрема (рутер) која беше конфигурирана, поставена во Институтот и поврзана со неговата локална мрежа, со што Институтот беше ослободен од обврската да обезбедува (и плаќа) интернет кај комерцијалните обезбедувачи на интернет-услуги.

## *КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА*

Комисијата за информатичка технологија во изминатиот период одржа само една седница во декември минатата година која беше посветена исклучиво на презентирањето на напредокот во реализацијата на проектот „Ризница на научни и уметнички трудови на УКИМ“. Ова е еден од проектите кои се реализираат во рамките на активноста *Воведување интегриран информациски систем на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*, која е формално поддржана и од Ректорската управа. Ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ претставува електронски заснован репозиториум на научната, уметничка, публицистичка и друга продукција на Универзитетот во дигитална форма, која овозможува алатки за опфат на дигиталните содржини, нивно каталогизирање, пребарување и сл. Со овој проект, УКИМ ќе воспостави систем за евиденција на научниот и уметничкиот опус на вработените, кој видно ќе ја зголеми видливоста на УКИМ во светското рангирање на универзитетите.

Иако софтверското решение е веќе имплементирано, постојат определени организациски аспекти со чијашто реализација системот ќе заживее во целост, а се однесуваат на изготвување на правилник со кој ќе се регулираат видот на содржините кои ќе се евидентираат, начините на кој системот ќе се надополнува, како и како ќе се извршува валидацијата и верификацијата на содржините бидејќи процесот на објавување на содржини во ризницата треба да подлежи на контрола и да ги задоволува стандардите за дигитално архивирање на научни трудови. Во таа смисла, назначени се факултетски администратори, а во овој процес ќе бидат вклучени и

библиотекарите во библиотеките при единиците во состав на УКИМ, чијашто обука треба да следува во претстојниот период.

Покрај ова, од страна на стручна екипа од ФИНКИ беше развиен и имплементиран и системот за единствена најава на Универзитетот со кој на едноставен и безбеден начин од страна на наставно-научниот и административниот кадар и студентите може да се пристапи до електронските услуги на Универзитетот. Расположливите електронски услуги ќе бидат систематизирани и достапни преку порталот https://servisi.ukim.mk, каде што може да се најдат и соодветни упатства за употреба на одделните услуги. Системот за единствена најава во овој момент е интегриран со следниве електронски услуги: системот за електронски студентски сервиси (попознат како iKnow-систем), ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ и EduROAM. EduROAM претставува безжична (Wi-Fi) мрежа која е достапна насекаде во светот, пред сè во едукативните, научните и истражувачките институции, но сè почесто и во јавни простори како музеи, аеродроми и слично.

УКИМ воведе електронска платформа за управување со списанијата кои се издаваат на УКИМ, со која ќе се овозможи подигнување на видливоста на научните списанија, како и олеснување на процесот на електронско издавање.

## *IKNOW-СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ СТУДЕНТСКИ СЕРВИСИ*

Како и во изминатите години, Универзитетот посвети големо внимание на iKnow-системот за електронски студентски сервиси со цел обезбедување услови за негово непречено работење и постојано унапредување. Во таа смисла, во текот на минатата година активностите беа насочени генерално кон тековно одржување на системот и хардверските платформи на кои работи, имплементација на нови функционалности во софтверот, унапредување на употребените технологии, како и интеграција на нови факултети во системот. Имено, заради воведување на нова квота за студенти од еднородителски семејства при уписот 2017/2018, мораше да се програмираат нови алгоритми за рангирање и нови ранг-листи во делот за уписи. Во минатата година интензивно се работеше на интеграција во системот на факултетите кои досега водеа евиденција за своите студенти во други системи (факултетите од медицинските науки и Правниот факултет). Интеграцијата е во завршна фаза, како и миграцијата на податоците од претходните системи, со соодветна обработка на податоците и мапирање на базите на податоци. Во меѓувреме, комплетно беше преработен делот за автентикација на корисниците со нов модул, кој го користи системот за единствена најава споменат понапред.

Се работеше на измена на логиката за пријавување испити, а беше целосно преработен и панелот од менијата за работа на наставниот кадар.

За да овозможи попрегледна и поажурна финансиска евиденција на обврските и плаќањата на студентите кои се однесуваат на процесот на студирање, во изминатиот период беа започнати активности за овозможување на плаќање на обврските на студентите директно во iKnow-системот, со електронски платежни картички. Со јавен повик во дневните гласила беше побарана понуда од банките кои ги исполнуваат условите за обезбедување на ваков вид на услуга и беше избрана банка која понуди најмала провизија по трансакција. Во тек се технички преговори со техничките служби на банката за реализација на услугата.

## *ЈАВНИ НАБАВКИ*

Во изминатиот период беа реализирани две јавни набавки за потребите на Универзитетскиот компјутерски центар. Најпрво, беше финализирана постапката за набавка на дизел-агрегат со што се зголеми автономијата на системите и опремата во Ректоратот на УКИМ во ситуации на губење на електрично напојување на 30-тина часа. На таков начин се гарантира континуитет во обезбедувањето на услугите на Универзитетскиот компјутерски центар како централна точка на универзитетската мрежа.

Покрај оваа, беше реализирана уште една јавна набавка за информатичка опрема. Со оваа набавка се обезбедија преносни сметачи, персонални сметачи и мултифункциски уреди за Ректоратот, за Институтот „Конфуциј“ и за Рускиот центар.

## *ПОДДРШКА ВО РАБОТЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО РЕКТОРАТОТ*

И во изминатиот период, УКЦ во делокругот на своите задолженија обезбедуваше информатичка и друга стручна поддршка на службите во Ректоратот на Универзитетот. Особено значаен е ангажманот кај Одделението за финансии, инвестиции и развој, каде што УКЦ учествува како во одржувањето на воспоставени сопствени софтверски решенија, така и во секојдневното работење и интеракција со електронски сервиси на разни министерства и други државни органи и установи.

Освен тоа, УКЦ како дел од тековното работење ги извршуваше и следниве активности:

1. редовно ажурирање на интернет-страницата на Универзитетот и публикување релевантни содржини на социјалните мрежи;

2. тековно одржување на базичните интернет-сервиси – системот за е-пошта, мејлинг-листите и универзитетскиот репозиториум на документи и сл.;

3. извршување техничка подготовка и публикување на електронските изданија на Универзитетот (Билтен, Универзитетски весник, Универзитетски гласник и др.);

4. поддршка во електронското изготвување на дипломите кои ги издава Универзитетот за сите циклуси на студирање;

5. учество при изготвувањето на техничката документација за спроведување на јавни набавки од делокругот на УКЦ, како и подоцнежна евалуација на понудите;

6. одржување на локалната мрежа во Ректоратот, како и сметачките ресурси.

# ПЕТТА НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА НА УКИМ

По последно спроведената надворешна евалуација на експертскиот тим од Европската универзитетска асоцијација, реализирана во две фази (самоевалуација во периодот јануари – јули 2014 година, по која следеше надворешна евалуација реализирана од експертски тим на ЕУА во периодот септември 2014 - април 2015), на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во периодот од 16 до 20 октомври беше спроведена **петтата надворешна евалуација** од страна на надворешен експертски тим, за периодот 2013/2014 – 2015/2016 година.

Определен од Европската асоцијација на универзитетите, надворешниот експертски тим во состав: Johanna Maria Liljeroos, Тампере, Финска, Borje Lennart Olausson, Аса, Шведска, Georg Schulz, Салцбург, Австрија, Andree Sursock и Janis Vetra, Латвија, во текот на четиридневната посета на Универзитетот, реализираше состаноци со раководството на УКИМ, Комисијата за самоевалуација, дел од Стручната и административна служба на Универзитетот, дел од деканите и продеканите на факултетите, со студенти од прв, втор и трет циклус студии, како и со надворешни партнери. Експертскиот тим оствари посета и на неколку факултети, и тоа: Економскиот факултет, со посета на Библиотеката, Филолошкиот факултет, со посета на лабораториите на Факултетот, Факултетот за музичка уметност и Машинскиот факултет. Пред конечното изготвување на усниот извештај, а со цел да се дополнат и разјаснат претходно дискутирани прашања, ЕУА-тимот уште еднаш се сретна со ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски и претседателот на Комисијата за самоевалуација, проф. д-р Влатко Стоилков.

Јавната презентација на усниот извештај на експертскиот тим се одржа на 20 октомври, во Тркалезната сала во Ректоратот на УКИМ. Во присуство на ректорот, проректорите на Универзитетот, членовите на Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, како и на студентите кои беа дел од интервјуата, беа презентирани првичните наоди и препораки од евалуацијата од страна на експертскиот им на ЕУА.

На едночасовната презентација на наодите и препораките од спроведената надворешна евалуација на Универзитетот, проф. Георг Шулц ги елаборираше првичните оцени за Универзитетот, кои се многу позитивни и ја потврдуваат лидерската позиција на УКИМ, како најдобар универзитет во Република Македонија.

На крајот, тимот им се заблагодари на сите учесници во реализацијата на програмата на посетата на Универзитетот, а ги поздрави постигнувањата на УКИМ од последната реализирана надворешна евалуација, поттикнувајќи го и понатаму да продолжи со развивање на напредните идеи и ставови, со вклучување на сите учесници во процесите на промени.

Од **позитивните оцени** во Извештајот за надворешна евалуација, несомнено може да се воочи напредокот кој го има направено Универзитетот од претходната евалуација, како и цврстата определба за подобрување во многу сегменти, а во продолжение следуваат само дел од најзначајните:

Од последната евалуација, Универзитетот успеа да го подобри соодносот на вработени и студенти, кој се движеше од 1:27 на 1:22, и покрај финансиските ограничувања со поделбата на студенти во помали групи и ангажирање на професори на краткорочно време.

- Тимот позитивно го оценува постојаното ажурирање на студиски програми со цел подобрување на вработливоста на студентите.

- Експертскиот тим целосно го поддржува значителниот напор што се вложува за да се создаде онлајн архива за учебници. Досегашната бројка од педесет учебници со слободен пристап, за кои академскиот кадар ги откажал своите авторски права за паричен надомест од Универзитетот, претставува чекор кон решавање на проблемите, како на пример, проблемот со купување печатени примероци од учебниците на професорите или ставање на студентите во тешки ситуации кога не можат да пристапат до наставниот материјал.

- Исто така, тимот утврди дека Школата за докторски студии претставува значаен прв чекор кон подобрување на докторското образование и дека насоките за методологија и етика се одлични идеи кои станаа дел од стандардната одредба во училиштата низ Европа.

- Надворешниот тим за евалуација го истакна и значајниот развој во зголемувањето на мобилноста на студентите и кадарот и потпишувањето на билатерални договори, како и тоа дека меѓународните активности го содржат важниот интегративен елемент на УКИМ и придонесуваат за внатрешен квалитет и углед на Универзитетот во странство.

- Тимот беше импресиониран од капацитетот на Универзитетот „Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје да работи во рамки на својата ограничена средина и неговиот многу прагматичен пристап во донесувањето одлуки.

- Визионерското лидерство на УКИМ, неговата посветеност и решителност да осигури понатамошен развој на Универзитетот се од суштинско значење за идниот развој на Универзитетот. Добро развиена стратегија, детален акциски план, добро информирани и вклучени студенти, академски кадар кој е обучен во нови педагогии, професионален административен кадар и добри внатрешни процеси за квалитет кои придонесуваат за понатамошен развој.

Во насока на зголемување на квалитетот и подобрување на работата на Универзитетот, во Извештајот се содржани и препораки за понатамошно дејствување, од кои ги издвојуваме следниве:

- **зголемување на ефикасноста со централизација** на некои клучни услуги, како и спроведување заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет;

- **зголемување на интеракцијата меѓу единиците,** поттикнувајќи заеднички истражувачки активности и повторно креирање наставни програми за вклучување заеднички предмети, како и развивање комуникациска стратегија со цел да се гарантира дека УКИМ надвор се смета за еден универзитет;

- **развивање истражувачка стратегија** која би ги поддржала проектите кои имаат потенцијал за привлекување европски и меѓународни средства, кои ќе поттикнат интердисциплинарни истражувања и ќе го користат „интегративниот фонд“ како почетни средства за зајакнување на идентификуваниот потенцијал;

- **посистематско користење на информациите од Iknow-системот,** кој содржи голем потенцијал за анализа на моделите за успех и неуспех на студентите и за развој на соодветни помошни активности;

- **организирање чести дискусии во рамките на единиците** кои ќе доведат до подобро вградување и прифаќање на внатрешното обезбедување квалитет, како и негова промоција како заедничка одговорност на целата универзитетска заедница;

- **развивање критериуми за** одобрување постојни и воведување нови **студиски програми,** како и преиспитување на потребата од зголемениот број на студиски програми;

- во однос на организацијата на докторските студии, тимот препорача **промовирање интердисциплинарност и трансдисциплинарност** преку мешање на студентите од различни дисциплини во двата предмета и мешање на студентите во публиката на годишните студентски семинари.

## УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО „СТУДЕНТ ФМ 92,9“

Универзитетското радио е внатрешна организациона единица во состав на Универзитетот и врши непрофитна радиодифузна дејност. Обезбедува информирање, транспарентност, слободно искажување на мислења и ставови на студентите и вработените за наставно-образовниот процес и за други активности на Универзитетот. Дејноста на Радиото е во согласност со законите кои ја регулираат оваа област и со актите на Универзитетот.

Во текот на извештајниот период, поради ненавремено добивање согласности за ангажирање на лица врз основа на договор за дело за извршување на работи, долг период на фреквенцијата на Универзитетското радио „Студент ФМ 92,9“ не беше емитувана програма.

Ректорската управа, на 226. седница, донесе одлука д-р Јасна Бачовска Недиќ, вонреден професор на наставно-научната област воведни и теоретски правни науки, ангажирана и на студиите по новинарство и студиите по односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“, да ја именува за нов главен и одговорен уредник на Радиото. По добиената согласност од Министерството за финансии за ангажирање на 6 лица, за 2018 година, за извршители во радиото, беа склучени договори за дело.

По усвојувањето на предложената програма за работа и финансиската програма од страна на органите на УКИМ, како и по надминувањето на одредени технички проблеми, Универзитетското радио започна со реализација на усвоената програмска шема.

Почнувајќи од 7 мај сè до 1 октомври, во рамките на програмата на Универзитетското радио „Студент ФМ 92,9“ се емитувани вкупно 125 емисии, од кои 70 од „Разлади се”, 20 од „Разбуди се”, 21 од „Game Room”, 5 од „На терен”, 6 од „Академски четврт”, 1 од „Двоен кадар”, 1 од „Допир” и 1 од „Јас имам права”. Исто така, изработени се и прилози од работата на Универзитетот, неговите единици и внатрешни организациони единици, органите и телата и др.

Во програмските прилози на Универзитетското радио „Студент ФМ 92,9“, исто така имаше и гостувања на декани на факултетите на УКИМ, претставници од АКУД „Мирче Ацев“, претставници од Институтот „Конфуциј“ при УКИМ, бендот *Fiction*, организацијата *Go Green* итн.

# СПОРТ

## *ПЛАНИНАРСКА ТУРА, СПОРТСКА ХУМАНИТАРНА И ЕКОЛОШКА МАНИФЕСТАЦИЈА*

Под покровителство на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски, традиционално по 32. пат по ред, на 27 октомври 2017 година се одржа есенската студентска планинарска тура *Водно 2017 година*.

Организациските активности за планинарската студентска тура ги реализираше Центарот за физичко образование, спорт и здравје при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Повеќе од 2 000 студенти од прва, но и од останатите студиски години од факултетите, како и вработени на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, пристигнаа на Средно Водно, а дел од нив се искачија на врвот на Водно до Милениумскиот крст.

Беше одржан и забавен музички хепенинг со учество на студентите од прва година на Факултетот за музичка уметност.

# ФОНДАЦИИ

## *АТАНАС БЛИЗНАКОФ, ПЕТАР СТАМАТОФ И КОНСТАНТИН СТОЈАНОВ*

Врз основа на статутарните одредби, на одржаните седници на одборите на фондациите беа донесувани одлуки со кои се реализираше волјата на донаторите, така што и во овој извештаен период 2 студента од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје добиваа стипендии по распишаните конкурси на 4.11.2015 година. Стипендиите на студентите на Универзитетот се доделуваат по критериумите студенти со послаба материјално-финансиска состојба, а кои покажуваат високи резултати во студирањето. Стипендиите се во висина од 5.000,00 денари месечно и се исплаќаат десет месеци во учебна година, односно од месец октомври заклучно со месец јули.

Почитувајќи ја волјата на тестаторот Атанас Близнаков, Ректорската управа на Универзитетот, која ги има надлежностите на тогашниот Универзитетски совет споменат во тестаментот, изврши усогласување со неговите одредби во однос на составот на одборот на Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, така што избира четири нови членови на Одборот на Фондацијата и го потврди доживотното членство на три члена.

Почитувајќи го делото на донаторот на Фондацијата „Атанас Близнакоф", во рамките на одбележувањето на 20-годишнината од неговата смрт, беше извршено инвестиционо вложување и беа возобновени плочите на неговиот вечен дом.

Исто така, беа остварени значајни активности со банките во кои се наоѓаат средствата од оставините на Фондацијата „Атанас Близнакоф" и на Фондацијата „Константин Стојанов", со цел да се утврди реалната состојба со финансиите заради утврдување на развојни планови.

Фондацијата „Атанас Близнакоф", согласно со барањата на надлежните од САД, формираше сестринска фондација во Индијана, Соединети Американски Држави, и обезбедени се средства од каматни приноси кои ќе се употребат за финансирање на стипендии за студентите на УКИМ кои покажуваат врвни резултати во студирањето и потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во тек е реактивирање на Фондацијата „Константин Стојанов" со помош на нашата Амбасада во Франција.

# СВЕЧЕНО ЧЕСТВУВАЊЕ НА ПАТРОНИТЕ И 68-ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Традиционално, и оваа година, во чест на патрониот ден и 69-годишнината од основањето, УКИМ подготви посебна свечена програма, во која централните свечени настани во рамките на програмата се одржаа на 21 мај.

Со должна почит и благодарност кон историското, епохалното и мисионерското дело и заветот на сесловенските просветители – светите браќа Кирил и Методиј, чествувањето започна на платото во кампусот на Ректоратот на УКИМ, пред споменикот на вечноста на ликот и делото на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј. Традиционалниот молебен се одржа во соработка и во координација со Македонската православна црква и Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“. Неговото блаженство г. г. Стефан, архиепископот охридски и македонски, чиноначалствуваше со молебенот, а во него, повторно учествуваше хорот на црквата „Св. Богородица“. Веднаш потоа се одржа чинот на положување свежо цвеќе на паметникот на браќата Кирил и Методиј. Повторно годинава, бројни делегации оддадоа достојна чест и заслужено признание на делото на словенските рамноапостоли, и тоа: делегацијата на УКИМ, во чиј состав беа ректорот Јанкуловски и проректорите; потоа делегација на Амбасадата на Руската Федерација, предводена од Н.Е. г. Олег Николаевич Шчербак; делегации на единиците и придружните членки на УКИМ, во чиј состав беа деканите, продеканите и директорите на членките на УКИМ; делегација на студентите на УКИМ; делегација на Институтот „Конфуциј“, составена од кинескиот и македонскиот директор и др. Почит кон нашите патрони со положување на свежо цвеќе оддаде и д-р Фридрих Хербст, професор на Универзитетот „Зигмунд Фројд“ во Виена, Австрија, кому дента му беше доделено звањето почесен професор (professor honoris causa) на УКИМ.

Академските свечености продолжија со чинот на доделување на звањето почесен професор (professor honoris causa) на УКИМ на д-р Фридрих Хербст, професор на Универзитетот „Зигмунд Фројд“ во Виена, Австрија.

Во рамките на свечената програма се одржа традиционалната свечена академија, која оваа година се одржа во Македонската филхармонија. Академијата беше проследена од целата македонска јавност преку директен пренос на првата програма на Македонската радио-телевизија.

На свечената академија, покрај членовите на академската заедница на УКИМ и претставниците на другите јавни и приватни универзитети во државата, присуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, г. Зоран Заев, г. Кочо Анѓушев,

заменик-претседател на Владата, министрите во Владата на РМ: проф. д-р Рената Дескоска, за образование и наука, г. Љупчо Николовски, за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Роберт Алаѓозовски, за култура, бројни високи претставници на дипломатскиот кор, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, акад. Таки Фити, Неговото блаженство г. г. Стефан, архиепископ охридски и македонски, ректори на другите универзитети во државата, поранешни ректори, проректори, видни претставници од банкарскиот и бизнис-секторот во нашата земја и многу други гости и пријатели на УКИМ.

Пригодна беседа на академијата одржаа ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски и претседателот на Владата на Република Македонија, г. Зоран Заев.

Присутните гости во Македонската филхармонија, како и телевизискиот аудиториум на Македонската радио-телевизија, имаа можност да уживаат во богатата уметничка програма на свечената академија во која учествуваа хорот на АКУД „Мирче Ацев“ и Факултетот за музичка уметност.

Исто така, во рамките на свечената програма, следниот ден, АКУД „Мирче Ацев“ одржа целовечерен концерт во Домот на АРМ.

# АКАДЕМСКО КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО „МИРЧЕ АЦЕВ“

Во текот на целиот извештаен период од една година, АКУД „Мирче Ацев“ ја продолжува својата редовна дејност изразена преку ансамблите кои работат во рамките на Друштвото. Академскиот хор и Ансамблот за народни ора и песни, како самостојни ансамбли и независни еден од друг, ја реализираат својата програма на домашната и меѓународната сцена. Во текот на целиот извештаен период се одржуваа редовни проби за изучување на нови програмски постановки, како и за одржување на постојниот репертоар на ансамблите.

## *АКАДЕМСКИ ХОР*

Академскиот хор одржува редовни проби два пати во неделата под диригентско водство на м-р Јасмина Ѓорѓеска. На редовните проби се изучуваат нови композиции и се одржува редовниот репертоар на хорот. Репертоарот на хорот се состои од композиции различни по својот жанр од домашни и странски автори. Посебен акцент во концепцијата на репертоарот на хорот е со осврт на македонското хорско творештво, каде што се застапени авторите Скаловски, Гајдов, Шуплевски и други. Но, покрај негувањето на домашното хорско творештво, на репертоарот се застапени и други композиции, како што се: композиции од духовната музика (спиритуали, католичка и православна духовна музика), композиции од светските мајстори на класичната музика и композиции од странски и домашни современи автори.

Во извештајниов период, Академскиот хор ја продолжи својата редовна дејност, одржувајќи настапи и концерти на домашната и на меѓународната сцена.

Академскиот хор го одбележа почетокот на новата учебна година со настап на Економскиот факултет, на 15.9.2017 година.

На 10.10.2017 година, Академскиот хор настапи на свечено доделување на титулата почесен доктор на науки во Ректоратот, со изведба на химни и пригодна програма.

Академскиот хор одржа два настапа на Економскиот факултет по повод промоција на дипломирани студенти и промоција на магистри на 14 и 16.11.2017 година.

На крајот на секоја година, Академскиот хор одржува годишен целовечерен концерт, кој оваа година се одржа на 20.11.2017 година во Музејот на ВМРО.

Академскиот хор, на 15.12.2017 година, одржа концерт на затворањето на „Музички есенски свечености“ во Кавадарци.

На 17.12.2017 година, Академскиот хор настапи по повод 50 години од Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Македонската филхармонија.

По завршувањето на зимскиот распуст, Академскиот хор во новата година веднаш започна со својата активност и, по покана на организаторот, настапи на најпопуларната манифестација кај нас, „Златна бубамара на популарноста“, на 22.2.2018 година.

На 11.3.2018 година, Академскиот хор беше главен учесник на комеморативниот концерт по повод 75 години од холокаустот на македонските Евреи.

На 16.5.2018 година, Академскиот хор одржа целовечерен концерт по повод јубилеј на Домот на културата „Иљо Антески Смок“ во Тетово.

На 21.5.2018 година, Академскиот хор одржа концерт по повод прославата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во чест на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј во Македонската филхармонија.

На 19.6.2018 година, Академскиот хор настапи по повод промоција на дипломирани студенти на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Македонскиот народен театар.

Во периодот 5.7. - 8.7.2018 година, Академскиот хор учествуваше на Меѓународните хорски свечености во Ниш, Србија, каде што од стручната жири-комисија беше оценето дека хорот изведе многу успешен настап и доби специјална награда – „Најдобро изведена композиција од домашен автор“, а се однесуваше на композицијата „Македонска хуморска“ од Тодор Скаловски.

На 20.9.2018 година, Академскиот хор изведе целовечерен концерт во Домот на културата „Марко Цепенков“ во Прилеп, каде што присутната публика со долготрајни аплаузи го награди хорот за прекрасната изведба на концертот.

## *АНСАМБЛ ЗА НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ*

Ансамблот за народни ора и песни е масовен ансамбл, кој е поделен на повеќе групи според нивната возраст. Детската група е составена од почетници во фолклорот и се на возраст 7-12 години, младинска група на возраст 12-18 години, кои имаат редовен репертоар од неколку кореографии и народни ора и првата постава на Ансамблот над 18-годишна возраст, која е репрезентативна група која го поседува

целокупниот репертоар од традиционални народни ора и песни, стилизирани кореографски постановки. Со секоја група поединечно работат уметнички раководители – Благоја Јованоски, Љубе Јаневски и Владимир Костадинов. Како посебен ансамбл кој настапува самостојно, но главно репертоарот му е поврзан со музичкиот дел на играорниот кор, е Народниот оркестар. Народниот оркестар е составен од млади музичари - инструменталисти. Со Народниот оркестар, кој брои 13 члена, раководи Дарко Дамевски.

На репертоарот на Ансамблот за народни ора и песни се застапени оригинални народни ора, како бисерот на македонскиот фолклор „Тешкото“, ората „Невестинско“, „Чифте чамче“, „Осоговка“, „Тресеница“ и други, потоа кореографски постановки како: сплетовите од Источна Македонија, Повардарие, Долна Преспа, Малешевски сплет ора, Беломорски сплет, Калајџиско и други.

Сите постановки се изведуваат со соодветна народна носија, главно оригинални носии, а еден мал дел се изведуваат со стилизирани носии.

Во текот на извештајниов период, од октомври 2017 до октомври 2018 година, Ансамблот за народни ора и песни има остварено голем број настапи и концерти на домашната, но и на меѓународната сцена.

По повод 13 Ноември се одржа смотра на фолклорните ансамбли на скопскиот регион во Домот на АРМ во Скопје, каде што Ансамблот за народни ора и песни „Мирче Ацев“ се претстави со „Калајџиско оро“.

На 30.11.2017 година, Ансамблот за народни ора и песни одржа целовечерен годишен концерт во Домот на АРМ. На концертот учествуваа сите групи на Ансамблот.

По зимскиот распуст се започна со редовните проби и подготовка и уигрување на кореографиите, по што следеше реализација на првата меѓународна активност со учество на младинскиот состав на Ансамблот на Меѓународниот фолклорен фестивал во Полатли, Анкара, Турција, во периодот од 19 до 25.4.2018 година.

На 30.4.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни настапи на фолклорен фестивал во Сарај, Скопје.

На 8.5.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше како гостин на Смотрата за фолклор на здруженијата на пензионери во Домот на АРМ во Скопје.

На 10.5.2018 година, во Центарот за култура во Општина Ѓорче Петров, Ансамблот настапи на манифестацијата за фолклор на пензионери.

На 11 и 12.5.2018 година, Ансамблот настапи на фолклорниот фестивал „Шкипонија“ во Сарај.

На 19.5.2018 година, Ансамблот настапи на плоштадот „Филип Втори“ во Скопје, на Фестивалот за млади, во организација на невладината организација „ЕСЕ“ од Скопје.

На 22.5.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни одржа целовечерен концерт во Домот на АРМ во Скопје, во рамките на прославата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во чест на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј.

На 27.5.2018 година, детската фолклорна група настапи на верскиот празник „Света Троица“ во дворот на истоимената црква во селото Бардовци.

Во периодот 5.6. - 10.6.2018 година, детската група учествуваше на детски фолклорен фестивал во Кранево, Бугарија.

На 8.6.2018 година, Ансамблот настапи на Светскиот конгрес за геомеханика во хотелот „Александар палас“.

Во периодот 26.6. - 1.7.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше на Меѓународниот фолклорен фестивал во Изник-Бурса, Турција.

Во периодот 28.6. - 2.7.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше на Меѓународниот фолклорен фестивал во Морахалом, Унгарија.

Во периодот од 6 до 8.7.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше на Меѓународниот фестивал за фолклор и народно творештво на православните земји во Милиќи, Босна и Херцеговина.

Во организација на АКУД „Мирче Ацев“, во периодот од 23 до 27.8.2018 година се одржа XXXIX меѓународен студентски фолклорен фестивал.

Во периодот од 2 до 10.9.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше на Меѓународниот фолклорен фестивал во Козјецин, Полска.

На 21 и 22.9.2018 година, Ансамблот за народни ора и песни учествуваше на Балканскиот фолклорен фестивал во Косово Поле, Косово.

Бр. 02-1084/2
27.11.2018 година
Скопје

Врз основа на член 99, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 26. седница одржана на 27.11.2018 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Се усвојува Извештајот на ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 16 септември 2017 година до 30 септември 2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Изготвил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска